# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 октомври 2008 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници, ја отворам 26-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Радмила Шекеринска, Славица Грковска-Лошкова, Владимир Ѓорчев, Лилјана Поповска и Фијат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени се претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на 23 пратеници заради разгледување на Предлогот на резолуцијата за односите на Република Македонија со Косово.

Во меѓувреме како предлагачи на Предлогот на резулуцијата се приклучија уште тројца пратеници.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 75 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаше 1 пратеник.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Процедурално госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Очигледно е дека сите работи во ова Собрание сакате на боксови да ги извадите. Мислам дека и по стариот и по новиот Деловник кога координатор на пратеничка група ќе ви побара збор за процедурална реакција вие сте должни по Деловникот да му дадете. И ова по не знам кој пат го кажувам од оваа говорница, а вие никако да сфатите затоа што сте решиле да работите така и да не почитувате никакво мислење. Но, пред да ја искажам мојата процедурална реакција, почитувани пратеници би сакала да го поздравам враќањето на ДПА во Собранието на Република Македонија. Сметаме дека од денеска опозицискиот блок ќе се зајакне и навистина ќе бидеме продуктивни во работата на ова Собрание. Сметам дека вака Собранието во полн состав и требаше да работи. Во што се состои мојата процедурална забелешка господине претседателе.

Прва забелешка се однесува начинот на кој што е свикана оваа седница. Не минаа две три недели откако се извинувавте пред претставниците на меѓународната заедница и каде што пред сите медиуми кажавте дека ова е последен пат да ни се случува вака по итна постпака да закажувате седница, да свикувате и да донесувате закони. Ова се случи исто така, што значи праксата продложува на ВМРО-ДПМНЕ сега во соработка со другите коалициони партнери. Навистина, не е добро пратениците за текстот на актот по кој што денес треба да расправаат да се запознаваат непосредно пред седницата.

Втората моја процедурална забелешка е секако на непочитување на процедурата при ставањето на оваа точка на денвен ред, процедурата која што е утврдена со повеќе акти, а вклучително и со Уставот на Република Македонија. Имено, за оваа резолуција Владата на Република Македонија до денес, до овој момент не достави мислење. Значи, Владата штом не доставува мислење, според мене како пратеник, таа нема став по оваа работа. А, должна е да го има, затоа што согласно Уставот член 91 одлука за признавање на држава донесува Влада. Согласно Законот за надворешни работи надлежност на Влада е признавање на држава. Согласно Законот за Влада исто така. Затоа, бидејќи се исполнети сите услови, а е погрешена процедурата пратениците од пратеничката група од СДСМ бараат мислење од Владата да се достави веднаш до Собранието по оваа резолуција. Ви благодарам. Доколку одлучите вие сам, а го немате тоа право и го одбиете нашето барање, барам да се стави на гласање овој Предлог.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Прво, што се однесува за мислење на Владата, се однесува за закони, вклучувајќи резолуции и друго. Кога се однесува за редовна постапка треба да се почека Владата, значи барањето кога е за редовна постпака. Во конкретниот случај предлагачите имаат барање за свикување на итна седница согласно член 68 став 2. Јас одлучив дека треба да има итна седница согласно нивното барање. Испратено е барањето до Владата, мислам на Предлогот резолуцијата и меѓувреме ако дојде мислењето од Владата, ќе се подели на пратениците и со оглед на тоа така ќе се постапи. Инаку, во краен случај дали ќе се прифати или нема да се прифати ова што јас го кажувам, ќе го каже Собранието со гласање по дневниот ред, каде ќе се гласа или за, или против, или воздржани, па може и да не се прифати дневниот ред. Во краен случај Собранието секогаш кога некој нешто предлага главниот збор го има целосно Собранието.

Процедурално има господиниот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Мојата процедурална забелешка е токму кон вас. И на 24-тата седница на Собранието, еве и на

оваа 25-та седница вие претседателе го прекршувате членот 62 од Деловникот во кој што стои дека вие се грижите за остварување на правата на пратениците и ја планирате динамиката на седниците на Собранието. Едно од правата на пратениците е да поднесуваат резолуции, декларации итн. Ние како пратеници од НСДП на 10.09. имаме поднесено еден сличен предлог, Предлог на резолуција за решавање на спорот за името на Република Македонија, со која што сакавме да укажеме дека начинот на кој најодговорните луѓе ја водат политиката, надворешната политика во државата и начинот на кој го водат спорот околу нашето уставно име има сериозни шанси, ги намалува сериозните шанси на Република Македонија за решавање на овој спор. Очекувавме со нетрпение ние пратениците и граѓаните на Република Македонија во оваа собраниска сала да се појави премиерот Никола Груевски да ни даде образложение како Република Македонија ја замислува без НАТО и ЕУ. Се надеваме дека преку тоа образложение и најголемите скептици ќе успее да ги убеди.

Јас претседателе, побарав прием кај вас во вашиот кабинет и ве замолив согласно Деловникот оваа наша предлог-резолуција да ја ставите на дневен ред. Вие ми одговоривте дека се додека не добиете мислење од Владата, нашата предлог-резолуција за решавање со спорот со името нема да го ставите. Сега сме сведоци на еден ист случај кога вашиот коалиционен партнер ДУИ, за што му честитам, успеа сепак конечно политиката на растурање на малите политички партии и на другите политички партии, која што ја водеше премиерот Груевски во изминатите две години, еве сепак успеавте да ја спречите и јас ви честитам.

Барам одговор од вас претседателе, зошто имате двојни аршини. Зошто го прекршувате членот 62 од Деловникот и дали е тоа заради тоа што имате некаков дил со вашиот коалиционен партнер ДУИ, дали се повикувате на итноста каде што оваа резолуција ја потпишале 20 пратеници или сакате да имате минорен однос кон политичките партии кои што имаат помалку од 20 пратеници. Вие сте должни да ни одговорите на оваа наша процедурална забелешка и ви предлагам како втора точка на дневниот ред ќе побарам кога ќе се гласа за дневниот ред Предлог-резолуцијата од НСДП да биде точка два на денешниот дневен ред. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Прво, да ви дадам појаснување во однос на вашето барање.

Вие не баравте да се свика седница согласно члено 68 став 2. Вашето барање беше на прво некоја наредна седница кога ќе се создадат услови. И, не се создадени условите затоа што немаме мислење од Владата во редовна постапка. Од 23 пратеници кои што сега се приклучија уште тројца пратеници е барањето да се свика итна седница согласно членот 68 став 2. И вие побарајте така согласно тоа, така ќе се постапи, согласно тоа барање. Тоа е едната работа.

Во однос на дополнување на дневнот ред ние претходно гласавме дека и изгласа Собранието со 76 пратеници, од нив 75 гласаа за, а предлогот на дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки, па затоа немате право да предлагате втора точка.

Процедурално има господиниот Николов Марјанчо, повелете.

**Мајранчо Николов:** Благодарам претседателе.

До вас имам две процедурални барања.

Првото е врз основа на член 81 од Деловникот на Собранието на Република Македонија барам пред да почне Собранието да расправа за резолуцијата за признавање на Косово да се свикаат матичните работни тела на Собранието и тоа Комисијата за надворешна политика, Комисијата за политички систем и Комисијата за економски прашања со цел да може и на матичните работни тела добро да се разгледаат сите можни импликации доколку Собранието реши да ја усвои оваа резолуција. Вака како што е предложена за еден ден сметам дека имаме многу малку информации за можните импликации и последици од евентуалното донесување на ваква резолуција. Барам ова барање да го ставите на гласање.

Втората процедурална забелешка или барање е да обезбедите присуство на претставници на Владата. Да биде присутен премиерот Никола Груевски, министерот за внатрешни работи и министерот за надворешни работи како најодговорни луѓе во оваа држава околу евентуалното изгласување на резолуција и постапката што потоа би следела од страна на Владата. Не можеме да прифатиме Владата да не е присутна кога се расправа за една ваква значајна резолуцаја, бидејќи знаеме дека при гласањето во ОН нашиот претставник гласаше воздржано, а денес немаме претставник од Владата за да објасни оваа позиција на нашата земја која е во контекс на предложената резолуција. Барам да побарате да присуствуваат премиерот и министрите кои ги наведов. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Прво, ќе почнам од второто, известени се и претседателот на Република Македонија и претседателот на Владата на Република Македонија и министрите на Владата на Република Македонија за одржувањето на оваа седница. Јас не можам да ги натерам ни претседателот на Република Македонија, ни Владата да присуствува, затоа што ова е иницијатива која што потекнува од пратеници. Тоа е второто.

По однос на првото прашање, вие немате право затоа што согласно член 81 став 4 Собранието може да одлучи седницата да се прекине по барање на претседател на работно тело или

координатор на пратеничка група заради одржување на седница на работни тела. Вие сте заменик координатор, значи, ако имаме овластено барање на една пратеничка група, јас ќе го ставам тоа барање. Затоа, вашето лично барање кое што вие го барате не можам да го ставам. Инаку во краен случај, сепак, Собранието е тоа што одлучува. Но, нема овластен предлагач. Ако има, еве госпоѓа Цветанка Иванова, можам да го ставам тој предлог.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Очигледно е дека ви е тешко да говорите и грешите. И јас да би била на ваше место би грешела во оваа ситуација.

Прво, не го прифаќам вашето толкување на Деловникот дека за резолуција не требало мислење на Влада. И во стариот и во вашиот Деловник резолуциите и декларациите се донесуваат во постапка како што се донесуваат законите. Тоа значи ако за закони и за оние најминорни, иако се согласувам дека нема поважни и помалку важни или пвеќе важни закони, бараме мислење во ова Собрание. За оваа точка недопустливо е да немаме мислење на Влада.

Втората работа, бараме како пратеничка група, вие ја имате таа позиција, да ги доведете оние кои што ова Собрание ги избира, оние над кои што ова Собрание врши политичка контрола, оние кои што се должни да даваат отчет пред Собранието, а тоа се особено за овој случај, премиерот, како задолжен и по Устав и по Закон и Влада за признавање на држави. Потоа, министерот за надворешни работи како одговорен за креирањето на надворешната политика, министерот за внатрешни работи како одговорен за ситуацијата и демаркацијата на границата на Република Македонија. Овие пратеници немаат доволно инфорамции и би било пожелно да дојдат сите овие субјекти, сите овие носители на високи позиции и да им разјаснат на пратениците за да можат да донесат сериозна и вистинска одлука. Вака, мислам дека ќе бидеме ускратени и како пратеници да го дознаеме ставот на Владата кој што мора да го има, да дознаеме повеќе аргументи и факти за досегашната целокупна работа околу креирањето на ваквата политика и секако да донесеме одлука. Е, сега, бидејќи јас сум координатор еве ќе ја испочитуваме и деловничката одредба.

Во името на пратеничката група на СДСМ бараме половина час пауза.

**Трајко Вељаноски:** Со оглед на барањето од координаторот на пратеничката група на СДСМ половина час пауза, ја прекинувме седницата и продолжуваме во 13,05 часот.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,18 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Процедурално има збор господин Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Вие како претседателе на Собранието секако сте должни на нашите процедурални забелешки да дадете одредено образложување, односно толкување на Деловникот и јас тоа го почитувам претседателе. Но сметав како претседател на Собранието, во однос на онаа иницијатива односно Резолуцијата што ја имаме поднесено, ќе се запрашате како е можно, од 10.09.2008 година кога ја имаме поднесено, претпоставувам во истиот ден и сте ја препратиле до Владата, скоро цел месец да немаме одговор. Нели е чудно еден месец Владата воопшто да нема чувство дека Владата за оваа чувствителна тема треба да даде информација.

Втората работа, претседателе: Вие ме упативте Предлогот на Резолуцијата да го поднесам по нов член од Деловникот, како што тоа го направи пратеничката група на ДУИ.

Сега сакам да ве информирам дека ќе се обидеме во текот на утрешниот ден да собереме 20 потписи оваа Предлог резолуција ќе ја поднесеме до вас како претседател на Собранието, но ќе ве држам за збор претседателе, бидејки тоа го кажавте пред целата македонска јавност дека ако спроведеме една ваква процедура, вие ќе го имате истиот аршин, истиот терк и како што постапивте со Резолуцијата на ДУИ, исто така ќе псотапите и со таа наша резолуција која ќе биде поткрепена од 20 потписи. Ќе се повторам, ќе ве држиме за збор за она што гокажавте пред македонската јавност. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Откако ќе го добијам тоа барање, ќе оценам што понатаму.

Процедурално госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Секогаш сум се залагала за јакнење на улогата која и според Уставот му припаѓа на Собранието, на законодавниот дом, меѓу другото, се залагам за целосно почитување на Уставот и законите, како што би рекла министерката за внатрешни работи, но токму во таа насока би прочитала.

Член 91 алинеја 8 од Уставот на Република Македонија: Владата на Република Македонија одлучува за признавање на држави и влади, надлежност на Владата на Република Македонија.

Пота би го прочитала членот 25 од “Односи на Владата со Собранието”, каде се вели дека Владата му дава мислење на Собранието за прашања кои се во нејзина надлежност.

Значи Владата му дава мислење. Ако надлежност на Владата е да одлучува за признавање на држави и влади, оваа тема токму на тоа се однесува и е неопходно мислење од Владата. Вие и овој пат ја кршите процедурата, не го почитувате Уставот, не го почитувате Законот. Не е доволно утре да излезете и да ја

признаете грешката. Ако сакате да работиме и да функционираме како парламентарен дом, да не го девалвираме парламентарниот дом, јас мислам дека во овој момент треба да ја прекинете седницата, да побарате писмено мислење од Владата и да побарате претставник, во согласност со Уставот и Законот и надлежностите на Собранието. Во спротивно правиме грешка која навистина нема да биде доволно да се поправи само со едно признавање на истата. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Ќе ви одговорам и на вас дека Предлог резолуцијата е доставена на мислење до Владата, до сега немаме добиено мислење.

Инаку, согласно член 68 став 2 од Уставот, Собранието донесува резолуции, декларации и препораки и одлуки.

Следна за процедурално е госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Очигледно дека ова Собрание и вие ќе се запишете во историјата на законодавниот дом како рекордер во кршење на одредбите на Деловникот и секако на непочитување на барањата на опозицијата.

Половина час побарав пауза во името на пратеничката група на СДСМ, очекувајќи дека навистиан ќе ја сфатите сериозноста на точката и вие како претседател на Собранието, секако и пратениците од парламентарното мнозинство, а особено Владата на Република Македонија и дека ќе сфати Владата дека ова е нејзина надлежност и ќе дојде овде во Собранието да дебатира по ова важно прашање.

Ние не бегаме од дебати ниту по едно прашање, вклучително и по ова прашање. Отворени сме за дебати, меѓутоа, ги кажавме аргументите зошто ни е потребно мислење од Владата и зошто ни се потребни мислењата од надлежните тела.

Затоа, сега барам да прекине седницата или да продолжиме со расправа во оној момент кога ќе го добиеме писменото мислење по ова прашање од Владата и да се гласа работните тела, надлежните работни тела, Комисијата за надворешна политика, Комисијата за политички систем и други надлежни тела да заседаваат и да достават до ова Собрание извештај по оваа точка со сопствено мислење.

Затоа барам сега во името на пратеничката група, согласно член 81 став 2 да се прекине со седницата до доставувањето на писменото мислење на Владата. Овој прелдог мој повторно инсистирам да го ставите на гласање и да се задолжат комисиите, надлежните работни тела на Собранието да расправаат по ова прашање.

Овие два предлога барам да ги ставите на гласање пред пратениците. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Како што разбрав, имате едно барање согласно член 81 став 4 како координатор на пратеничка група да се разгледува на седница на работно тело. Тоа барање ќе го ставам на гласање. Но треба да се утврди прво дневниот ред, да се утврди точката, за да може после да се одлучи за тоа ваше барање. Откако ќе се утврди дневниот ред, ќе го ставам вашето барање и во однос на тоа да одлучи Собранието. Затоа, би ве замолил прво да преминеме на утврдување на дневниот ред, можно е да не биде и утврден дневниот ред, па пропаѓа и вашето барање.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Предлог на резолуција за односите на Република Македонија со Косово.

Предложениот дневен ред го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 100 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 85 пратеници, воздржани нема, против гласаа 15 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправата, го ставам предлогот на координаторот на пратеничката група на СДСМ госпоѓа Цветанка Иванова, нивното барање е Собранието да ја прекине седницата и по оваа точка од дневниот ред да расправаат работните тела и да достават извештај. Такво е барањето.

Тоа барање го ставам на гласање.

Кој е за предлогот да се прекине седницата и да расправаат работните тела, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 104 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 22 пратеника, 1 воздржан, против гласаа 81 пратеник.

Констатирам дека не е усвоен предлогот.

Имавте и втор предлог, да се прекине седницата додека не се добие мислење од Владата.

Го ставам на гласање предлогот да се прекине седницата додека не се добие мислење од Владата.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 101 пратеник. За гласаа 21 пратеник, воздржан нема, против гласаа 80 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Продолжуваме со работа.

Пред да преминеме на расправа по точката од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците да се пријават за збор во рок од една минута од отворањето на претресот. Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот. Листата на пратеници не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието

пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори го губи правото за збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути. Координаторот на пратеничката група и предлагачот можат да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на резолуција за односите на Република Македонија со Косово.**

Предлогот на резолуцијата ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на резолуцијата.

Пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев и Томе Чинговски поднесоа амандмани на точка 1 и на точка 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 и истите ги повлекоа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на резолуцијата.

Молам, дисплејот да се исчисти пред да се објави таа минута на пријавување.

Ги повикувам предлагачите и пратениците кои сакаат да говорат во претресот по текстот на Предлогот на резолуцијата да се пријават за збор.

Благодарам, завршивме со пријавувањето.

За збор се пријавија: господин Игор Ивановски, господин Бучковски Владо, господин Макрадули Јани, господин Станковиќ Емилијан, госпоѓата Бендевска Весна, господин Тито Петковски, господин Хани Тахир, господин Ќуркчиев Никола, госпоѓата Роза Топузова Каревска, госпоѓа Иванова Цветанка, господин Петров Андреј, господин Селмани Имер, госпоѓа Бонева Силвана, господин Рушити Сулејман, господин Стоиљковиќ Иван, господин Минчев Горан, господин Тачи Мендух, господин Сугаревски Горан, господин Николовски Марјанчо, господин Диневски Менде, господин Оровчанец Ѓорѓи, господин Манасиевски Јован, господин Андонов Миле и господин Џафери Арбен.

Со оглед на тоа, продолжуваме.

Господин Тахир Хани ќе зборува како овластен предлагач, а сега ќе се подели писмото со кое го овластуваат да биде како претставник на предлагачот.

Ќе се добие листа на пријавени, ќе се подели како што имаме пракса на сите координатори на пратенички групи за да се знае редоследот кој не може да се менува.

Има збор господинот Ивановски Игор, но бидејки претставникот на предлагачот е пријавен за збор, има збор господинот Хани Тахир, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пратеници, прво сакам да го поздравам учеството и на пратениците на ДПА на оваа пленарна седница на Собранието. Сакам да ја образложам потребата од доенсувањето на една ваква резолуција од страна на Собранието на Република Македонија.

По објавувањето на независноста на Косово, голем број на земји членки на Европската унија ја признаа држава Косово како независна држава.

Статусот на Република Македонија како држава кандидат за рамноправно зачленување во евроинтеграциите и во евроатлантските интеграции подразбира дека треба да се припои на политиката и на заедничкиот став на Европската унија и НАТО во меѓународните односи. Исто така, Република Македонија постојано ја афирмира нејзината политика за негување на добрососедски односи и развојот на соработката во сите области од заеднички интерес со своите соседи и со другите држави од регионот. Унапредувајки ја заедничката и општа соработка нашата држава истовремено се ангажира и за надминување на сите прашања кои се отворени прашања во билатералните односи, демаркацијата на северната граница на Република Македонија, како едно од прашањата од овој вид, е во процес на заокружување според планот на господинот Марти Ахтисари.

Имајки ја предвид оваа состојба, предлагаме Република Македонија да ја донесе Резолуцијата за односите на Република Македонија со Косово.

Во Резолуцијата се предлага Собранието да го изрази својот став за прашањето на признавањето на Косово, односно дека Собранието на Република Македонија препорачува на Владата на Република Македонија во рамките на своите уставни андлежности исогласно државните и националните интереси на Република Македонија да ги преземе сите неопходни активности за воспсотавувањето на дипломатските односи со Косово и за признавање на Косово. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор, како што претходно беше приајвен, господинот Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Колеги пратеници, пред на Собрание денес се наоѓа едно крупно прашање кое не е прашање само од интерес на Република Македонија, со оглед на тоа што Македонија е непосреден сосед со Косово и има 25% етнички Албанци, туку тоа е прашање што предизвикува и европски, а по последните настани во Обединетите нации и светски интерес.

Затоа, господине претседателе, начинот на кој се дојде денес на оваа седница и со овој дневен ред и најмногу од се, без отсуство на мислење на

Владата е во најмала рака недоличен, провиден и неприфатлив за вистинско и здраво водење на надворешна и внатрешна политика на една нормална држава.

Во оваа држава сеуште, иако се трудите да ги релативизирате до крај, постои Устав и закони. Во нашиот Устав стои многу децидно дека единствени што се определени да склучуваат дипломатски односи со трети држави е Владата на Република Македонија.

Во Законот за надворешни работи стои истото. Значи, не Собранието, не претседателот на државата туку единствено Владата е таа која што ја има својата уставна, законска и пред се политичка одговорност и да носи одлуки за воспоставување на дипломатски односи со други држави. Да ве потсетам на ставот кој што континуирано се соопштуваше од Владата и нејзините првенци почнувајќи од премиерот завршувајќи со потпаролите дека Владата ќе се носи од одлуката, согласно македонските национални интереси и тоа ќе го направи во еден одреден момент, за кој што таа ќе процени дека е најдобриот.

Денеска вие од нас барате да дебатираме за резолуција за признавање на Косово, без да го знаеме ставот на Владата. Се поставува отвореното прашање, бидејќи тука е празно инема никој, го повикавме и Груевски и Милошоски и Јанкуловска и одбија да дојдат да ни кажат дали е моментот денеска и дали се запазени македонските национални и државни интереси за да може Македонија да воспостави диполматски односи со Косово. Чуму оваа држава да има Влада, ако најповиканите согласно Устав и закон и политика одбиваат да го кажат својот став во јавноста. Така се случува во континуитет две и пол години по клучното прашање за Македонија, а тоа е прашањето за името, кое што го повлекува нашето интегрирање во Европската унија и НАТО. Груевски знае десет изјави за чистење на канали да даде, ама за името нема ниту една реченица. Груевски знае да зборува за закон за чистота и да казнува луѓе што одат по улица, ама го нема ставот да го соопшти на Владата по клучното уште едно прашање за Македонија, а тоа е признавањето на соседно Косово. Тоа е неприфатливо, тоа е кукавички, тоа е бегање во континуитет од одговорноста што ја дале по вашите зборови пола милион граѓани на последните вонредни парламентарни избори. Прашањето за името се крие зад сите останати, најмногу зад Грција. Кога сега е во прашање Косово, сака да ја префрли целокупната одговорност на пратениците во ова Собрание. Дополнително не го чувме ставот на ВМРО ДПМНЕ. Ние денеска имаме резолуција, која што е предложена од ДУИ и ДПА. Сакаме јавно да го слушнеме ставот на владината коалиција и на ВМРО ДПМНЕ дали ја подржуваат оваа резолуција, без притоа да има мислење на Владата. И ако немате и вие став, каква сте вие тоа владина коалиција, во која што клучните прашања од внатрешната и од надворешната политика ги третирате на вков срамен, ефтин и неодговорен начин, без утврдување на заеднички позиции, без утврдување на заеднички ставови.

Почитуван претседателе, и до крајот на оваа седница ќе инсистираме тука да се појави Груевски, Милошоски и Јанкуловска. Македонија, кога се носат ваквки одлуки мора да ги застапува сопствените интереси, ама во вистинска смисла. Ова Собрание не смее да носи и да застапува ниту просрпски, ниту прокосовски ставови. Ова Собрание има едниствена обврска да носи промакедонски ставови и во носењето на одлуките да се води од државните интереси на оваа држава. Затоа Владата мора да излезе со свој став. Затоа Владата нема ни потреба да ја префрла срамно играта овде во Собранието, туку да излезе и да рече: Ако е за признавање на Косово, тоа да го каже и да ги каже аргументите. Ако е против признавањето на Косово, тоа јавно да го соопшти и исто така да ги каже аргументите за ова прашање. Бидејќи вчера бевме сведоци за жал, не еден инцидент кој што се случи неколку дена претходно на северната граница. Процесот на техничка демаркација е критериум и елементот планот на Марти Артисари, ама пред се, е интерес на Македонија. Сакаме да дознаеме дали процесот на техничка демаркација е конечно завршен. И ако е, како. Бидејќи вчерашниот инцидент е загрижувачки. Јас нема да навлезам во дебата од типот на смешната изјава на министерката за внатрешни работи дека е тој изолиран инцидент, дека се работи за камен на косовска страна, не баре има камен на македонска страна. Има еден камен. Се извинувам, го нема, бидејќи го однесоа на друго место. И затоа бараме да дојде премиерот и министерката за внатрешни работи да каже како е возможно тоа да се случува. Дали тој процес се одвива во вистинска смисла и тоа е број еден интерес на Република Македонија. Но, исто така,огромен интерес е Косово да го признае и користи нашето уставно име во евентуално, идните билатерални односи, во евентуално идните меѓународни настапи на косовските птреставници, претседател, премиер и други носители на институции. До сега слушаме политички ставови дека Косово ќе ја следи политиката на меѓународната заедница. Но, таа политика е различна: едни го користат нашето уставно име, други не го користат. Број еден интерес за Македонија е да направи да се избори и Косово да го користи нашето уставно име. Во таа смисла, Владата треба да даде одговор дали досега разговарала на таа тема со косовските институции . Дали има гаранција за таквата работа, за врз база на сите информации, за техничката демаркација во вистинска смисла согласно планот на Марти Артисари и употребата на нашето уставно име, ние можеме денеска да ја донесеме одлуката. Во спротивно, одлуката ќе биде политичка и по наредба на Владата на Република Македонија, која што нема храброст да излезе во јавноста и да ги соопшти аргументите и фактите. Често пати, во

изминатиот период слушавме дека Македонија нема право да го условува евентуалното признавање на Косово. Сакам пред вас да спомнам дека целокупното сегашно признавање на Косово, почнувајќи од САД, продолжувајќи со други држави е дефакто условено . Условено е со спроведување на планот на Марти Артисари. Условено е со спроведување на голем број на обврски, реформи и почитување на највисоки стандарди и критериуми. И во таа смисла Република Македонија исто така треба во добар дух, во конструктивна насока да се избори за оние позиции за коишто граѓаните даваат комплетна и неодложна подршка. Очекуваме и од Владата да дојдат денеска и затоа и до крај ќе инсистираме да ги кажат и економските аспекти од евентуално таква одлука. Дали тоа ќе се одрази на еден или на друг начин. слушаме разно разни анализи дека можеби таквата одлука за признавање на Косово ќе повлече голем број крупни македонски фирми кои што имаат релации економски со Србија, ќе доживеат крах, ако тоа навистина се случи, во што јас нер сакам да верувам. Дали Владата има спремно анализа и план за да се заштити македонскиот бизнис во Србија и обратно. Како ќе го промовира македонскиот бизнис во Косово за кој што апсолутно, сите сме согласно дека треба да имаме добри комплетни односи во следниот период.

Господине претседателе, ова што денеска се случува е уште една серија на кукавичлукот и бекството на Никола Груевски и Владата од изјаснување по клучните прашања и за името, а сега и за Косово. Чувме дека Владата на Република Македонија имала став да биде воздржана во Њујорк. Денеска Владата нема став. Затоа, уште еднаш ќе повикаме за да можеме објективно со факти, со информации и со желба да помогнеме оваа дебата да не се води во Собранието, туку оваа дебата да се води на Илинденска во Владата и да излезе Никола Груевски денеска ако сака, не подоцна, последните денови и конечно го соопшти ставот на Владата на Република Македонија, за да можеме ние како пратеници понатаму да го утврдиме нашиот однос кон тој став. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Пред нас е една Предлог резолуција,која за жал, е задоцнета. Пред нас е една Предлог резолуција, која не требаше да се најде пред Собранието на Република Македонија. Пред нас е една Предлог резолуција која ја отслукува реалноста како функционира нашата Влада. Значи нашата Влада одбра, а тука нашата Влада не е само Никола Груевски. Нашата Влада е и Али Ахмети. Нашата Влада одбра за признавањето на Косово да се затскрие зад пратениците, нашата Влада одбра за компромис со Грција да се затскрива за да народот. Сега јавно ќе прашам бидејќи оваа резолуција е без потписите на ДУИ е во собраниска процедура еден месец. Од што се исплаши Владата и од што се исплаши ДУИ. Од тракторот што го откорна граничниот камен или се исплаши од Србија**.** Затоа што ако Македонија сакаше нешто да демонстрира дека научила што е вештина во политиката, денеска не смееше да расправаме за оваа Предлог резолуција. Требаше, ако го признаваме Косово да го признаеме заедно со другите соседи на Србија, пред се со Бугарија или ако ова го правиме да бидеме мажи до крај и да го направиме вчера, пред одлуката во генералното собрание која беше во 17 и 45. Од каде тоа се абицираше одеднаш Владата употребувајќи го не знам кој пат ДУИ токму сега да ја донесе оваа Предлог резолуција во парламентот . Оваа е срамота и пораз ќе се покаже на краток рок и пред се пораз на ДУИ. Од друга страна голем пораз за Република Македонија. Покажува Македонија дека е изгубена во космосот, дека го изгуби лидерството што го имаше во регионот. Дека беше фактор на стабилност, дека имаше јасна позиција уште од 2005-та. Нескромно јас да говорам, но тогаш имав храброст и јавно да говорам дека македонската јавност треба да се подготвува за условената независност на Косово. Овие што седат овде и посебно ситните партнери на Груевски, ќе го споменам СП, ДС и други што не ги знам што не се во коалиција требаше да ги испартат пораките да фрлат анатема на сите оние кои размислуваат за независно Косово. Се сменија околностите. Имаме денеска Предлог резолуција.

Како прво. Направено е крајно некоректна. Изобилува со погрешни факти. Што говорат фактите? Не може Македонија да се затскрива зад фактот кој е погрешен. Читам третиот пасус од одздола вели: “ имајќи предвид дека повеќе држави членки на меѓународната заедница ја признаа независноста на Косово. Повеќе од 190 земји членки на ОН е 92. Во овој момент Косово ги имаат признаето 48 држави членки на ОН. Да се каже тоа.

Втор факт. Претпоследниот пасус тоа е упатено до Тахир Хани, затоа што Тахир Хани сега рече дека е предлагач. Веднаш самите да подготвите амандмани ние ќе подготвиме дриги амандмани. Да ги исправите овие грешки затоа што не одговараат на фактичката состојба.

Второ велите со ова Република Македонија ќе се придружи кон заедничката политика и позиција на Европската унија и НАТО. За ова прашање Европската унија и НАТО немаат заедничка позиција. Оставија на државите членки самите да ја донесат одлуката за признавање независно Косово. Факт е дека од Европската унија, Грција, Кипар, Романија, Словачка и Шпанија го немаат признаено независно Косово. До вчера и Португалија беше на овој список, Португалија вчера го призна независно Косово. Значи, Европската унија и НАТО не изградија заедничка политика, како што не се потруди Груевски

барем едно прашање да изгради заедничка политика со опозицијата. Иницијативата на ДПА, јас така ја сметам. Иницијативата на ДПА што сега ја подржа ДУИ заслужуваШе внимание на опозицијата, пред месец или три месеци. Вака само ќе ги комплицира и така кревките односи што ги има Република Македонија во овој момент со Република Србија, непотребно.

Второ, ако веќе предлагачот Тахир Хани сакал да не убеди повеќе со аргументи требаше овде да спомене дека интенцијата на меѓународната заедница е Република Македонија заедно со Република Црна Гора да го признае независно Косово.

Парламентот на Црна Гора расправаше три недели пред да има вчера гласање во Њујорк, а да не заборавиме во Црна Гора 40% од населението се Срби и успеаа во Парламентот да имаат позитивна резолуција затоа што знаат како да градат заеднички консензус.

За жал почитувани колеги од власта не научивте и на вакви прашања како треба да демонстрирате единствен став на Република Македонија. Кога веќе толку чекавме требаше да ја дочекаме демаркацијата на граничната линија која завршува на 1 ноември.

Како второ, иако почитуваната Теута Арифи која јавно одговори за многу работи и во коалицијата и како ги гледа работите. Зборуваше за вашето шврцување на законите, сега говори тоа е нејзин став дека Република Македонија не треба да го врзува своето признавање со евентуално ословување на независната држава Косово на нашата држава со уставно име. Така мисли колешката. Ако разговаравте со колегите од опозицијата посебно ако го цените ставот, ако ви е битен на најголемата опозициона партија, ние ќе ве упатевме на тоа да обезбедите поддршка од косовскиот премиер и претседател и веќе кога влегуваме во една ваква процедура за признавање на независно Косово, од другата страна да го добиеме ова што во овој момент на нас ни е многу битно, а тоа е да добиеме уште еден од нашите соседи да не условува со уставното име. Не може да биде поголем нашиот интерес ние веднаш да го признаеме Косово, а Косово да не чувствува дека во градењето на доверба и пријателство мора да излезе во пресрет на она што е наш врвен приоритет, а тоа е да се зголеми бројката дали е 121 или 124 држави, еве ова нека биде 125 држава како идна членка на Обединетите нации што ќе не признаат под уставното име. Бидејќи ништо не научивте и бидејќи во надворешната политика од ден на ден правиме се поголеми грешки, ја правите и денешнава грешка. Значи без потреба од ваша страна, така чувствувате. Значи немате потреба опозицијата пред се СДСМ да го консултирате за вакви клучни прашања. Не го цените нашето искуство, не ги цените нашите релации со меѓународната заедница и се обидувате да играте пред се вие од ДУИ по тактот на невештиот играч во меѓународната политика Никола Груевски и да нанесувате штета и на албанската кауза но пред се на македонската кауза. Македонија не заслужи да го изгуби приматот во регионот како лидер кој секогаш ги респектираше интересите на Соединетите американски држави како наш најголем стратешки партнер. Ако бевме веќе мажи, ако сакате такви да се демонстрирате пред се вие од ДУИ зошто иницијативата на ДПА не ја поддржавте завчера, зошто вчера не ја донесовме оваа резолуција и во Генералното собранието на Обединетите нации ние да гласавме како Американците, против. Зошто тоа не го направиме. Или постојат некои овде чудни коалиции кои никој не може да ги види. Не се знае кој е на линијата Брисел-Вашингтон, не се знае кој се фатил на оската, фатил на мостот. Објективно јас се сомневам дека дел од колегите ради незнаење али дел и заради крајно, крајно непознавање, крајно непознавање на генералните состојби во меѓународната политика прават серија грешки.

Претседателе да не прекинувате ќе завршам за 55 секунди.

**Трајко Вељаноски:** На со Вас, со господинот Јани Макрадули се договарав дали пред паузата или после да зборува.

**Владо Бучковски:** Сметам дека би било доблесто од страна на предлагачите да ја искористите паузата и да имаме и подолга пауза да се обидете да прифатите дел од амандманите што ги подготвува опозицијата пред се СДСМ. Ако сакате да имате вистински партнер кој нема да се срами од признавањето на Косово како што се срами ВМРО-ДПМНЕ, кој нема да се затскрива зад Парламентот, туку на секоја средба ќе кажува дека тоа е македонски интерес, а не да се лепи ваква или онаква етикета, дека некој бил српски, друг косовски шпиун, дека некој бил вакво или онакво лоби. Вие може да терате по свое, но знајте дека пред се власта, а власта бидејќи го нема овдека премиерот е ДУИ, прави со оваа Предлог резолуција денеска крупна грешка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Тачи Мендух, повелете.

**Мендух Тачи:** Ви благодарам господине претседателе, честитки за фашата функција, иако не се прославивте толку.

Не излегов за нешто друго, туку пристапот на дискусијата на господинот Бучковски и мислам дека овој пристап е негативен пристап од прв аспект од причина што се настојува да се дестабилизираат меѓуетничките односи во Македонија меѓу Албанците и Македонците. Мислам дека ова е многу опасно доколку сознанието или како што се вели признавањето на Косово во овој момент од Македонија се условува со албанското прашање тогаш треба задолжително господине Бучковски да објасниме некои позиции. Албанците од Македонија и Косово и Албанија во ниту еден момент во ниту едно место не го спореле ништо македонско ниту името, ниту идентитетот, ниту црквата во однос

на другите ги прават и продолжуваат да ги прават овие оспорувања.

Второто прашање, доколку ова прашање или проектот на Косово не е тесен проект само на Албанците или како што рековте вие е малку поголем проект и на САД, НАТО и Европската унија. Јас сум принуден јавно да ви кажам една забелешка бидејќи вие го земате правото да зборувате за Албанците, една јавна забелешка и за Македонците. Проблем на македонскиот лидер шип кој не разбира дека САД, НАТО и Европската унија истата поддршка ја даваат на Македонија. Со истата мерка и метода ја поддржуваат и Македонија. Во однос на другото условување Косово да ја признае Македонија под уставното име не сум слушнал сеуште една јавна изјава каде се оспорува уставното име на Република Македонија. Македонија со име, со идентитет, со црквата, ве молам да не ги мешаме нештата. Нема проблеми со Албанците.

Верувам дека оваа резолуција не е значајна за нас, за ДПА, дали е од парламентарното мнозинство, или доаѓа од ДПА, овие се ситни нешта кои ние ги надминуваме.

Самото наше присуство на оваа пленарна седница укажува на една конструктивна политика, на крајот на краиштата и помош на парламентарното мнозинство за еден мировен процес и стабилизирачки на овој Балкан.

Овој процес треба да се разбере само на овој начин.

Во однос на другите недоразбирања ние ќе продолжиме како и порано да играме улога на опозиција и тоа на една силна и ќе спориме за многу прашања кои не се решени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Владо Бучковски. Повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван господине Тачи зошто не дадовте СДСМ да се потпише на Предлогот на резолуцијата?

Добро, така вие мислите и потоа ќе говориме дека со овој ваш проект вие градите единство така како што вие мислите.

Во ред, прашањето е за ВМРО-ДПМНЕ.

Се запрашал ли ВМРО-ДПМНЕ кога ќе побара поддршка од опозицијата за крупни прашања, како што е прашањето што го најави Мисовски идната недела.

Ќе молчам малку да мислат, затоа што не ги користат своите глави за ништо друго освен за шишање и за правење фризури.

(Претседателот опоменува со ѕвончето).

Последните десет секунди, ако некој свати, еве уште десет секунди има, ова беше мислење за ВМРО-ДПМНЕ и за вас претседателе.

Јас ја слушнав изјавата на косовскиот премиер кој децидно одговори на прашањето како јаословува Република Македонија ...

**Трајко Вељаноски:** Благодарам заврши времето.

**Владо Бучковски:** Рече онака како што ја ословува меѓународната заедница.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам за репликата.

За реплика се јави господинот Иван Стоиљковиќ па после ќе одиме на пауза, да завршиме со реплика.

Повелете господине Стоиљковиќ Иван.

**Иван Стоиљковиќ:** Само за кратко да расчистиме некои дилеми.

Добро, ова е виртуелна реалност 17 години во Македонија и конечно денеска ќе ја разоткриеме малку. Јас навистина размислувам, барем досега шест години сведоци сме дека сосема логички се однесувам, меѓутоа немам одговор на прашањето - нас треба да не признае нешто што не постои, што не е членка на ниту една меѓународна организација и тоа таа треба да го направи под ФИРОМ, под БЈРМ. Јас мислам дека тоа е срамота и отприлика некој што се занимава со политика во Македонија, кој претендира да води држава, или да биде опозиција, исто, треба да се срами. Значи треба сите овде заедно да се засрамите. Дали треба да не признае некој како Република Македонија под условно име или како БЈРМ. Од тој аспект со чиста совест можам да кажам и да ве прашам дали на Република Македонија и треба признавање од демократска, легитимирана и меѓународно призната држава под уставно име, или и треба условно кажано признавање како БЈРМ, ФИРОМ, или веќе не е важно како од една дивља, сеуште не држава, простор кој сеуште ниту има институции, ниту има економија, ниту почитува меѓународни стандарди и територија за чија безбедност се грижат 16 илјади странски војници. Значи, во момент се обидуваме да заборавиме се за да направиме една виртуелна слика во јавноста за да можеме да донесуваме неодговорни одлуки.

Сметам дека покрај тоа објективното затскривање зад Собранието стои една друга причина. Гласањето ќе го покаже отприлика вистинското расположение во Собранието, а ќе ве потсетам дека мислењето на јавноста, 2/3 Македонци се против оваа одлука и ќе ве прашам кого претставувате овде и како партии на власт и како партии на опозиција. Кого претставуваме ние овде. Ако сите овде едногласно ја поддржиме оваа резолуција кого претставуваме ние. Дали некогаш сте се запрашале дека има и морал во политиката, или овде ќе ги навалиме главите сите како ноеви водејќи се со приказната дека треба да одработиме нешто кое сигурно не е во согласност со интересите на Република Македонија, за кои подоцна ќе зборувам.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика уште господинот Владо Бучковски, па на пауза.

**Владо Бучковски:** Почитуван господине Стоиљковиќ не е ова виртиуелна реалност. Реалност е ти си дел од власта. Ова прашање требаше да му го поставиш на Груевски. Што

Груевски ветуваше, што кажуваше, што сега прави? Инаку, реалноста е таа. 55% од Македонците веројатно гледаат на ова негативно.

100% од Србите гледаат негативно. Јас не прашувам дали е Дулиќ или Косана србинка или македонка, не ги прашувам од власта. И не го прашувам Станковиќ дали е србин, не е битно, апсолутно е тоа небитно. Битно е што мисли Владата затоа што таа признава, не признава Парламентот. Затоа јас реков дека оваа седница беше непотребна, или се правеше заедно со втората точка што ја предлага НСДП. Ајде ако градиме сега сите здружно слога, ајде да видиме слога за клучното прашање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 15,05 часот.

(Пауза од 14,05 часот)

(Седницата продолжи со работа во 15,12 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа**.** Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Оваа слика во Собранието е најдобра потврда за кукавичлукот пред се на ВМРО ДПМНЕ јавно да презентира став од стратешките позиции и определби на Република Македонија.

За жал за процедурата која што како потпретседател на Собранието сум загрижен што се случува е тоа дека овие пурпурни фотелји овде се празни, нема мислење од Владата, иако по Законот за Влада и членот 2 и многу други членови кои што се во Законот за Влада ја обврзуваат Владата и транспарентно да работи и да ја дефинира меѓународната политика и за тоа да го информира Собранието. Патот на ваква резолуција ние го свртивме наопаку. Немањето на храброст на Никола Груевски, доведе Собранието да стане заложник на кукавичкиот однос на премиерот Груевски.

Вчера на вечерните вести на А1 Телевизија македонската јавност беше информирана ВМРО ДПМНЕ ги свика партнерите од коалицијата на координација. На пошироката координација беа и претставници на полицијата. Дали претставниците на полицијата беа да ве убедуваат вас пратениците или пак да го бранат премиерот Груевски ќе остане непозналица. Што бараа преставниците на полицијата во Собранието и јас како потпретседател на Собранието сакам да знам. Зошто е вршен притисок на пратениците или зошто полицијата морала да го брани премиерот Груевски, од одлуката што ја има направено со договор и пазар кој што ќе го видиме по некој ден.

Премиерот Груевски, јас го уверувам, слободно, не што му е задача да дојде, него го уверувам дека и да дојде овде ние нема да го свиркаме како што го свиркаа пред некој ден. Јас ве уверувам дека СДСМ бидејќи е различна партија од ВМРО ДПМНЕ, ние нема да стоиме пред вашите куќи и да ве каменуваме за одлуката што ќе ја направите. Ние нема да вадиме летоци со затвореничка униформа како што ми правевте мене кога се носеше законот за децентрализација. СДСМ е различна партија од ВМРО ДПМНЕ. И СДСМ своите ставови и стратешки определби ги гради јавно, транспарентно, и затоа напредувањето на Република Македонија кон Евроатланските институции, е секогаш врзана, во сите 17 години изминати во времето кога Социјалдемократскиот сојуз бил дел од Владата на Република Македонија.

И затоа не за џабе странските претставници овде, амбасадорот на САД, претставникот на Европската комисија зборуваат за лидерство. За немање на лидерство, за немање на храброст. Не што е законска обврска на премиерот да го каже ставот, не што е законска обврската на Собранието да побара да дојде тука премиерот, министерката за внатрешни работи џабе и да дојде, таа е портпарол на Министерството за внатрешни работи. Таа не знае што се случува таму. Но ќе е одговорна за секој следен, евентуален, инцидент што ќе се случи на границата. А каменот дали ќе е на оваа страна или на таа страна, таа ќе и должи на јавноста да каже нешто.

Министерот Милошоски не уеруваше за позициите на Македонија, ама и тие некако нестанаа и се изгубуија. И после ќе ги пушти Никола Груевски своите сателити мали во недела облечени кој како стигнал од дома да го напаѓаат и СДСМ и претседателот Црвенковски или ќе пушти други политички партии како господинот Стоилковсиќ кој што во Весник денеска во интервју не вика нас Скопје, да ни укажува дека Фуере бил крив. Е, не ни е Фуере крив. Седиме во Влада со премиер Груевски, вие се договарате со него. Не барајте кривци во други луѓе. Вие сте дел од коалицијата, вие, бидејќи чув дека Владата имала став како да гласа во Обединетите нации, тоа е став помеѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ, коалиционите партии од коалицијата "За подобра Македонија". Сигурно не отишол нашиот амбасадор на своја рака да гласа без да има став на Владата. Што е тоа што го променил ставот на Владата за 24 часа.

По она што го читаме во новините можеби се хашките случаеви. По мое мислење Македонија во овој момент, изборниот законик, уставните измени, ова признавање е заложништво на неспремноста, на нетактичноста и на уцените од друга страна на премиерот Груевски поврзани со хашките случаеви. Затоа се поставува прашањето зошто на 22 септември премиерот велел дека нема да го признае Косово на средбата со коалициониот партнер Ахмети на повеќе часовната средба во Владата според медиумите, или дека во меѓувреме постапуваме согласно државните интереси на Република Македонија.

Ималил поголем државен интерес за Република Македонија од демаркација на границата. Има ли поголем државен интерес за Република Македонија од јасен став околу Уставното име на

Република Македонија? За тие државни интереси, кои што до 28 септември беа полни устите на Боцевски, Милошоски и господинот Груески, во Агенцијата БЕТА премиерот рекол дека нема никаков рок за признавање на Косово и таа одлука нема да биде донесена под ничиј притисок.

Значи, денешната одлука на Владата која што ја чека ова собраниска расправа ќе биде донесена под притисок на јавноста. Јас ве уверувам дека на претседателските и ина локалните избори во март, тука неприсутниот Ѓорчев, не знам каде е, загрижен сум го нема месец дена, и тука не присутниот Никола Груевски на митинг ќеречат “ме натераа тие од Собранието, јас не сакав”. Таква финта ќе направи со референдумот. Тоа сите го знаеме. Тој не сака ништо, Собранието е криво, а фамилијата штанца пари бескрајно. Вие имате координација, колеги од ВМРО ДПМНЕ со полиција, бидејќи А1 има одлични информации од ВМРО ДПМНЕ и јас му верувам.

Значи, што е тоа што се променило во овие 24 часа Груевски од државните интереси што ги бранел пред признавањето на Косово без рок, тоа мора да се направи ноќе, тоа мора да се направи веднаш и тоа мора да се направи по било која цена. За одредени цени ќе видиме во деновите што следат, кој ќе се ослободи, кој никогаш нема да го најде, кој ќе добие уште едно заменичко место, Македонија е мала, животот е пред нас ќе видиме што ќе се случи.

Затоа, кога премиерот ги менува државните интереси мора да дојде тука и е должен на македонската јавност да и каже дека заради овие и овие позиции тоа треба да се направи.

Министерот за надворешни работи треба да ни објасни дека меѓународната позиција и платформа на Владата е таква и таква и тоа моа да го направиме.

Портпаролот на Министерство за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска треба да дојде тука и да каже не се секирајте каменот што го однесоа ќе го вратат, тоа било лажна снимка, тоа се случило пред три, пет, 10, 15 дена, не се секирајте стабилна е ситуацијата нема да има никакви инциденти. Ама за тоа се понесува политичка одговорност кога немате политичка храброст или кога се обидувате преку грбот на пратениците да си ја истерата политиката.

Пемиерот Груевски не побара Собранието да донесе Резолуција да потроши 38 милиони евра за кампањи. Тој не бара од Собранието одлука кога треба да донесе одлука за своја самопромоција во кампањата “отекуваме”, ама за тоа кога треба да се зборува за името го нема никаде, бега, не го исполнува условот од Законот за Влада во рок од 15 дена да даде одговор, со што е обврзан со член 3 од Законот за Влада и плус сака да ги намести пратениците, а јас ве уверувам во март месец тој ќе вели пратениците одлучиле, тие таму што седат и ништо што не работат. Тоа што две години ве омаловажуваше дека ние сме криви како Парламент за непристапувањето на Македонија поблиску до Европа, затоа ајде да дебатираме тука со релевантни информации а не врз база на впечатоци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Иван Стоиљковиќ, повелете.

**Иван Стоиљковиќ:** За македонската јавност јас сум Иван Стоиљковиќ, претседател на Демократскаста партија на Србите, коалиционен партнер во коалицијата “За подобра Македонија” која на пртходните избори СДСМ и неговиоте коалициони партнери ги победи до нозе.

Ако имате некаков проблем со тоа што стално ги споменувате имињата на помалите партнери па сакате дас кажете нешто, изгледа дека се чувствувате осамени. Што е проблемот. Имате некој проболем?

Па, господине Макрадули ние ги бараме гарантираните места токму заради тоа, да се откачиме еднаш од лицемерноста и ваша и на другата голема политичка партија, ВМРО ДПМНЕ од аспект што доста ни е веќе од лаги и превари.

И наместо овде да кажете што сакате да кажете вие сте како “киша око Крагујевац”. Кажете како ќе гласате еднаш. На вас ви е криво што е дојдено за оваа работа да се расправа на седница на Собранието на Република Македонија сметајќи дека ќе м ора да се изјасните и сметајќи дека ќе мора да кажете да, и нема да можете повеќе да ги манипулирате граѓаните на Република Македонија како вие ептен сте некои си добронамерни итн. итн.

Сигналот што Република Македонија треба да го прати кон Србија е страшен. Сите пратеници ќе бидат за, освен Иван Стоиљковиќ, а за мојот однос кон ВМРО ДПМНЕ и за одлуката што ќе ја донесе Владата на Република Македонија ќе се уверите во понатамошниот период. А вие се уверивте во мојот принципиелен однос барем добри 6 години. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Добро е колега што се претставивте, бидејќи колку дискутирате јавноста не ве знае и добро е да биде информирана како се викате и чии интереси застапувате.

Јас нема да избегам од фактот дека има една чудна сила што постои во коалицијата “Подобра Македонија”, не смеете зборот Груевски да го спомените. Не ви е ниту Фуере крив, ниту СДСМ за одлуките што господинот Груевски ги донел со изборноит законик за признавањето на Косово, што ви викнал полиција вчера на координација. Тоа еко не можете да го кажете, соберете храброст и кажете барем н.г. некои иницијали некои иницијали.

Јас уште еднаш ќе кажам крајно лицемерно вие заслужувате за СДСМ кога на денешното интервју викате “срам ни е што Скопје ќе го признае Косово”. Вие прво за ова треба да се извините, па потоа да дискутирате овде и не

барајте во СДСМ никакви проблеми. Спомнете го со име и презиме човекот што веќе ја има срепмно одлуката и чека на потпис.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам има збор господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам претседателе.

После начинот на кој што се свика денешната седница, после фактот дека ниту премиерот, ниту министерот за надворешни работи, ниту пак министерката за внатрешни работи не се присутни денеска во оваа сала, дополнително земајќи предвид дека Владата не го испочитувала ниту Уставот, ниту Законот за надворешни работи, денес добивме уште една потврда дека оваа Влада е најплашливата Влада во историјата на Македонскиот народ и држава.

Во оваа Влада нема ниту лидерство, ниту храброст за носење важни и тешки одлуки за статешките прашања за сопствената држава и иднината на нашите граѓани.

Премиерот Груевски се однесува како градоначалник. Учествува во акции за чистење на скопските улици, дава изјави за се и сешто, отвора спортски сали, што да не бидам сфатен погрешно е добра работа, но не презема одговорност и да не сопштува став. . .

**Трајко Вељаноски:** Колега не сакав претходниот колега да го прекинувам, морам вас да ви укажам.

Не е овде доверба на Влада, овде не е прашање на доверба на Влада. Кога ќе биде прашање за доверба на Влада тогаш ќе расправаме. Овде имаме предлог резолуција поднесена од пратеници и расправајте по предлогот на резолуцијата.

Би ве замолил за да не ви одземам збор и на вас и на другите пратениците продолжете по Предлогот на резолуцијата поднесена од група на пратеници.

**Емилијан Станковиќ:** Значи, да повторам.

Македонскиот премиер Никола Груевски не може да не преземе одговорност и да носи одлуки за важните прашања за Република Македонија и нејзините граѓани. Без разлика колку се тешки и колку се непопуларни во овој момент.

Станува пракса, станува правило Груевски и Владата да немаат став и мислење за сите клучни прашања. 20 месеци по прашањето на името, од кое што и самиот премиер вели дека зависат Европската унија и НАТО интеграциите во Република Македонија, ниту тој, ниту ВМРО ДПМНЕ и неговата Влада не кажуваат Судски совет тав, слободно можам да кажам се кријат.

Деновиве се виде дека оваа Влада не ја говори вистината. Се потврди сето она што го говореше СДСМ и претседателот Црвенковски.

Се виде дека медијаторот Нимиц во Њујорк бараше став од Република Македонија за пакет идеи кои што треба дас претходат веројатно на финалниот предлог. Тоа за жал се потврдува и со овој случај.

За едно многу важно прашање, за оваа резолуција за која што треба да се изјасни Република Македонија за својот став околу Косово.

Владата на Никола Груевски и ВМРО ДПМНЕ бега од својата одговорност и обврска која што ја има согласно Уставот и законот за надворешни работи да даде мислење, препорака или став. Тоа е нејзина обврска, меѓутоа денес повторно македонскиот премиер Никола Груевски избра да се крие за нас пратениците.

Ваква резолуција не може да се донесе, барем не денес бес присуство на македонскиот премиер Никола Груевски, без присуство на министерот за надворешни работи и без присуство на министерката Јанкуловска. Зошто го говорам ова?

Пред три дена Ивица Боцевски, кој во зависност од потребите еднаш е вицепремиер, еднаш е порпарол на Владата изјавил дека Република Македонија во признавањето на Косово ќе се води од националните и државни интереси.

Дополнително рече “тоа што разликуваше Република Македонија во другите земји во регионот беше тоа што нашата надворешна политика беше секогаш политика на една мирољубива и на една многу рационална држава. Ние никогаш нема да правиме никакви истрчувања, било лични, било партиски, туку напротив селпгаш ќе работиме за д Роза Топузова Каревска:жавните интереси на Република Македонија.

Кажете ми сега кој ќе ни одговори дали денешната резолуција е во согласност или дали Владата преземала се за да ги заштити македонските национални државни интереси.

Дали е завршен, и ако е завршен како процесот на техничката демаркација на северниот дел на границата со Косово. Дали демаркацијата се прави исклучиво по планот на Марти Ахтисари, или е диктирана од потребите на граѓаните кои што живеат на Косово. По вчерашниот инцидент станува јасно дека постои некаков проблем. Можеби за Гордана Јанкуловска тоа е изолиран инцидент, меѓутоа искрено да ви кажам ние од СДСМ сме загрижени за она што се случи.

Инцидентот што се случи на македонско-косовската граница е сериозен токму поради организираноста што претходела на истиот и поради сериозната политичка порака што беше испратена.

Објаснувањето на Министерството за надворешни работи или на вицепремиерот Боцевски дека инцидентот е резултат на криминалци, или криминални активности не само што не држи туку во најмала рака е несериозен. Зошто? Едноставно, секој што сака да прави криминални активности тие ќе ги прави далеку од очите на јавноста. Ова што се случи односно овој инцидент имаше токму политичка порака. Се случи пред гласањето во Обединетите нации на резолуцијата која што ја поднесе Република Србија, преку излегувањето на граничниот

премин кој што беше организиран петходно со организаторите да бидат повикани медиумите да се прати политичката порака всушност дополнително беше зачинета со некој вооружени маскирани лица покажува дека беше потребна на јавноста да се прати политичка порака.

Второ, што пратеничката група на СДСМ ја интересира а очигледно не може денеска да ја добие таа информација, е дали македонскиот премиер Никола Груевски воопшто разговарал со косовските власти за признавањето односно употребата на уставното име на Република Македонија од страна на Косово.

Да потсетам дека на 16 септември или само пред 25 дена косовскиот премиер Хашим Тачи во интервју за еден наш медиум, соопшти дека, цитирам: “Косово ќе го следи ставот на меѓународната заедница за уставното име на Република Македонија”. Ајде сега на кој став мислеше косовскиот премиер Хашим Тачи. Дали Македонија дека треба да прифати разумен компромис за спрот со Грција, дека Косово ќе ја користи во иднина референцата БЈРМ, е да овие прашања денес мора премиерот Никола Груевски да ни даде одговор затоа што...

**Трајко Вељаноски:** Мислам дека предлагачот треба да го прашате или претставникот. Не е предлагач Владата, премиерот. Ве молам.

**Емилијан Станковиќ:** Добро да го срушите рекордот повеќе од десет пати да ме прекинете во текот на моето говорење, значи сосема кусо на крајот.

Ние потполно ги разбираме чувствата и солидарноста на албанските политички парти со своите сонародници во Косово. Во овој случај не смее да има импровизација, не смее да има отворени прашања. Мора да се затвори прашањето за демаркацијата на границата и употребата на нашето уставно име од страна на Косово. Впрочем, Владата и Никола Груевски во Њујорк во Обединетите нации по резолуцијата на српската влада имаа став. Да се гласа воздржано, денес за жал, немаат став. Затоа без мислење од Владата денес тешко може да се донесе издржана објективна одлука бидејќи пред нас ги немаме потребните информации. Затоа почитуван претседателе уште еднаш апелираме до вас да обезбедите присуство на претставниците на македонската власт.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Инаку, како што кажав поканети се и известени се и претседателот на Република Македонија и претседателот на Владата на Република Македонија и со оглед на тоа кога дојдат, пожелно е да дојдат.

Продолжуваме, има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Јас ќе започнам кон вас господине Вељаноски, редно беше да образложите, бидејќи апсолутно се согласувам со колегата Станковиќ. Имаме разбирање за чувствата и солидарноста на албанските партии, со своите сонародници од Косово. Имам разбирање зошто синоќа во 18,45 минути сосема легално сте побарале да се закаже седница за ова Собрание да ја разгледува резолуцијата за односите на Република Македонија со Косово. Ама немам разбирање, ниту пак објаснување од што мака вечерта, претпоставувам во доцните вечерни часови господинот Трајко Вељаноски како итна седница ја свикал, ја закажал оваа седница, а сега повторно се крие зад Тахир Хани како овластен предлагач кога ќе бараме одговори на нашите прашања. Легално е, почитувани колеги, овде да немаме празен простор, бидејќи расправаме токму за тема која се однесува од областа на надоврешната политика. Ние ли треба да ја носиме резолуцијата без да ги имаме релевантните податоци од колегите од извршната власт. Ние сме пратеници. Народот не бирал во нивно име да носиме квалитетни законски решенија. Тие се претставници на извршната власт и треба да носат одлуки и треба да ја спроведуваат власта во Република Македонија на сите нивоа, вклучително и да ја водат надворешната политика. Но, во Македонија за жал, имаме парадокс, а пародоксот на Македонија се вика од една страна имаме премиер со досега највисок рејтинг, ама премиер што се плаши да носи одлуки. И, ова не е прв пат. Се сеќавате ли во моментите кога повторно колегите од ДУИ поднесоа барање за самораспуштање на Парламентот и кога по сопствена иницијатива претседателот на државата, господинот Црвенковски по негово барање дојде да се обрати пред нас за да ни го соопшти својот став, зошто е во тој момент против распуштањето на Петтиот парламентарен состав на Република Македонија. И тогаш го баравме господинот Груевски да дојде и соопшти својот очигледен став да има предвремени парламентарни избори. Нема да го видиме очигледно господиниот Груевски овде кога ќе треба да се носат условно тешки одлуки. Ќе го гледаме кога според негово мислење тој ќе носи лесни одлуки кои ќе одат во прилог на зголемувањето на неговиот рејтинг. Република Македонија на сите нивоа стана заложник од висината на рејтингот на господинот Груевски. Оти ако имаме премиер кој се плаши да одлучува во право време со вистински одлуки во корист на граѓаните на Република Македонија, тоа е како да имаме лекар кој се плаши од крв. Значи, не може да ја работи својата работа. И како кога имаше проблем господинот Груевски да го соопшти својот став околу името во пресрет на одржувањето на Самитот во Букурешт нели тогаш му дојде првата спасоносна идеа, знаете кој ќе треба да реши, народот. Сега втор пат има таков проблем бидејќи се коси со она што го говорел популистички, надвор од институциите на системот, каде што впрочем и треба да го соопштува и да го гради својот став. Е, сега тоа за него сака да го сториме ние пратениците, а за тоа немаме ниту законска можност, ниту законска обврска. А, пак, јас не чуствувам никаква потреба без господинот Груевски да дојде и да соопшти

како да гласам за оваа резолуција. Сакам да го прашам што сторил тој за да го заштити македонскиот национален интерес при носењето на таква одлука, него го нема. Лага е ако денес говориме дека Никола Груевски бега за да го соопшти ставот. Тој го има ставот, вчера Македонија гласаше воздржано и тоа е став и тоа се случи и тоа го знаеме. Сетете се господинот Груевски имаше став и во Букурешт, а тој пред Букурешт се согласи и се откажа од двојата формула. Ама кога ќе треба да се соочи со јавноста и ако по негово мислење тоа боли, тоа е непопуларна одлука, е тогаш ќе треба да дефинираме кривец. Кој ќе ги вади жешките костени односно кој ќе треба во негово име да ја понесе одговорноста. Тоа е размислувањето на нашиот плашлив премиер, на нашиот неодлучен премиер. Па почитувани колеги, ние сме во сериозна криза од проста причина што имаме таков премиер. Повторно можеби ќе се повторувам со моите колеги ама колегите ни нудат резолуција со која треба по итна постапка денес на Никола Груевски да му обезбедиме пат за она што тој вчера веќе имал став, а претпоставувам пред два дена го договорил. А со кого? Со своите коалициони партнери. Тоа е дел од коалициониот договор ама тоа Никола Груевски не сака да го соопшти. Тој сака да помине и да излезе и да каже, знаете што? Јас само се потпрев на резолуцијата што ја изгласа Собранието на Република Македонија. Е така господине премиер, не може. Тоа веќе не поминува. Ако сте премиер кој или немал ставови или се плаши да носи одлуки, тогаш имајте доблест заминете. Во Република Македонија има алтернатива. Во Република Македонија од секогаш имало и ќе има алтернатива во одредени моменти да се носат одлуки. Знам дека ќе побегнете и овој пат, знам дека колегите овде истиот ден денес во овој момент ќе бидат колегите од ВМРО-ДПМНЕ. Ќе се шетаат и талкаат по собраниските ходници и знам дека и тие се срамат од однесувањето не само на премиерот туку и од нивниот лидер. И конечно, бидејќи секогаш имаме став, мислиме и тоа ќе го формулираме во наше барање дека мора да видиме пред нас, пред да ги притиснеме копчињата што Никола Груевски договорил преку својот министер за надворешни работи околу употребата на нашето уставно име со претставниците од Косово. Ако не договорил е страшно. Ако договорил нека дојде да каже, тука сме ќе дебатираме во Република Македонија не може се да запре бидејќи го имаме господинот Груевски кој во овој момент сака ем да го добие признавањето за Косово, ем за тоа тој да не одговара. И конечно должен е со својата министерка за внатрешни работи да објасни имаше ли или немаше проблем при демаркацијата на граничниот појас со Косово, имаше ли или немаше некаква реакција, а не да носат различни изјави како што вчера тоа се случи еден тип на изјава од госпоѓата Јанкуловска, друг тип на изјава званична од Министерството за наворешни работи. И конечно ќе завршам повторно со парадоксот, овој пат на Диоген, човекот шеташе со запален фенер барајќи човек. Тешко на Република Македонија ние ќе треба сериозно во сите сериозни моменти на нашата држава да шетаме со фенер барајќи премиер. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски:** Господине претседател.

Пред да почнете да ми го мерите времето, сакам една сугестија да дадам. Непријатно ми е кога говорам од говорницата да се вртам лево да видам уште колку секунди ми оставиле, можеби е добро.

**Трајко Вељаноски:** Имате пред вас на говорницата не мора да се вртите. Без да се вртите ќе го видите времето.

**Тито Петковски:** Благодарам.

Почитувани колеги, мислам дека денес пропуштивме навистина добра прилика да направиме нешто добро за државата. Предложивме тема како НСДП со единствена цел да се изгради јасна државна стратегија како ќе ја водиме надворешната политика на државата. Во смисол претседателот на државата и премиерот односно Владата кои што се надлежни по Уставот имаат сериозни разидувања по круцијални прашања од надворешната политика на државата. Овие две теми, едната тема значи ние што ја предлагавме не е тоа само прашање за договор околу името туку воопшто договор како да се води државната политика, да нема дисонанција, она што ќе се договориме овде, а подготвено да се изрази претседателот на државата тоа јавно го соопшти за една таква седница да дојде, очекувавме разбирање и од премиерот и тоа што ќе го договориме овде во Собранието да биде обврска за сите нас заедничка. И кога ќе стане збор за вакви прашања, ова и она ние што го покренавме, да дишиме како еден организам. Мислам дека дури тогаш праќаме порака надвор дека сме сериозна држава, дека знаеме што сакаме. Инаку, вака ќе продолжат шпекулациите дека сепак имало некој пазар, или недај Боже некој синоќа ми рече, зарем може војводата и комитите да ги исплаши еден трактор што повлекол камен. Не го рекол тоа, јас говорам за една забелешка на луѓе, можеби тие шпекулации околу тоа денес веќе во весниците се тркалаат дека има некој договор, една варијанта, друга варијанта сите тие шпекулации ќе престанеа. И уште повеќе ќе престанеше шпекулацијата до колку навистина премиерот и министерот за надворешни работи дојдоа овде. Ние како пратеници, еве тргнувам јас од себе, јас немам фонд на информации, не располагам како што располага министерот за надворешни работи и премиерот за ова прашање, бидејќи тие ја водат надворешната политика. Ова е еден сегмент од надворешната политика на државата. Или ако сакате, еве нека е користен да речеме примерот на Црна Гора. Црна Гора прати во светот многу сериозна

порака дека е тоа сериозна држава. А тоа го констатирам во денешно време информацијата дека на седницата на Собранието на Црна Гора кога се градел став по однос на идеата да се препорача на Владата да го признае Косово, односно да воспостави дипломатски односи биле присутни и имале свое излагање министерот за надворешени работи и премиерот. А претседателот на државата на Црна Гора веќе пред самата седница го соопштил ставот, најавил можност за признавање на Косово односно за воспоставување дипломатски односи. Ние овде ги немаме ни едниот, ни другиот, ни третиот. Не знаеме што мисли претседателот, не знаеме што мисли премиерот, уште помалку знаеме што мисли министерот за надворешни работи и како Собрание ќе градиме позиција. Извинете, јас сакам од ова да го заклучам следново: ако веќе се испружа Собранието во прва борбена линија, да ме сфатите најпозитивно мислам не негативно, ќе кажам кој е мојот став и на НСДП по однос на резолуцијата, Владата после треба да си поднесе оставка. Владата е падната според мене, ако не постапи според резолуцијата на Собранието. Нема шанса да се вади Груевски, а извинете. Имаше шанса да дојде и да каже што мисли и ако Владата не го реализира овој заклучок, првиот на резолуцијата, првата точка за мене Владата е падната, нема да има легитимитет. А многу тешко ќе може да го направи тоа. Ќе бега сега, ама нема да може да бега постојано. Кај и да е ќе дојде во Собранието по овие најважните прашања. Зошто? Заради тоа што виде ако внимававте сношти кога се донесе резолуцијата, кога се усвои резолуцијата на Генералното собрание за Србија веднаш имате реакција на меѓународниот суд за правда во кои што рекоа доколку Генералното собрание побара од меѓународниот суд најбрзо што може да се реши да донесе одлука меѓународниот суд е година дена. И тоа само доколку според механизмите на меѓународниот суд доколку тоа посебно го бара резолуцијата на Генералното собрание. Значи, најбрзо што може да се постапи, ако некои земји го следат примерот на некои, на големите сили, меѓународниот суд може да донесе одлука најбрзо во рок од година дена. Значи ли тоа дека и Црна Гора и сите овие други држави кои гласале така како што гласаа, дека ќе чекаат година дена реакција на меѓународниот суд, па потоа да го кажат својот став, својот однос кон идејата за воспоставување на целосни дипломатски односи со Косово. Значи треба да имаме во вид, јас би рекол овде не чесниот однос на Владата, пред се на премиерот Груевски што на преден план без елементарни информации, без никаква информација претходна на Собранието да му препорача да воспостави дипломатски односи односно Владата да ги превземе сите активности. За мене навистина утешително е што Владата ќе биде делегитимирана доколку во еден кус период не воспостави целосни и дипломатски односи со Косово. И сега веднаш да кажам, ние со Косово мора да градиме добри односи, за мене немало дилема и тоа сум го кажал и порано. Македонија треба да го признае Косово, Македонија треба да воспостави целосни дипломатски односи со Косово. Не заради тоа што го бараа тоа Американците, или како наши стратешки пријатели, туку затоа што е тоа наш интерес, државен интерес е Косово е земја со која имаме најдобра соработка, најдобра трговска размена, значи најголема покриеност на увоз и извоз, едноставно земја со која треба да градиме пријателски односи.

Меѓутоа исто така треба да градиме пријателски односи со Србија не заради тоа што Србија не блокираше кога се осамостојуваше Македонија, туку пред се заради фактот што Македонија мора да гради добри односи со сите соседи ако сака да биде меѓународен субјект. Ние сме осудени како држава, како нација да водиме избалансирана и мудра политика за да ги сочуваме нашите интереси.

Македонија и во овој случај и во случајот со воспоставувањето на дипломатски односи со Косово мора да води избалансирана политика, да не ги навредиме чувствата на никого, за љубоморно да ги чуваме и нашите интереси да ги штитиме. Затоа побарав и добро е што инсистираат и моите колеги од СДСМ да дадеа информација и премиерот и министерот за надворешни работи, која е гаранцијата за Македонија дека нашите интереси ќе бидат сочувани, нашите државни национални интереси. Ние пред се мора да си ги чуваме нашите државни интереси, а државни интереси се да се задоволуваат барањата, потребите на сите граѓани.

Според тоа, за мене нема никаква дилема, легитимна е оваа Резолуција, легитимно е барањето и Македонија не е лошо туку напротив е добро што дава ваква препорака дека ќе треба Владата да ги искористи сите можности во рамките на нашите државни и национални интереси да воспостави дипломатски односи со Косово. На тој начин не само што ќе ги имаме сите соеди да се однесуваат коректно, пријателски кон нас, Република Македонија ќе прати сериозна порака дека е земја која заслужува да биде примена во НАТО и да добие датум за почнување на преговори со Европската унија. Сето она друго е ловење во матно или лов на вештици.

Според тоа, знам дека ова прашање е непријатно, премиерот е научен да доаѓа само на добри работи, тој можеше да се појави и на концертот и на Тоше и дури 10 минути да држи говор таму, да го злоупотреби Тоше Проески, ама овде не најде време да дојде, не најде можност да дојде во Собранието кога станува збор за едно мошне круцијално, мошне важно прашање, од животно прашање за државата. Знам дека тој ќе изгуби некој поен во својот рејтинг ако дојде овде и застане цврсто зад текстот на оваа резолуција во која во самиот текст, во трите точки не можете да најдете нешто лошо. Но сепак, ја знае тој пораката, во прашање се Албанците, не

се Македонците, јас како војвода тешко ми е таа работа малку јавно да ја прифатам.

Според тоа, и за пријатни и за непријатни прашања мора да се биде тука, да се одговара.

Да бидам конкретен, не е спорно, ние како НСДП ја подржуваме оваа Резолуција. Очекуваме Владата крајно внимателно да се грижи целосно за македонските државни национални интереси, а се разбира ако во конкретен период како што стои во текстот не воспсотави дипломатски односи, очекуваме да си поднесе оставка. За нас тогаш е нелегитимен.Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседател на Собранието, почитувани дами и господа пратеници,

Ја почитувам иницијативата за донесување резолуција на колегите од ДУИ, впрочем тоа е нивно уставно право.

Сакам да се вклучам во дебатата од неколку причини.

1.Без ниаккви резерви, во било коај пригода и по било кој повод и јас како пратеник би подржал иницијатива без разлика дали е тоа резолуција, декларација, препорака или нешто сосема друго со која Владата на Република Македонија Ќе се поттикне, па дури и ќе се обврзе да ги унапредува досегашните односи на соработка со соседните земји, со Косово, туку првенствено со сите земји со кои имаме соработка, со кои оствaруваме соработка во заеднички би рекол взаемен интерес со цел да се обезбеди непречен проток на луѓе, стока, капитал и идеи. Исто така, давам подршка на секој документ со кој Владата би се задолжила да ја афирмира принципиелната и конзистентна определба на Република Македонија како држава, со несмалено темпо да продолжи да ги развива соработката и добрите односи со сите соседни држави и со меѓуанродната заедница во правец на забрзување на процесите на евроатланските интеграции на Република Македонија.

Во овој дел од предложените заклучоци во Резолуцијата за која расправаме денес немам никакви резерви ниту пак дилеми со колегите од ДУИ. Меѓутоа, почитувани колеги пратеници, со сета сериозност ќе отворам неколку дилеми по овој повод.

1.Неспорно е дека статусот на Косово е еден од регионалните проблеми кои се белег на последниве две децении на Балканот, но не единствен.

2.Независно од статусот, факт е дека Косово е во непосредно опкружување и најблиско соседство на Република Македонија.

3.По случајна хронологија, но прво за значење за сите нас особено како пратеници во Републичкото Собрание особено во последните две децении во Република Македонија како држава, и покрај добрите наши намери и желби на сите граѓани во Република Македонија, сепак се соочуваме со сериозни проблеми, тешкотии и пречки.

Да не одиме далеку, еве ќе се задржам само на еден пример кој е топ национална тема и денес, проблемот со изнаоѓање взаемно прифатливо решение за името со нашиот јужен сосед. Проблемот за кој јавноста просто бруи, а надлежните институции за тоа прашање упорно молчат. Имавме Иницијатива за собраниска расправа, за што веќе зборуваа колегите од НСДП, преговорите траат веќе еден месец, Владата нема став, а Собранието пак нема абер, а веројатно и намера да проговориме за таа работа.

Четвртата дилема или многу важно прашање, што задолжително треба да го отвориме во дебатата за оваа точка е што мисли, што планира Владата на Република Македонија за ова денешно прашање. До сега конкретен став по ова не сме слушнале. Читаме по весници дека нашата делегација во Обединетите нации добила инструкции од Владата на Република Македонија да биде воздржана при гласањето на резолуцијата што во врска со Косово ја предложи Србија и дека Скопје го информирал Белград за тоа, меѓутоа,не дознавме ни зошто токму така е тоа, ниту пак што понатаму. Ако Белград е информиран за таа работа, зошто тогаш не сме и ние, зошто не се и граѓаните во Република Македонија. Читаме по весници и неофицијално слушаме, Македонија била под силен притисок од надвор и од внатре да го признае или да не го признае Косово. Кој тоа притиска, зошто, со каква цел и колку сето тоа ќе се одрази на нашите напори во врска со битката со името, во врска со остварување на нашите евроатлански интеграции. Да бидам поконкретен, кои се резултатите на политиката што ја води Владата на Република Македонија со властите во Косово во однос на демаркацијата на границата, апропо случајот во месноста Копиљача, каков е ставот и плановите на косовските власти да ја признаат нашата држава под уставното име.

Денес читаме сите ние во еден од дневните весници изјава на еден наш колега од власта, воедно и претседател на Демократската партија на Србите во Македонија кој по повод можноста Република Македонија да го признае Косово изрично вели дека тоа крајно негативно и со конкретно лоши по нас како држава потези ќе се одрази од страна на другиот северен сосед, Србија.

Значи, почитувани колеги пратеници, имајки предвид дека Република Македонија е мултиетничко општество и почитувајки ги чувствата на нашите сограѓани Албанци и сограѓаните Срби по етничко потекло, за да може Собранието да заземе став по овој предлог, Владата мора задолжително да одговори на повеќе прашања.

Прво и основно, согласно Уставот, согласно законите во оваа држава не Собранието, туку

Владата е таа коај што одлучува за признавање на други држави.

Второ, затоа што сите јавно изнесени аргументи за и против признавањето на Косово произлегуваат токму од владинит екоалициони партнери, и ДУИ и Демократската партија на Србите се дел од парламентарното мнозинство и дел од Владата.

Затоа, апелирам до Владата да не бега од своите уставни и законски надлежности. Претпоставувам само дека плашејки се од тоа како на рејтингот на самата Влада или пак многу повеќе на ДПМНЕ ќе се одрази, ако донесе една ваква одлука.

И на крајот почитувани коелги, не може Република Македонија, а пред се државните иснтитуции да функционираат нормално и да постигнуваат резултати ако единствената политика што ја води Валдата е политика на бегање на сопствената одгорност и префрлање на истата на друг терен.

Ценам дека е потребно, и само би повторил она што веќе кажано беше од другите колеги, дека би било многу згодно, многу добро да додје премиерот, министерот за надворешни работи и да дадат едноставен и аргументиран одговор на сите дилеми кои ги отвораме денес овде, се разбира само во име на Владата, а не во име на партиите од каде што тие доаѓаат. Во тоа име, знаете почитувани колеги, колку и да ги мешаме работите, колку и да сакаме да ги сокриеме тешко дека нешто останува под тепих или тешко дека нешто нема да излезе на површина. Така е и со вистината. Во тоа име колку и да се криjат нештата зад парламентарното мнозинство, сите знаеме каков ќе биде резултатот кога гласа парламетнарно мнозинство. Меѓутоа тоа е сосема краткотрајно. Затоа е најдобро да бидеме ... Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска**,** повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

На самиот почеток излегов и дискутирав и уставна одредба и одредба од Законот за Владата. Вие воопшто не го земавте предвид она што јас го кажав и со тоа при донесувањето на една ваква значајна одлука покажавте крајна непочит не само кон мене туку и кон пратеничката група на Либерално демократската партија.

Освен тоа, почитуван претседател, вие сте должни затоа што сме законодавен дом да ги почитувате законите и секако да работите според Уставот. Поради тоа уште еднаш ќе го прочитам член 91 од Уставот на Република Македонија, барем сеуште овој важечкиот кој што неколку пати го дополнувавме и изменувавме, а слушам дек аму престојат и нови дополнувања и изменувања, во алинејата 8 вели: Владата на Република Македонија одлучува за признавање на држави и влади. Ова е почитувани колеги Уставот на Република Македонија, ова почитувани граѓани е Уставот, вашиот Устав. Владата во овој момент не сака да постапува по Уставот, Владата во овој момент сака да се затскрие зад Собранието и не само што не го почитува Уставот, не го почитува ниту Законот за Влада каде што вели член 25: Владата му дава мислење на Собранието за прашања кои се во нејзина надлежност. Ако според Уставот нејзина надлежност е да одлучува за признавање на држави, а според Законот е да даде мислење, ниту го почитува Уставот, ниту ни дава мислење.

Вие почитуван претседателе сте должни да ги почитувате Уставот и законите. Ова е законодавен дом. Ако овде не се почитуваат законите, како можеме да бараме дда ги почитуваат граѓаните. Вие бевте должни, ако не обезбедивте писмено барање, да ги повикате пред се премиерот и останатите надлежни министри кои освен што се сликаат пред камерите фалејки се за секој поместен камен во Република Македонија или за секој напишан збор, да дојдат овде и да кажат каква одлука ќе донесат и каков став имаат во однос на признавањето на Косово.

Почитувани колеги, не сакам да бидам покритие на кукавичлукот, неодговрноста и задскривањето на Никола Груевски зад Парламентот. Јас почитувани колеги исто така не сакам и немам намера да бидам покритие за тоа што некој нема храброст да го направи, а храброста не му доаѓа од таму што се плаши дека ако излезе и овде јавно пред законодавниот дом го каже својот став по ова чувствително прашање дека може да му се случи, не дај Боже за 0,01 да му падне рејтингот, а ќе му се случи не смао за толку туку за многу пвоеќе. Од тоа бега господинот Никола Груевски.

Претседателе, со оглед дека не прифативте еднаш да го почитувате моето барање и барањето на пратеничката група на ЛДП, со оглед дека оваа седница е само во насока не за јакнење на државните интереси, туку реков во насока на задскривање на премиерот Никола Груевски и Владата зад Парламентот, во насока за да може повторно да излезе премиерот и да каже, како минатата година кога го добивме негативниот извештај од Европската унија, дека во тој Извештај се што е добро направила Владата, а се што е лошо, за тоа е заслужен Парламентот, особено опозицијата. За да не се остави повторно впечатокот дека Парламентот во Република Македонија е одговорен само за лошите работи, а Владата е одговорна за добрите работи, јас нема да учествувам во натамошната работа на Парламентот и да бидам покритие на Никола Груевски во моментите кога наместо тој сака Парламентот за него да ги носи одлуките кои за него - значи пред се тој смета дека ова не е добра одлука, и да се задскрива зад тоа. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Веројатно мислевте на оваа седница конкретно.

**Роза Топузова Каревска:** Да, на оваа седница конкретно мислев.

**Трајко Вељаноски:** Добро.

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе за дадениот збор.

Навистина денес на дневен ред пред Собранието имаме сериозно крупно прашање, крупен проект, но за жал со погрешна процедура.

Почитувани колеги пратеници, многу пати сме донесувале резолуции за важни прашања, за прашања од интерес на Република Македонија.

Тука, повеќето од нас сме пратеници во повеќе состави. За важните прашања кои што се од интерес за Република Македонија, секогаш, резолуциите, декларациите сме ги донесувале заеднички. Тоа значи уште од почетокот, од иницијативата, од работната верзија на декларацијата, или резолуцијата која значела интерес за Република Македонија сме учествувале сите пратенички групи. За оваа резолуција очигледно е дека опозицијата или пратеничката група на СДСМ, ниту учествувала, не само што не учествувала, туку, дотолку повеќе пратениците, нашите пратеници, не можам да тврдам за другите, ја добија сабајле непосредно пред почнување на седницата. За каков однос на Парламентот зборуваме према самиот Парламент и пратениците за вакви сериозни прашања. Уште повеќе, ако се земе предвид дека оваа резолуција, која што навистина, претставува крупен проект, решава крупно прашање, се протнува низ ова Собрание со погрешна процедура. Почитувани колеги пратеници, колку сакате вие ќе ќутите од парламентарното мнозинство, но со молчење не се бранат ставовите, или не можеме да дојдеме до вистински решенија. Јас знам дека пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ нема ни потреба да седи во текот на дебата овде, дека и да слуша аргументирана расправа од пратениците од опозицијата затоа што како што викаат вчера свикале координација и заедно со министрите ја искоординирале, и премиерот сигурно, ка искоординирале денешнава седница. Вчера им е дадена наредба на пратениците на ВМРО ДПМНЕ уште еднаш по кој знае кој пат да му бидат алиби на премиерот Груевски. И тие веќе знаат што ќе прават, нема потреба да слушаат дебата. На крајот ќе го стиснат копчето според наредбата која што синоќа на коалицијата падна. Но, за сите прашања не можеме така да се однесуваме. Мора да слушаме што зборуваат и оние што мислат поинаку од нас. Можеби понекогаш залутуваме по своите ставови, можеби ќе се исправиме понекогаш во ставот што сме го зазеле.

Факт е почитувани колеги дека со ставањето на оваа Резолуција без мислење на Владата по ова прашање кое што и според Уставот и според Законот за Влада и според Законот за надворешни работи е во надлежност на Владата, значи, погрешен чекор, значи, непочитување на Уставот на законите, непочитување на процедурите. Сето она што е донесено вон процедура, не е добро за Република Македонија, а знаеме зошто вака се постапува. Сето ова е со една единствена цел, Владата по кој знае кој пат да не си ги врши своите уставни и законски надлежности.

Почтувани колеги, кога бев студент на Правниот факултет, по уставно право, првата задача ни беше, кога учевме за суверенитет и за практикување на Владата беше дека суверенитетот приозлегува од граѓаните. Тоа беше мислам членот 2 од Уставот. И бидејќи сите граѓани не можат да ја остваруваат власта, мораат власта да ја практикуваат или да ја остваруваат преку демократски избрани претставници и други форми секако на практикување на власта. Затоа, почитувани колеги се измислени изборите. На изборите секогаш настапуваат политички партии, прават програми и секогаш граѓаните ги избираат храбрите, одважните луѓе, кои што во критични моменти ќе ги донесуваат важните одлуки во нивно име.

Почитувани колеги, дали ние денес во Република Македонија имаме таков премиер и таква Влада. Секако дека не и јас ќе ви кажам зошто. Немаме таков премиер и таква Влада затоа што кога требаше да се расправа за името за Република Македонија премиерот упати на референдум на граѓаните, а време нема за референдум. Затоа власта народот ја делегира, ја дава на премиерот и на Владата и на Парламентот. Сега кога треба да се одлучува за признавање на држава која е директна уставна надлежност, сега премиерот се крие зад Парламентот. До кога граѓаните на Република Македонија, до кога Парламентот, до кога останати институции и организации ќе му бидат алиби на нашиот “храбар премиер”. Дали ваков премиер и ваква Влада заслужува во вакви критични моменти да има Република Македонија.

Почитувани колеги, јас знам дека во овие 3 години не го видовме премиерот храбро да застане на браникот на државните интереси и да донесува клучни одлуки. Но, секако дека го видовме на многу места, не на места каде што се бранат интересите на државата. Не на места каде што се брани она што е приоритет на државата, туку постојано го гледаме на места каде што се држи рејтингот, неговиот и на неговата политичка партија, како тоа да е најважно. Затоа ќе го видиме, наместо да расправа за името, на хуманитарни концерти да собира поени. Наместо да расправа за признавање во Владата таму да си донесува решениа, ќе го видиме на чистење на некој канал или на некое добротворно друштво што не е лошо за мене но сметам дека..

**Рафис Алити:** ве молам придржувајте се на дневниот ред, а на дневен ред имаме Резолуција.

**Цветанка Иванова:** Сакам да кажам дека ова е надлежност на премиерот на државата и на

Владата. Ова не е наделжност на Собранието на Република Македонија. Може да биде надлежност и на Собранието доколку имаме мислење од релевантниот политички субјект надлежен по Уставот. Само тоа сакам да го нагласам.

**Рафис Алити**: Придржувајте се кон темата, а темата е Резолуцијата, не е доверба на Владата.

**Цветанка Иванова:** Еве сега ќе се придржувам кон темата.

Секогаш кога Владата презема или Парламентот кога презема одредени чекори, секогаш треба да се раководи од интересите на државата, од политиките и приоритетите на државата. Во овој случај почитувани колеги барем за мене како пратеник. Не зборувам од името на пратеничката група затоа што јас покрај тоа што сум член на пратеничката група, јас сум претставник на граѓаните од изборна единица 4. Приоритет за мене е по ова прашање демаркација на границата и секако кога Косово ќе стане субјект тогаш да добиеме гаранции дека ќе го признава нашето уставно име.

Почитувани колеги, пред два дена имавме инцидент и дозволете само да објаснам само што сум забележала. Имавме инцидент на северната граница. Излегува нашата министерка и вели дека ова е изолиран случај, дека не е некој сериозен настан и дека немало нарушување на нашата страна на границата како да има 100 граници со Косово. Оваа наша министерка денеска требаше да дојде тука, не заради пратениците од СДСМ туку за граѓаните кои што ја избрале и го довериле редот да го чува редот, да се грижи за безбедноста на државата, да дојде тука и да каже пред пратениците, таму каде што и е местото, дека навистина ова не е инцидент, дека навистина ова е изолиран случај и дека се се држи под контрола. Како порано порано екс наш сега многу ваш Боцевски неупатен вели: “ова е атак на профитерски криминални групи”. А тој не знае дека 2001 година така се почна, со атаци на профитерски криминални групи. На прашањето на лидерот на ДУИ вели, нема никаков случај. Значи, што е вистина. Јас сум доведена во забуна. Овие тројца носители на високи политички функции се од коалицијата од владеачкото мнозинство. Самите немаат став по одреден настан.

Понатаму, на прашањето дали има вооружени групи. За министерката Бог да чува, нема, за претседателот на ДУИ секако нема, а за косовската страна има, ќе го следат случајот и дури една албанска телевизија ни нуди снимки. Под претпоставка, еве, ништо н е веруваме, но дали не е должна министерката да дојде тука и да ни го разјасни случајот, за да можеме да донесеме правилна одлука. За да нвистина кажеме има ли инцидент нема ли инцидент, каменот на косовска страна е тргнат, или нанаша страна е тргнат и што понатаму.

Почитувани колеги, има уште многу да се зборува за прво, неискординирани ставови внатре во владеачкото мнозинство по одредени прашања, но ќе завршам затоа што уште малку времето завршува.

Синоќа беше гласана Резолуција во Обединетите нации. Нашите претставници во Обединетите нации гласаа воздржано. Во најмала рака, министерот за надворешни работи требаше да дојде овдека и да каже од кои аргументи се повеле нашите претставници и зошто гласале воздржано. Зошто и 24 часа покасно во Собранието се наложува да гласа или се поденсува ваква Резолуција и се бара да гласа. Од овие причини ги баравме премиерот, од овие причини ја баравме и министерката, од овие причини го баравме и министерот за надворешни работи затоа што тие се најповикани да дадат одговор на сите овие прашања за да можеме ние да донесеме вистинска одлука во ова Собрание, а не пратениците да служат како алиби за она, или како параван зад кој што ќе се крије Владата. Јас знам дека премиерот седи некаде во кабинетот и не гледа како тука ние дебатираме и го знае исходот. Но, граѓаните на Република Македонија ќе оценат, гледаат и ќе оценат дека Република Македонија за клучни моменти, за клучни прашања нема храбри луѓе. Нема храбар премиер, нема храбра Влада, нема храбри министри и затоа тие не заслужуваат да ја водат Република Македонија. Кога сме имале кога сме биле ние на власт, сме донесувале исто така клучни одлуки како што е Законот за Тетовски Универзитет, Законот за територијалната организација и секогаш сме го кажувале ставот и сме ги носеле одлуките. Затоа ја доведовме Македонија до кандидатски статус, затоа што имаше луѓе, и коалиција се разбира, која што знаеше што е приоритет за Република Македонија и кога знаеше во клучни моменти да застане на браникот на интересите на државата. Затоа бидејќи имаме ваква Влада која што бега од носење на клучни одлуки Република Македонија денеска од лидер во регионот е слепо црево. За жал, можеби и поназад ќе остани и зад оние кои што не ги сметавме како заеднички сотркачи во трката кај што одиме. Благодарам.

**Рафис Алити**: Благодарам на пратеникот Цветанка Иванова. За реплики се јавени Николовски Александар и Мукоски Крсто.

Збор има пратеникот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Се одлучив да реплицирам заради тоа што беа констатирани неколку работи од типот дека премиерот не е тука, дека министерката за надворешни работи требала да даде изјава, не дала, дека границита е обележана или не е облежана, како сме гласале вчера во Обединетите нации итн. и тоа се практично прашања кои се поврзани со Владата. Има институции и интерпелации можете да ги поставите. Ние имаме тука интерпелација на Владата и да одлучи Парламентот. Ќе дојдат и избори и ќе одлучи

народот дали Владата работела како што треба или не.

Но, она што е факт во сите досегашни дискусии на СДСМ кои што најмногу дискутираат по пријавеното е дека никој од пратениците на СДСМ не кажа став по однос на Предлог Резолуцијата. За односите на Република Македонија со Косово односно зборуваа процедурално. Тука е премиерот, не е тука премиерот, има камен на границата, нема камен на границата, тука е министерката за внатрешни работи, не е тука. Ниеден од колегите за оваа Предлог Резолуција, поднесена од колегите од ДУИ и од ДПА не кажа дали е за или е против. Би ве прашал, како координатор на пратеничката група на СДСМ да го кажете ставот, за да знаат македонските граѓани како ќе гласа пратеничката група на СДСМ, односно за оваа Резолуција, за, или против. Или цело време не напаѓа, цело време зборува против оваа Резолуција и против признавање на Косово, а на крајот ќе гласаат за. Како што во срцето на пример сте против нас, ама цело време зборувате за НАТО или против Европска унија , ама цело време зборувате за Европска унија. Тоа е еден континуитет кој што го имате во политиката, така што јас би ве замолил како координатор на пратеничката група да го кажете ставот на СДСМ, дали ќе гласате за, или против Резолуцијата. Ви благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За реплика од една минута се јави Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседател.

Јас мислам дека мојот колега треба да знае кои се уставните надлежности на Собранието и на Владата. За жал, зарди своето идеолошко или политичко, да не речам слепило, не ни размислува на Уставот. Јас само побарав нешто што ми е дадено со Уставот. Побарав да биде премиерот тука, зашто тој е надлежен за оваа работа и Владата и да ми даде мислење. Дали го гледате вие тука премиерот. Побарав министреката да дојде тука и да ми образложи за оние дилеми кои што ги имам за да кажам јас како ќе гласам господине Николовски. Ако вам ви кажала вчера министерката, јас не бев на вашата координација, бидејќи полиција ве обиколила, инаку ќе дојдев, ќе пројавев интерес. Инаку, очигледно е дека спремни сме за секакви дебати, за разлика од вас.

**Рафис Алити:** За реплика се јави Мукоски Крсто, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам господине потпретседател.

Јас се извинувам што не можев на колешката Цветанка да и сигнализирам, бидејќи јас истото сакав да го прашамандман. Искрено да ви кажам можев да го направам од страрт сценариото како ќе тече оваа дискусија, дури да ги предвидам дискутаните како по ред ќе се пријавуваат, од условно жестоки момци кои што ќе дискутираат со жестоко темпо, и дури некои не ги доликува на титулата, бидејќи ги навредуваат своите колеги, за што треба да се извинат. Се надевам дека до вас и вие ќе го соопштите вашиот став конечно како ќе се изјасни СДСМ, имајќи предвид дека претходните дискутанти НСДП и од ЛДП имаа доблест и се изјаснија како тие ќе гласаат по Предлог Резолуцијата.

Значи ве прашувам како вие целата целина ја имаме заокружено како вие ќе се изјасните по оваа Предлог резолуција и дали ќе ги следите ставовите на вашиот вд лидер, кој вчера јасно и гласна на Алфа телевизија се изјасни, ако можам да го цитирам на прашањето, што мислите за Косово, за признавањето на држава Косово, тој кажа дека држава Косово е завршена работа. Ви благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За збор е пријавен пратеникот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Сакам да го искажам мојот став по однос на ова прашање.

Прво, мислам дека се работи за една сериозна тема, една тема која заслужува и тоа како за дискусија, дебата и соочување на аргументите за и против. Тука треба да се отвори дебата и мислам дека е добро што пратениците од СДС во таа дебата учествуваат.

Прво, факт е дека Косово е реалност. Тоа е реалност и ние пред реалноста очите не можеме да ги затвориме. Она што заслужува одговор е како на таа реалност која ни се случува ние како пратници ќе пријдеме, немајќи го притоа ставот на сопствената влада, незнаејќи ги нејзините позиции, а таа е надлежна по законот и по Уставот сите овие работи да ги води. Мислам дека е тоа прашање кое и тоа како им дава право на пратениците од опозицијата да дебатираат, затоа што сакајќи да се констатира една реалност и да се направи еден нов пријател покрај кој заедно живееме, ние не можеме од довчерашните свои пријатели да создаваме непријатели. Кои се ризиците по тоа прашање, што е она што Македонија ја допира и кои се македонските национални интереси, од каде ние треба да тргнеме за да дојдеме до онаа одлука која можевме, ако поинаку ја водевме од постапката да ја изградиме со консензус. Меѓутоа, сега сме во една ситуација каде што тешко ќе можеме да зборуваме на маргинализирање или на минимализирање на штетите од политичките калкулации и ќе мора да одговараме пред оваа резолуција тука, иако непријатно е да добиете сабајле, а денес веднаш да дебатирате по неа, бидејќи не можете ни соодветно да се подготвите.

Сакам на почетокот да истакнам дека целосно ги разбирам ставовите на политичките партии на Албанците и тоа е логичен стремеж, бидејќи се работи за еден народ, се работи за луѓе кои имаат многу пријатели, многу семејства, многу роднини таму и тоа е работа која треба да се

почитува. Затоа, ова не е дебата за нивниот став, ова е дебата спроти сосема погрешната постапка по која ова прашање се води. Мислам дека нанесува штета на националните интереси на Република Македонија. Отворен беше тајмингот како прашање. Ние вчера имавме ситуација во која 77 земји го искажаа својот став по резолуцијата по едно многу чувствително прашање, а ние сме оние кои треба да го чувствуваат најчувствително, бидејќи се наоѓаме тука во регионот, заеднички живееме едни покрај други и да сакаме да биде поинаку, не би можеле. Затоа тајмингот денот Д после тоа да Македонското собрание со резолуција се јави, мислам дека е непотребно заострување на односите со еден наш друг сосед, со кој исто така мора да градиме добри, стабилни и коректни односи. Можеби сите оние аналитичари и критичари кои тврдеа дека Македонија требаше да го има својот став уште на почетокот како еден од првите сојузници на САД и да го направи тоа кога го направија Бугарија и Хрватска, беше нешто за што требаше да се размислува тогаш, меѓутоа од нејасни причини ниту Владата, ниту одговорните немаа став по тоа прашање, односно ставот се разгледуваше и се одложуваше. Мислам дека денеска е сосема погрешно и лошо тоа да се направи во духот на еден реванш. Пресметан ли е ризикот од одговорот на соседна Србија. Тука нема да зборувам за она што вообичаено како клише се зборува, дипломатските односи, економските односи помеѓу двете земји, сакам пред се да зборувам за нешто што мислам дека е многу важно. Дали еве со еден обичен човечки секојдневен пример колку наши студенти имаме ние во Србија, колку наши деца учат, студираат на српските универзитети. Каков ќе биде односот кон нив, на што тие таму ќе бидат изложени. Сето тоа се работи кои треба да се дискутираат и да се дебатираат и воопшто не е соодветно по една дипломатска офанзива која тие ја спроведоа во Обединетите нации каде што ние имавме став. Нашиот став не беше ни потврден на партнерскиот став на нашиот главен сојузник, меѓутоа не беше ни ставот кој го поддржаа 77 земји, што значи имавме став, требаше тој став да го имаме и денес.

Она што е очигледно е дека оваа работа на Владата која треба Парламентот денес да ја сработи, го става Парламентот во една непријатна ситуација да биде малтене случаен сопатник во оваа денешна агенда на Владата која треба да заврши на начин на кој очигледно дека е договорено и дека ќе се спроведе. Меѓутоа, прашањето што со демаркацијата. Не е воопшто за потценување тоа прашање. Што со односот на Косово спрема Македонија, тоа е исто така е прашање кое заслужува и тоа како дебата и воопшто не мислам дека ставовите на опозицијата по однос на ова прашање треба да се потценат, пред се, на пратениците од СДСМ. На Македонија и е интерес стабилно Косово и сите ние кои сме комуницирале со колеги од таму и сме разговарале, сваќаме дека предизвиците со кои се соочува Косово пред се во децентрализацијата во развојот на економијата се нешто што треба да се помогне и нешто што треба Македонија да биде партнер во тие односи. Меѓутоа, Македонија заслужува и респект на сопствената позиција, на сопствениот дигнитет. Завршувањето на прашањето на демаркацијата на границата е кристално чист став во однос на обраќањето кон Република Македонија е нешто што овој народ и сите наши граѓани го заслужуваат.

Би сакал уште да истакнам дека она што е и човечки и секако треба да го разбереме е дека загриженоста кај граѓаните која се рефлектира преку оваа резолуција во Парламентот поднесена од претставниците на политичките партии на Албанците е работа која е за респект, работа која треба да се проанализира, меѓутоа и работа која и поради дигнитетот на овие пратеници тука во Парламентот и на оној електорат кој стои зад нив, не заслужува да биде дадена во минута до дванаесет на седница.

На крајот би сакал, неодејќи на тезата дека треба да го доврљам своето обраќање до последната минута од тајмерот, да завршам со едно реторичко прашање заслужува ли Парламентот, почитувани колеги, да биде ставен во ситуација на омаловажена група на луѓе која или ништо не работи или не разбира што работи. Она што мислам дека воопшто не е добро како впечаток за сите нас и СДСМ има став по ова прашање и тој став ќе биде прецизен и јасен на самото гласање. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Збор има пратеникот Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Косово пред седум месеци донесе одлука во својот Парламент за независност на Република Косово. Многу набрзо САД ја признаа независноста на Косово и во овој период од 27 членки на Европската унија, 21 членка ја признаа независноста, од НАТО од 26, ја признаа 21 држава, од 56 држави на ОБСЕ ја признаа 32 држави, од Г-7 сите држави ја признаа независноста на Косово и во Советот за безбедност на Обединетите нации од пет членки три ја признаа независноста. Со ова што сакам да констатирам? Сакам да го констатирам следното. Наместо денешнава расправа за Предлог резолуцијата за признавањето на независноста на Косово и создавање дипломатски односи меѓу Македонија и Косово, но исто така можам да констатирам и тоа е моја констатација и на многу граѓани на Република Македонија, посебно на Албанците дека независноста на Косово доцни. Верувам дека вечерва ќе се изгласа за оваа Предлог резолуција, верувам дека оваа резолуција ќе се усвои, ќе се донесе и ќе даде можност Владата да донесе една формална одлука. Но, верувам уште повеќе дека оваа Предлог резолуција

предложена и од албанската опозиција и од албанската позиција, имам чувство дека има поддршка и од политичките македонски партии и другите партии, така што во оваа насока, иако задоцнета можеби е малку бледа оваа одлука за признавањето на Косово, верувам дека признавањето на независноста ќе ни даде една нова инфузија на меѓуетничките односи овде во Република Македонија, ќе ни даде една нова инфузија во изградбата на добрососедските односи меѓу Косово и Македонија, исто така меѓу Косово и Албанија и Република Македонија ќе донесе правилна одлука. Тоа од причина што ќе стане фактор, дополнителен фактор на стабилноста во регионот и исто така Република Македонија со право ќе отвори поголема можност за една поздрава, поуспешна соработка и економска помеѓу Македонија, Косово и Албанија. Со ова, почитувани присутни, почитувани пратеници, почитувани граѓани Македонија ќе се престрои меѓу 48 држави плус една кои веќе ја признаа независноста на Република Косово, Република Македонија ќе се престрои меѓу најсмелите и најјаките држави на земјината топка. Сигурно дека Македонија во оваа насока ќе биде поблиску до изградбата на една модерна држава, др жава каде меѓуетничките вредности и меѓуетничките односи треба да се почитуваат посебно кога знаеме дека во Република Македонија 1/3 од населението речиси се Албанци, додека од друга страна имаме др жава како што е Косово, каде што над 90% се Албанци, исто така и во Република Албанија.

Со ова сакам да завршам, Нова Демкратија ќе гласа за оваа резолуција, ќе гласаме за една здрава иднина на Македонија и на целиов регион. Ви благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За збор е пријавена пратеникот Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

На денешната седница на Собранието расправаме по Предлог резолуцијата потпишана од претставниците на политичките партии на македонските албанци за односите на Република Македонија со Косово.

Имајќи ги предвид објективните околности во овој историски момент во името на пратничката група на ВМРО-ДПМНЕ сакам да ве известам дека ќе се изјасниме во прилог на резолуцијата, со која ќе и се препорача на Владата на Република Македонија во согласност со Уставот и со законите да воспостави дипломатски односи со Косово.

Почитувани, знаејќи дека прашањето на косовската независност не зависи во значајна мера од позициите на Република Македонија, но свесни дека имаме свои интереси и дека како субјекти на меѓународните односи треба да се произнесеме за нив, ВМРО-ДПМНЕ смета дека подржувањето на косовската независност е резултат на најмалку три причини.

Првата причина се нашите македонски интереси, македонските државни интереси се сублимат на македонските национални интереси, вклучувајќи ги тука и интересите на нашите сограѓани Албанци, кои цврсто застанаа зад независноста на своите сонародници на Косово.

Македонските државни интереси се сосредоточија и во одбележувањето на граничната линија во делот на Косово согласно планот на специјалниот пратеник на генералниот секретар на Обединетите нации господинот Марти Ахтисари, кој е во својата завршна фаза. Исто така, македонските државни интереси се сведуваат и на потребата од градење на цврсто меѓуетничко единство во Република Македонија, заради што впрочем цврсто стоиме и зад исполнувањето на планот на Ахтисари на создавањето и на косовското мултиетничко општество во кое ќе бидат гарантирани правата на сите етнички заедници.

Втората причина е стратешкото пријателство на Република Македонија со САД и во таа насока членството на нашата држава во НАТО и во Европската унија. Република Македонија го почитува фактот што нашите најголеми сојузници и поддржувачи Соединетите американски држави застанаа зад независноста на Косово. За нас поддршката на Соединетите американски држави кое воедно е и најголем гарант и промотор на регионалната стабилност и безбедност е значаен индикатор кој меѓу другото го определи нашиот став по однос на иднината на Косово. Да не заборавиме дека Република Македонија која се бори за свое место во меѓународните односи во континуитет е подржувана, помагана и промовирана од страна на нашите сојузници за што најголеми сведоци бевме за време на последниот самит на НАТО во Букурешт. Во таа смисла и низ призма на амбицијата за интеграција на Република Македонија во НАТО како и за интеграција во Европската унија при одлучувањето кон ова прашање ги имавме во вид и заклучоците усвоени од страна на Советот за општи работи и за надворешни работи на Европската унија од 12 февруари 2007 година и 18 февруари 2008 година како и на Европскиот совет од 14 декември 2007 година во врска со иднината на Косово.

Третата причина за ваквата одлука е регионалната стабилност и соработка. Македонија раководена од основниот принцип на својата надворешна политика за градење на добрососедски односи со сите свои соседи останува посветена на натамошно унапредување и продлабочување на односите со сите свои соседи во сите сфери од заедничкиот интерес.

Во однос на соседна Србија искрено веруваме и ќе работиме на тоа нашите меѓусебни односи да продолжат да се развиваат, а традиционалните врски во сите сфери од нашето живеење да продолжат да зајакнуваат.

Во однос на Косово веруваме дека заемната политичка и економска соработка ќе продолжи да се интензивира бидејќи во моментот Косово се вбројува во редот на позначајните трговски партнери на Република Македонија со кој што оствaруваме голем суфицит.

Почитувани колеги пратеници,

Нашата држава се наоѓа во многу деликатна ситуација да ги оствари своите интереси на внатрешен и на меѓународен план без непотребно да ги искомплицира традиционално добрите односи со соседна Србија. Македонија постојано испраќала и ќе испраќа сигнали и ќе превзема чекори според кои развојот на меѓусебните односи е наш значаен приоритет. Затоа впрочем низ годините се инсистираше на завршување на меѓусебната гранична линија, на развој на економската соработка, на завршувањето на процесот на сукцесија на поранешната СФРЈ, на решавањето на статусот на МПЦ итн. Ваквата наша заложба во духот на меѓусебното почитување ќе продолжи да се остварува и во годините пред нас. Македонија и во иднина ќе настојува да ги јакне вкупните политички, економски, културни и други врски со Србија. Македонија и во иднина ќе се обиде во духот на добрососедските односи да и биде од корист на Република Србија на патот на нејзините европски и евроатлански интеграции.

Почитувани колеги, почитувани пријатели, веруваме дека нашата држава и во иднина ќе продолжи со градењето на добрите меѓусебни врски со сите свои соседи во новиот демократски амбиент на суверени и еднакви држави затоа што цврсто стоиме на позициите дека нашето заедничко минато, независно од денешните прилики ќе се олицетвори во заедничка демократска иднина како дел од европското семејство на народите. Ви Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За реплика се јави Бендевска Весна, повелете имате збор.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Колешке Бонева, иако добив впечаток дека вашиот говор е од позиција на носител на извршна власт, би сакала со вас да продискутирам околу три работи, соочени убаво уредно прочитани како званичен став кон оваа резолуција, на ВМРО ДПМНЕ чиј координатор сте.

Станува очигледно дека поседувате повеќе информации, иако сте пратеник исто како нас. Тврдите дека една од претпоставките зaади што изградивте став за поддржување на оваа резолуција е одбележувањето на македонската граница во делот со Косово. Токму и за тоа дебатиравме, заврши ли демаркацијата во делот со Косово. Можете ли на тоа да одговорите.

Второ, убаво кажавте дека апсолутно признавањето на резолуцијата ВМРО ДПМНЕ го темели врз заштита на македонските национални интереси и ние овде го отворивме прашањето дали министерот за надворешни работи и премиерот на Република Македонија веќе обавиле, согласност своите надлежности, разговори со претставници од Косово во делот на употребата на нашето уставно име Република Македонија.

Значи, прашањето е кратко и јасно. Тврдите дека со прифаќањето на оваа резолуција ќе се заштитат македонските национални интереси. Нема поголем национален интерес доколку Република Македонија најде нов партнер кој ќе ја условува со нејзиното уставно име. Ама ве молам, на крајот ќе ви ја соопштам мојата генерално најголема дилема. Ако ВМРО ДПМНЕ гласно, јасно дава поддршка на оваа резолуција, тоигаш ве молам, во отсуство на вашите колеги претставници на извршната власт, зошто вчера во Обединетите нации Македонија гласаше воздржано, каде е проблемот или во кој момент ВМРО ДПМНЕ го промени својот став. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За збор се јави пратеникот Сулејман Рушити, повелете имате збор.

(Пратеникот Силвана Бонева реагира)

Бидејќи по грешка сигурно не го притиснала копчето со кое треба да се пријави за контра реплика, има збор контра реплика една минута пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Јас се извинувам на колегите, меѓутоа, на време се пријавив, само што на другата страна од списокот, очигледно наместо на копчето “воздржан” притиснав “пријава”.

Почитувана колешке Бендевска, говорот кој што го имав не е опозиција на носител на извршната власт, туку јасно искажан став на пратеници односно на координатор на пратеничка група, на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, значи јасно искажан став за разлика од вас кои цел ден зборувате за резолуцијата а не го кажувате вашиот став.

Во однос на тоа дали завршува демаркацијата на границата, и вие и ние како пратеници сме информирани дека столбовите кои се поставуваат на два километри се поставени, оние кои се на 200 метра 80% скоро се поставени, значи завршува демаркацијата на границата со Косово.

Во однос на името, има цврсти уверувања Владата на Република Македонија од Косово дека воопшто не е спорно името на државата. И да ве потсетам уште од 1997 - 1998 година ниедна влада не потпишала меѓународен договор со името ФИРОМ. Тоа нема да го направи ниту оваа Влада. Благодарам.

**Рафис Алити:** Збор има господинот Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Ви благодарам господине потпретседател.

Почитувани колеги пратеници, се кажаа многу констатации во текот на поранешните дискусии

во однос на денешната резолуција, во однос на признавањето на независноста на Косово од страна на Република Македонија. Сепак, сеуште постојат прашања кои се отвораат денес од еден дел од дискутантите. Со желба да го свртат вниманието дека признавањето на независноста на Косово од страна на Република Македонија главно или е повеќе во интерес на албанските политички партии, односно граѓаните Албанци кои живеат во Република Македонија. Ова е вистина, ова не се дискутира, тука се семејните и емотивните врски на Албанците од Република Македонија и сигурно дека една таква дискусија во Собранието на Република Македонија или пак признавањето на Косово го очекувале многу порано. Тоа убедување постои дека тоа што се дискутира денес, за жал, е малку задоцнето, но за жал не се нареди Македонија меѓу земјите кои ги смета како стратешки партнер во Евроатланските стратегии и интеграции.

Од друга страна, се отвораат некои прашања кои во јавноста оставаат простор да се дебатираат, прашања кои фокусот го имаат во делот кај етникумот или пак кај македонските политички партии, оставајќи во воздух прашања во однос на тоа дали е во интерес и на Македонците и на Македонија, значи дали е национален интерес на Македонија признавањето на независноста на Косово. Сигурно дека да, сигурно дека може да се отворат и вакви дискусии, покрај врските, покрај традиционалните трговски врски и со Србија, меѓутоа и добрите односи во регионот, сепак сметам дека Македонија и граѓаните во Македонија, на македонските граѓаните посебно јавноста која ја следи политиката во Македонија е јасно дека доколку Македонија треба да избере меѓу некогашните традиционални партнери и новите стратешки партнери за евроинтеграции, сигурно дека треба да се нареди меѓу оние земји или политички кампус кои први ја поттикнаа всушност независноста на Косово, а потоа ја признаа независноса на Косово. Нема сомневање дека независноста на Косово е во интерес, голем интерес на Македонија, без да ги кажам уште еднаш сите аспекти, значи не само емотивниот аспект на Албанците кој сигурно треба да се земе предвид, имајќи предвид дека Албанците се значителен дел од граѓаните во Република Македонија, меѓутоа, постојат и други стратешки интереси за кои мислам дека не треба да има воопшто дилема и сомневање кај секој пратеник кој ќе гласа за оваа резолуција. Сигурно дека потоа треба заедно да ја охрабриме Владата колку што е можно побрзо оваа резолуција да ја активира, значи да донесе одлука за оваа резолуција и истовремено по овие прашања ќе следат и конкретните прашања кои Владата треба да ги преземе колку што е можно побрзо, отворајќи и амбасади на Република Македонија во Приштина и обратно.

Значи оваа резолуција треба да се поддржи, треба времето кое Македонија го изгуби, времето за признавање на Косово треба да се надомести колку што е мошно побрзо. Благодарам.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине Рушити.

Збор има пратеникот Стоилковиќ Иван.

**Иван Стоиљковиќ:** Благодарам.

Пред да почнеме да дискутираме за донесувањето на оваа одлука мошне е важно да се проговори за амбиентот во кој се донесува оваа Одлука. Амбиентот е мошне проблематичен, зборував на почетокот и во една реплика реков, една виртуелна реалност во Република Македонија 17 години и ќе се обидам во неколку примери да ја елаборирам. Го имате господинот Мендух Тачи кој после парламентарните избори не сакаше да влезе во Собранието од добро познати и оправдани причини, еве, ќе се осудам тоа да го кажам и цело време настапуваше со тезата дека кога ќе дојде на ред резолуцијата за признавање на Косово, тие ќе се вратат во Собранието на Република Македонија. Упорно неколку месеци сериозно го читам печатот и гледам телевизии, се обидувам да се информирам дали некој во Република Македонија ќе му постави прашање на господинот Мендух Тачи, знаејќи дека процесот на признавањето на Косово од страна на Република Македонија не е проблем, туку беше проблем одбивањето на приштинските власти да ја признаат Македонија под уставно име, некој барем во Република Македонија да му кажеше на господинот Тачи, господине Тачи, повелете во Приштина да ги убедите вашите сонародници, па дојдете, нема проблем, ќе ја завршиме работата.

Од тој аспект се надоврзав вчера на една мошне сериозна изјава од една пратеничка од ДУИ, која тоа што ние го гледаме со голи очи ни вели дека е монтажа, а плус тоа и додава дека тоа што било објавено на приватна телевизија не е океј, не е вистина, само е вистина кога ќе биде објавено на државна телевизија.

И третата работа која се надоврза на вчерашниот ден, изјавата на министерот за надворешни работи каде што зборуваше за некакви шверцерски криминални групи и слично.

Штета што не е тука министерот за надворешни работи да му кажеме дека кинењето на гранични камења не се врши од профитерски интерес. Дрва се крадат од профитерски интерес. Гранични камења се вадат од класичен политички интерес. Тоа тре ба некој на граѓаните на Република Македонија дефинитивно да им каже, доста беше залажување и замајување во целата приказна.

Денес се обидував да фатам вести на интернет, овде недостасуваше само изјавата на господинот Сашо Ордановски за целокупната оваа приказна да ги обвини српските служби дека тие стојат зад вадењето на камењата, за тоа што Приштина не сака да ја признае Македонија под уставно име инт.

Ете, ова е амбиент во Република Македонија кој 17 години упорно се употребува во политичкиот живот. Тоа е таа виртуелна реалност во која живееме цели 17 години и за ова треба конечно

во Република Македонија еднаш за секогаш да проговориме.

Легитимно е барањето на припадниците на албанската заедница во Република Македонија, бидејќи станува збор за нивни соработници и нивната поддршка кон нив, како што е легитимно и моето право да искажувам солидарност кон припадниците на српскиот народ. Меѓутоа, овде ние сме државјани и граѓани на Република Македонија и сме членови на Собранието на Република Македонија и овде работиме и живееме согласно Уставот и законите на Република Македонија.

Сега слушам дискусии овде, овде, господинот Макрадули мавта со некој лист хартија и му личи такво нешто, некаква изјава од весници зема, проблематизирајќиј го мојот став и однос кон Република Македонија, кон нејзиното уставно име. Во кампањата, во партиската програма е запишано дека за нас Република Македонија е уставно име на Република Македонија и даваме поддршка на македонскиот народ во борбата да го сочува своето уставно име. За овој мој став добив благодарница од претседателот на Република Македонија пред некој ден на новинарска средба, ќе цитирам: "Не ќе можевме оваа битка за името што ја водиме да ја водиме на толку успешен начин колку до сега", иако не беше сосема успешна, "да ја немавме поддршката од припадниците на помалите етнички заедници. Каков тоа удар ќе беше врз нашата политика во однос на името ако помалите етнички заедници не не поддржуваат". Тоа е еден одговор, само за да расчистиме некои дилеми кои се бесмислени, а се користат за да се задоволат некои дневно политички интереси.

Кога на целата оваа приказна се надоврзат платените лобисти кои во изминатите неколку години имаа платена работа да го убедат македонскиот народ да го прифати ова како добар ден, тогаш сосема е јасна приказната за сето она што се случува во Република Македонија и денешната резолуција која се наоѓа на дневен ред.

Она што можам да кажам дека ми е мошне драго е дека тие платени лобисти кои ги препознаваме и кои ги знаете сите не успеаа во намерата да извршат лоботомија врз свеста на македонските граѓани, па македонските граѓани ова да го прифатат на одреден начин, дури не да го прифатат на одреден начин, туку 2/3 од македонскиот народ оваа одлука не ја прифаќа. Тоа е расположението на јавното мислење во Република Македонија, кое е потврдувано во изминатите две три години при неколку последователни испитувања на јавното мислење. Тогаш сосема оправедано се поставува прашањето кого ние претставуваме тука. Како е можно, значи како е можно на таквото расположение на граѓаните овде во Собранието на Република Македонија да не се прекрие еден дел од тоа јавно мислење, просто е неверојатно да се заврши само на Иван Стоиљковиќ. И на крајот на краиштата, не е важно, нека се заврши само на Иван Стоиљковиќ, важно е нешто друго. Овде зборувате за сериозна државна политика, каква порака праќате кон Република Србија ако тоа оди унисоно и едногласно како што планирате да го направите. Па ќе ве потсетам, во Словенија една четвртина од пратениците беа против. Немојте да мислите дека тоа го направија од љубов. Не, тие го штитеа само словенечкиот капитал во Србија и тоа треба на сите да им биде јасно. Чешкиот претседател кога Владата на Чешка донесе одлука за признавањето на Косово се извинуваше на Србија. Што мислат, од кои причини, од љубов? Не, ги штитеше интересите на Чешка во Србија од една страна и од друга страна отвораше простор за натамошна комуникација, што овде не е случај. Овде некој зборува за сериозна државна политика, а овде нема ни П од политика. Тоа ако сака некој да го направи се прави на мошне едноставен начин, и ако овде некој сака да покаже дека е нешто не со голи зборови, со чинење. Затоа, го повикувам оној дел од пратениците кои ги познавам овде во Собранието, неколку се, кои кога ќе дојде моментот на гласање и ќе треба да стиснат копче, кога знам дека ќе им стои кнедлата во грло, ќе ги замолам да не им стои кнедла во грло, ако ништо друго барем да гласаат воздржано, независно од нивната партиска директива.

Каков би бил евентуалниот одговор на Република Србија во однос на оваа наша одлука, во светло на вчерашната одлука во Обединетите нации. Сосема одговорно овде ви тврдам, може да се случи Република Србија да го повлече признавањето на Република Македонија под нејзиното уставно име. Може да се случи и уште нешто, Косово и Метохија е постојбина на Српската православна црква, преку илјадници манастири на СПЦ и верски објекти таму се присутни. Какви ќе бидат последиците после тоа во однос на прашањата кои ја засегаат Република Македонија? Мислам дека треба сериозно тука да се разгледа и ова прашање.

Од аспект на тоа дека процесот кој помина во Обединетите нации е од клучно значење за меѓународната политика, само ќе ве потсетам дека по добивањето на мислењето на Меѓународниот суд на правдата година, две, или три, не е важно, Република Србија ќе биде доволно да покрена тужба пред било кој суд, со мислењето од Меѓународниот суд на правдата секоја др жава која ќе биде тужена ќе биде во мошне неблагодарна позиција. Немојте да ги гледате САД и земјите на Европската унија, тие ќе се пазарат со Србија и ќе се погодат. Но со што другите помали др жави и ние ќе се пазариме во евентуален таков случај. Ние едноставно ќе немаме аргументи или аргументијте ќе ни бидат избиени од ракав. Затоа се препорачуваше едно воздржано однесување во однос на ова прашање уште за еден временски период.

Она што на крајот е многу битно е дека целокупната оваа работа мора да се гледа во регионално светло. Говорејќи пред малку,

Силвана Бонева зборуваше за регионална стабилност и соработка, а сега ќе ви кажам тоа што вие го тврдите за регионална стабилност и соработка е една обична флоскула која нема никаква тежина во реалниот политички живот. Еве од кој аспект Република Македонија се наоѓа во мошне сериозна меѓународна позиција, односите со Грција се затегнати од аспект на проблемите кои ги имаме во врска со името, односите со Република Бугарија се елегантно замрзнати, а по донесувањето на оваа резолуција односите со Србија ќе бидат заледени. Патот и просторот на Република Македонија во однос на таа регионална слика или во тој преглед сосема е јасно каде ќе се движи. Дали е тоа желба на граѓаните на Република Македонија.

Меѓутоа, овде работите тргнале по патот по кој треба да одат. Една работа е мошне битна. Во Република Македонија живее дел од припадниците на српскиот народ. Јас во овој момент како одговорен човек ги повикувам на едно смирено и достоинствено однесување, машки, стоички да се прими неправдата и ударот, да не се подлегне на никакви манипулации и провокации.

И од тој аспект, значи само би сакал да се обидовме како Демократска партија на Србите во Република Македонија како Срби во Република Македонија да шириме позитивна енергија и да шириме соработка со македонските политички партии, очигледно работите не ни одат на најдобар начин.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За реплики се пријавени Мендух Тачи и Ермира Мемети.

Збор има пратеникот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Благодарам.

Ова ќе го сфатите како почит кон вас и кон вашите опции што ви реплицирам, многумина би рекле подобро е да ве игнорирам.

Но и покрај тоа треба да ги поделиме и позициите, ако се говори за независноста на Косово ова е еден процес на слободата и демократијата на еден народ. Ако се говори за Србија ова е протест на една криминализирана држава на еден геноцид кој го направи Србија во Косово и режимот на Милошевиќ. И од овој режим сега се оградуваат и Борис Тадиќ и Јеримиќ. Проблемот е во вашиот вокабулар е дека вие се враќате несвесно таму каде што не треба. Србите целиот тој криминал и геноцид што го направија во Косово почнувајќи од вас па до Тадиќ треба да побараат јавно извинување. Ние сме сведоци на еден егзодус голем во историјата на Европа кој го направија Србите. Самиот режим на Милошевиќ кој беше криминализиран. Потикнувањето кое сакате да го постигнете кај Македонците во однос со Албанците не ви функционираат тезите. Србија и ден денес не ја признава Македонската православна црква кое води во проблематички прашања и дилеми дека преку непризнавањето на црквата се засега и идентитетот. Вие и покрај тоа треба да се вратите и да анализирате дека процесот на независноста на Косово е леге арцис процес. Доколку Србија денес се пролаcи себеси независна тогаш ве прашувам вас, зошто не ја спомнавте Црна Гора во ова. Зошто вие спомeнувате прашања во Македонија со што потикнување на едно недоразбирање меѓу Косово и Македонија. Прашањето за името не се решава во Приштина. И ако сакав јас и сите други Албанци да одиме во Приштина и да го убедиме раководството на Косово за проблемот за името и другите проблеми, проблемот не се решава во Приштина. Проблемот за името и недоразбирањето кои ги има Македонија со Грција се решава во рамките на овој процес на интеграцијата во Европската унија и НАТО. Но во рамките на овој процес е принудено и ова што го правиме ние денес. Признавањето или препораките или обврската на Владата на Македонија за да ја признае независноста на Косово. Овие се многу значјни прашања кои не се во однос со нашите моментални емоции. Јас искрено мислам дека вие како политичар од нов калибар треба да имате сила да побарате, ако веќе говорите во име на интересите на српскиот народ кој живее во Македонија да побарате извинување за тој криминал кој Србија и криминалниот режим го направија во Косово.

**Рафис Алити:** Контра реплика господинот Стоилковиќ Иван, повелете.

**Иван Стоилковиќ:** Господине Тачи, ако тргнеме со извинување мислам дека треба прво да тргнеме од Албанците. Значи историски ако се враќаме назад затоа што проблемите меѓу Албанците и Србите траат веќе неколку векови. И вие тоа многу добро историски го знаете. Така да ако се фаќате само за еден дел од историјата на албанско-српските односи мислам дека ви е погрешна тезата. Проблемот е друг. Проблемот е зошто во однос на Албанците паѓа меѓународниот правен поредок. Зошто само за Албанците важат други правила. Нели настаните во Грузија ви докажаа или ви покажаа дека не е возможно меѓународниот правен поредок да падне само на еден случај и дека ако тоа се случи дека тоа подоцна ќе се случува континуирано. Од тој аспект господине Мендух Тачи работите ќе добијат сериозни размери. Земете го само примерот на Грузија, сетете се на него и само се потсетите дека северниот дел на територијата на Косово и Метохија не е под контрола на Албанците туку го контролираат Србите. Тоа е доволен предизвик дека работите не се одвиваат во добар правец.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За реплика е пријавена пратеникот Ермира Мемети.

**Ермира Мемети:** Ви благодарам господине потпретседател.

Добро е господине Стоилковиќ што ја спомнавте Северна Митровица, затоа што ова ме тера овде јавно во Парламентот на Македонија во кои што

сте и вие избран пратеник да ве запрашам и да побарам одговор за тоа што баравте вие во паралелната институција која што ја основа Република Србија во Северна Митровица и која што извираше од изборите кои што ги одржа Србија нормално без да има авторитет врз Косово бидејќи Косово објави независност. На 17 февруари говоревте за виртуелната реалност. Еве јас ќе ви кажам дека ова е прецизна констатација затоа што Република Косово денес е реалност и ние денес во Парламентот на Република Македонија бараме солидализирање, солидарност од пратениците и граѓаните Македонци да заедно затвориме едно многу болно поглавје, поглавје на распаѓањето на Југославија. Овој процес се кажал многу пати и ќе повторам и денес ќе заврши со актот на признавањето на независноста и од оваа Република, Република Македонија заедно со Црна Гора, нормално Србија има свои причини за да го одолговлекува овој процес, меѓутоа на крајот и таа ќе се соочи со реалноста од која што бега тврдоглаво. Господине Стоиљковиќ жалам што вие денес сте единствениот пратеник во Парламентот на Република Македонија  кој што говори за српските интереси, а не за македонските интереси. Ние сите настојуваме да најдеме кои се интересите на Република Македонија и зошто Македонија треба да ја признае Република Косово. Додека вие од оваа говорница како пратеник на Република Македонија земате слобода да се заканувате. Значи ни проследувате пораки од Белград, отворена закана дека постоела можност дека Белград да го спори уставното име на Република Македонија. И господине Стоиљковиќ ова не го кажуваат Албанците значи никогаш не сте слушнале од пратеници Албанци во оваа сала од оваа говорница да го спорат името на државата што сите ние ја застапуваме во чии институции сме избрани сите ние.

На крајот сакам уште два збора да кажам  што се однесува на името и границата, тоа што го кажав на почетокот, ние сме во позиција каде што како држава која што се соочува со предизвикот на признавањето треба да докажеме дека ја сфаќаме многу добро позицијата на нашите косовски соседи, затоа денес треба да демонстрираме конструктивност, позитивен пристап и нормално заедно да ја донесеме резолуцијата за признавањето на Косово. А што се однесува на границата светски е познато дека признавањето на независноста на Косово ќе стави крај на еден заеднички напор за стабилизација на Балканот кој што се уште го нарекуваат несигурен регион и нестабилен регион.

**Рафис Алити:** За контра реплика пратеникот Стоиљковиќ Иван.

**Иван Стоиљковиќ:** Знаете како, многу тешко ќе можете да се одбраните од тоталитаристичката свест која ја носите затоа што не одговоривте на она за што ве вас прозвав. Ве прозвав за сосема друга работа, а вие зборувате за сосема друга работа. Видете, една работа да расчистиме веднаш. Мојата политичка групација никогаш не учествуваше во субверзивни дејности против уставниот поредок на Република Македонија за разлика од партијата чиј став овде го промовирате. И сметам дека ова е сериозна провокација не само во однос на мене, туку и провокација во однос на мојата безбедност. Значи ќе повикам овде да внимавате затоа што вашите зборови можат сериозно да се одразат на безбедноста моја и на членовите на мојата партија.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Стоиљковиќ.

За збор е пријавен Минчев Горан.

Имате збор господине Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам потпретседателе.

За момент помислив дека има надеж да се зачува барем трошка достоинство во работата на оваа иституција. За жал се продолжува со кршењето на сите можни процедури.

Колеги од ВМРО-ДПМНЕ, почитувани пратеници, наредбите од вашиот шеф Груевски за вас очигледно се поважни од угледот на Собранието, но истот така претпоставувам дека се многу поважни и од интересите на државата. За вашиот однос кон законоте не сакам ни да зборувам, затоа што кога впрочем дозволивте нивно штанцање како една фабричка лента, не вреди ништо повеќе да се зборува. Вие почитувни колеги од парламентарното мнозинство денеска не дозволивте оваа резолуција во соодветните комисии онака како што личи на една сериозна институција да се разгледува. Тоа се комисиите за надворешна политика и за политички систем. И сакам овде пред целата македонска јавност отворено да ве прашам. Зошто? На што се должи тоа. Навистина не ми е јасно зошто оваа предлог-резолуција не ги помина сите регуларни филтри и зошто не се запази процедурата. Или пак можеби за некој ден како што постојано го прави претседателот на Собранието ќе се извините па ќе мислите дека народот пола ќе ви прости. Грешите. Се чуствувам срамно со еден збор, за она што денеска се случува во ова Собрание. За тоа ќе разговараме во некоја друга прилика. Сега би сакал малку да проговориме нешто за однесувањето кукавичко на вашите сопартици министри, а пред се за кукавичкото однесување на вашиот шеф господинот Груевски и по сто пати ако треба ќе го поставиме прашањето ќе го видиме ли господинот Груевски овде од оваа десна страна каде што навистина му е местото и ќе го видиме ли Груевски да го соопшти пред целата македонска јавност својот став. Јас го гледав Груевски како храбро, јуначки чистеше речни корита, го гледав и во Битола како храбро како пожарникарски бригадир гасеше пожари, исто така го гледав како зборува на концерт, меѓутоа за клучни прашања кои што се суштинско важење за важење за интересот на Република Македонија го нема нигде. Главата како ној забиена во песок. За жал, карактеристично за

Груевски, а станува карактеристично и за вас. Знам дека ви е тешко да носите вакви одлука, меѓутоа наредбите од вашиот партиски шеф мора да си ги спроведувате. Исто така би сакал да кажам до кога премиерот Груевски ќе ја замајува јавноста дека кој знае колку работи, кој знае што...

**Рафис Алити:** На дневен ред е резолуцијата господине пратеник...

**Горан Минчев:** Зборам за резолуцијата.

(Дофрлање на пратеник од место)

**Рафис Алити:** Така што треба да се придржувате на дневниот ред, не е на дневен ред господинот Груевски.

**Горан Минчев:** Почитуван потпретседателе, зборувам за резолуцијата и зборувам за она што не е содржано во резолуцијата и за она што инсистираме да го чуеме, ставот на Владата и за ставот на премиерот Груевски.

**Рафис Алити:** Добро е да зборувате за резолуцијата и за интересите на Македонија, а не е на дневен ред премиерот, господинот Груевски.

**Горан Минчев:** Да, меѓутоа, го чекаме неговиот став, има седница на Влада која што е закажана во 14,00 часот.

**Рафис Алити:** Сметајте го ова како прва дигресија. Добро е да се придржите на дневниот ред.

**Горан Минчев:** Добро е ако е дигресија во ред.

Значи ќе продолжам понатаму.

Еден ваков недостиг на храброст за кој што се кријат зад еден лажен патриотизам денеска се крие зад Собранието. Тоа е одговорност на еден човек по дефиниција кој што мора да е најодговорен за сите состојби во државата, но тоа повеќе не може да се толерира. Премиерот Груевски во секоја прилика вели дека граѓаните нему му ја дале подршката што е непобитен факт. Но исто така граѓаните го дадоа и мандатот на Груевски и на Владата да ги штити и да ги брани нивните интереси, тогаш кога е најпотребно, а не да бега како плашливец, секогаш кога има некоја жешка тема или кога е непопуларна за неговото појавување. Затоа не е чудно што вие мои колеги пратеници од ВМРО-ДПМНЕ или поданици го следите неговиот пример, па така имавме многу, дури само еден дискутант од ВМРО-ДПМНЕ да дискутира на оваа жешка тема. Ги нема ни оние најодговорните, министрите за внатрешни и надворешни работи, нормално некој оди во Дебалде, некој на друго место, меѓутоа, министерката Јанкуловска треба да сфати дека можеби граничниот камен треба да и го довезат пред зградата па да и стане јасно што се случува на просторот на Република Македонија. Или пак, како што е по обичај секогаш да се задскриеме зад некоја битна тема, верувам дека подготвува некое спектакуларно апсење, само не за коалиционите партнери од ДУИ поминаа веќе десетина дена, човекот го нема, може ќе дојде, односно ќе биде уапсен.

Почитувани колеги,

Јас доаѓам од втората изборна единици регион во кој што живеат граѓани со различен етнички идентитет. Денес добив огромен број на повици од моите сограѓани и на сите им беше заедничка поентата дека навистина едно вакво однесување на власта со еден збор е кукавичко и недолично. Колку имаат или немаат доблест тие од ВМРО-ДПМНЕ и премиерот Груевски ќе проценат самите граѓани. Ќе се намалува ефектот од сите оние реклами со кои што ја лажете јавноста. Веќе им станува на сите јасно на чело со премиерот Груевски дека бегате од одговорноста, бегате од тоа за што сте платени да го работите, бегате и од обични новинарски прашања, како што имавме на координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ вчера една изјава, дека сеуште не го донеле ставот, а сите знаеме дека постои пазар за овој став. Исто така некој пат се криете позади референдуми за да го кажете својот став, денеска се криете позади ова Собрание. Но затоа би ја искористил оваа можност и би се обратил до колгите од албанскиот блок. Сметам дека колегите Албанци имаат историска можност и да ја остварат својата намера, но и да покажат лојалност кон стратешките државни интереси на Република Македонија односно во земјата во која што живеат. Затоа сметам колеги Албанци, дека токму вие треба недвосмислено да ја дадете подршката кон предлогот на СДСМ т.е. прво, да заврши демаркацијата на македонско-косовската граница пред евентуално признавање, но исто така да се заложите кај официјланите ограни на Косово нашата држава да се именува под уставното име. Дефинитивно тоа вие треба да го направите бидејќи премиерот и министрите ги нема никаде, тие се шетаат и бегаат. Само така почитувани колеги пратеници ќе докажете дека навистина вашата определба е во една насока на градење на трајно добри меѓуетнички односи со сите земји во регионот. Само така ќе покажете навистина чувство и одговорност кон Република Македонија. Искрено и длабоко се надевам дека овој повик ќе биде прифатен од ваша страна за доброто на сите нас, за доброто на сите генерации и да докажете дека навистина сте проевропски и модерни политичари.

И на крај бидејќи надежта како и секогаш последна умира, ќе кажам дека се уште се надевам дека во текот на оваа седница ќе се појави господинот Груевски со останатата свита од неговата Влада и берам ќе се обиде барем лично мене да ме убеди, а верувам и вас, дека кукавичлукот не му е основната особина на неговиот карактер. Се надевам дека барем еднаш ќе собере храброст и пред сите нас јасно и гласно ќе го каже својот став нормално ако воопшто го има. Во спротивно граѓаните на Република Македонија треба да знаат дека се оставени во милост и немилост на најнеодговорниот политичар што воопшто чекорел на овие простори. И дека не сто, туку илјада чекори од неговата фамозна проширена и надградена програма ќе бидат бајки за мали деца кога човекот со најголем рејтинг во случајот

премиерот е човек со најмало срце во оваа држава. Би благодарам.

**Рафис Алити:** Бидејки не можев да се јавам за реплика, се симнав на говорница.

Навистина сте доста конфузен господин Минчев, велам сте конфузен од причина што говорите многу невистинити работи. Кога ги слушам политичарите посебно се разбира на партијата на која вие и припаѓате, кога излегуваат надвор од земјава и говорат за интересите на Република Македонија, се добива впечаток кај граѓаните, но и кај мене дека вие требаше да поднесете една ваква Резолуција која ја потпишаа пратениците Албанци. Велам, слушајки ги челниците на вашата партија која вие денес ја застапувате овде во ова Собрание.

Би сакал искрено да ни кажете во кои стратешки интереси на Република Македонија не сме ве поддржале ние пратениците Албанци. Би сакал исто така да ни дадете еден аргумент во оваа нсока. И вие сте свесни дека такви аргументи не можете да понудите во овој момент. Така што ве разбирам и вас, но и другите пратеници дека ви требаат политички поени да ги стекенте од граѓаните, но мислам дека во оваа тема која е денеска не е добро да добивата политички поени . Напротивнад сите интереси треба да бидат државните интереси, а интерес на Република Македонија е да го признае Косово, да ја признае новата реалнсот и интерес е на Република Македонија да се вброи меѓу демократските на напредни светски држави. Благодарам.

Контра реплика има господинот Горан Минчев.

**Горан Минчев:** Благодарам потпретседателе,

Ние воопШто не ни знаевме дека се подготвува една ваква резолуција. Воопшто не беше доставена до нас. Би ве запрашал вас со една контра прашање - зошто на оваа Резолуција не се потпишани вашите коалициони партнери, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ? Зошто онака како што е редот Владата не го искажа својот став и даде мислење на оваа собраниски седница за оваа Предлог резолуција.

Што се однесува до нашиот став тој е многу јасен, долготраен и концизен.

СДСМ го подржува планот на Мари Ахтисари, Ние одамна кажавме дека признавањето на Косово можеби е реалност, меѓутоа мора претходно да биде одбележана границата односно да се изврши една демаркација на границата и нормално една држава која што имаме намера да ја признаеме да преговараме да не признае под уставното име. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За збор е пријавен пратеникот Мендух Тачи.

Има збор пратеникот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Благодарам.

Се повлекувам од дискусијата.

**Рафис Алити**: Благодарам.

За збор е приајвен пратеникот Горан Сугаревски.

Има збор пратеникот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Почитуван потпретседател, почитувани коелги пратеници,

Денес пратеничката група на СДСМ побнара мислење од Владат ана Република Македонија по однос на Предлогот на резолуцијата која беше поднесена.

Исто така побаравме да дојде тука претставник од Владата на Република Македонија, да не удостои да дојде на собраниската седница и на крај побаравме оваа Предлог резолуција да биде разгледан аод матичните комисииодносно од Комисијата за надворешна политика, Комисијата за политички систем, но за жал парламентарното мнозинство ги одби сите овие рпедлози.

Дали за ваква крупна политичка одлука е допуштено на оваа седница да не биде присутен премиерот на Република Македонија, минситерот за надворешни работи, минситерот за внатрешни работи. Одговорот е не е допуштено.

Уставот е многу јасен. Член 91 од Уставот гласи: “Владата воспсотавува дипломатско и конзуларни односи со други држави”. Денес, повторно имаме тотално одбегнување на одговорност за донесување на важни политички одлуки на Владата на Република Македонија. Владата, која дава мислење и став како би се однесувала по оваа важна политичка одлука.

Цело време се бега од одговорност и самиот факт што Уставот и законите даваат за право Владата да воспоставува дипломатско конзуларни односи со други држави, сега топката се префрла на Парламентот, а одлуката ја носи Владата, како во случајот со името така и сега со оваа Резолуција за Косово не се соопштува нејзиниот став.

Овде Владата, поточно МНР треба да одговори конкретно на неколку прашања.

Прво, дали е завршен процесот на демаркација на границата.

Како е завршен процесот на демаркација?

Неколку денови гледаме дека се покажуваат снимки каде има проблем со демаркацијата за кој Министерството за внатрешни работи не уверува дека е само обичен или изолиран инцидент, меѓутоа станува јасно дека има сериозен проблем со демаркацијата.

Дали премиерот, Министерството за надворешни работи разговарале со претставниците на Косово за признавањето на уставното име на Република Македонија?

До сега ни еден претставник од косовсакта администрација нема искажано став по повод признавањето ан Република Македонија под уставното име. Напротив, нивниот став ќе бил ист како ставот на меѓународната заедница.

Дали Владата може да даде гаранции дека Косово ќе го употрребува нашето Уставно име.

Ние како пратеничка група апсолутно ги разбираме чувствата на албанските партии за

своите сонародници на Косово, меѓутоа тука мора да се истакне дека најпрво треба да заврши демаркацијата на границата и нормално прашањето за употреба на уставното име на Република Македонија.

Вчера, на гласањето во Њујорк претставниците на Република Македонија гласаа воздржано, кој е ставот на Владата на Република Македонија?

Денеска гледаме дека нема став или можеби останува зад вчерашното гласање, или пак денес има поинакво мислење од вчерашното.

Како ние денес би донеле ваква издржана силна политичка одлука кога нашата Влада за жал не го дава своето мислење, ниту ни дава потребни информации. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе.

Веќе многу време дебатираме околу Резолуцијата и многу работи беа искажани, ќе се потрудам да бидам што пократок и поконцизен во однос на оваа Резолуција.

Повторно за жал не е туак претседателот на Собранието да ни објасни зошто имаше потреба од дополнителна седница, иако цело време го прашувавме на почетокто на седницата и зошто нема претставник на Владата ако се работи за едно така значајно прашање, како што е прашањето за признавање на независноста на Косово.

Навистина, доведувањето на Собранието е на ситуација да дебатира без притоа да има потребни информации кои што само Владата може да ги достави, кога иамме ситуација во Уставот дека Владата е таа која што признава држави. Владата согласно Законот за надворешни работи е таа што воспсотавува дипломатски односи со држави. Да немаме претставник од Валда, а да дебатираме дали има или нема потреба од признавање или прифаќање на оваа Резолуција сокоја што ќе се сугерира на Валдата да го признае Косово е навистина несериозно прво од тој што ја свикал седницата, потоа од тој што е на власт.

Рдно вакво значајно прашање во најмала рака требаше да се потруди владеачкото мнозинство заедно со коалиционите партии да обезбеди согласност од сите. Не може да се нафрли тоа прашање кога наназад веќе долго време се дабатира кога ќе биде или кога нема да биде признавањето, а при тоа никој да не зборува кои се националните интереси на Република Македонија.

Затоа ние како политичка партија кажуваме јасно дека додека не се заврши демаркацијата на границата и додека не се расчисти употребата на уставното име од страна на Косово ова прашање околу признавањето на независноста треба д апочека. Но, одговор на овие рпашања треба да достави Валдата. Ние вчера имавме инцидент во кој Што жители на пограничниот регион ги откорнаа граничните камења и сега сето тоа се релативизира и ни објаснува некој дека било поради криминални мотиви. Ако се луѓето криминалци прво нема да се сликаат пред телевизии. Нема зошто да го влечат каменот. Даваат јасен сигнал дека не ја признаваат границата. Значи имаме проблем. Колкав е обемот на проблемот? Што може да произлезе од целата таа ситуација. Некој треба од Владата да ни каже. Собранието не е извршна валст, ги нема тие механизми, Владата е извршна валст во оваа држава и треба да даде одговор на ова прашање. На крајот на краиштата треба да испадне Валдата и да каже дека денеска на денешната седница имаат точка на дневен ред, признавање на независноста на Косово и да ги објаснат причините. Така се прави во нормални држави, во демократски држави какви што скааме да бидеме. Вака друг да ја носи одговорноста, или да се оправда одлуката затоа што Собранието донело резолуција, па Владата морала да постапи по резолуцијата, навистина не е во ред. Да имавме овде претставник од извршната валст верувајте и изгласувањето на резолуцијата ќе имаше друго значење. Вака не можеме да прифатиме дебата, само заради дебата да ги соочиме овде нашите аргументи. Притоа можеме да навлеземе во нарушување на меѓуетничкит еодноси, да навлеземе во меѓупартиски препукувања, а многу работи на сите нас не ни се јасни, барем зборувам за мене.

Навистина, ваквото ставање повторно на Собранието во подрена улога, аспоред Уставот имаме уставна надлежност да ја контролираме Валдата, не е во ред.

Околу амбиентот во кој се предлага да се донесе оваа Резолуција и тука не добивме одговор. Зошто токму денеска после вчерашното изгласување на Резолуцијата на Обединетите нацоции за да случајот со независноста на Косово да се разглед ан меѓународен суд кога нашите претставници таму гласале воздржано. Зошто токму веднаш после тој ден ние треба да донесеме Резолуција, а Владата на седница да го признае Косово. Кој е тука македонскиот интререс. Ако ние треба да постапуваме по налозите на меѓународната заедница, или некои наши приајтели тогаш кој е интересот да псотапиме така. Имаме други нерешени прашања во државата. Имаме спор со Република Грција, кој што како е тргнато не се знае кога ќе заврши. Зошто меѓуанродната заедница и тука не застане вака цврсто и да каже на Грција дека не е во право. Ние сега треба да се однесуваме можеби по нечиј налог.

Од друга страна целото ова поклопување на сите овие отворени прашања во рокод три дена, имаме предлог на медијаторот Нимиц, денеск аимаме Резолуција. Дали ВМРО-ДПМНЕ сака да внесе забуна кај граѓаните.

На крајот имате листа од рејтингот, колку е висок рејтингот на партијата и сега влегуваме со пресметки ова нема да ни наштети многу, само

ќе внесеме разни конфузии кај граѓаните дека од една страна иамме голем рејтинг , а од друга стран не можеме овие рпашања да ги преминеме и мора да ги решиме. Таквата игра веќе мислам дека не може да помине на Владата.

Или ќе си сноси одговорност и Ќе си ги кажува ставовите за вака значајни прашања или пак граѓаните треба да размислат на кого даваат доверба. Не може како што зборуваат колегите за добри работи да испаѓаат сите министри да се сликаат, а за вакви, и ова е важна работа да нема став од Валдата, цел ден гледаме по интернет, чекаме по вести, никој не е испаднат од Валдата да го каже ставот.

Сакам да кажам дека треба многу внимателно да се оди со ова. Ние сме први соседи и на Косово и на Србија и тука треба добро да се размисли како понатаму ќе се одрази целата работа. Има добар дел држави кои што не ја признаваат независноста на Косово и покрај препораките на Европската унија. Знаеме тука се Шпанија, Кипар, земји кои што имаат слични проблеми како Србија. Значи имаат ентитети кои што бараат независнсот и тие не се први соседи, се обидоа да се заштитат со тоа што не ја следеа политиката на Европската заедница. Ние немаме дебата или немаме одговор од Валдата кој е нашиот интерес, бидејки и ние имаме таква ситуација, знаеме дека голем дел од населението во Република Македонија, 25% е од албанската етничка заедница.

И сега кога имате една ситуација на итна седница, без мислење на Влада, ставање резолуција пред пратениците, без да имате одговори која би била реакцијата на сите нас. Логична е реакцијата да побараме одговори од Владата.

На крајот би сакал да кажам дека и при признавањето треба да се вниамва како тоа ќе се одрази на економски план на Република Македонија. Република Србија според официјалните податоци на Државниот завод за статистика во периодот јануари-јули е прв економски партнер. Размената со таа земја е 900 милиони долари. Увозот е 570 милиони, извозот е 330 милиони. 240 милиони имаме суфицит. Малку се земјите со кои што имаме таков обем, прва е на листата после Германија и другите земји од Европската унија. Да не се залажуваме дека тоа нема да има одраз и врз економскте односи.

На крајот не е тука господинот Стоиљковиќ, се јавија многу пријатели кои што припаѓаат на српската заедница, се согласуваат со неговата дебата но ме замолија да го прашам дали има став во однос на тоа до колку Валдата го признае Косово дека неговата партија ќе ја напушти коалицијата. Балгодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За збор е пријавен пратеникот Менде Диневски.

Повелете имате збор господине Диневски.

**Менде Диневски:** Почитувани, пред мене ја имаме Резолуцијата која на 3.09.2008 година беше поднесена од страна на пратеничката група на ДПА и која до ден денешен не беше поставена на седница на Собрание на Република Македонија од една едноставна причина. Заради тоа што ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ во изминатиот месец дена имаа толку многу несогласувања што немаа конечен договор околу една ваква резолуција или околу едно вакво сериозно прашање.

Денес во утринските часови беше поставена на дневен ред резолуција повторно потпишана од пратениците на ДПА, но сега подржана и од рпатениците на ДУИ и нормално во експресно време истата е ставена на дневен ред и по истата ние дискутираме.

Зошто дискутираме, затоа што ВМРО ДПМНЕ и ДУИ конечно ги испеглаа ставовите по однос на сите клучни прашања кои ги имаа во изминатиот период. И јасно е дека една ваква Резолуција стигна на дневен ред заради тоа што ВМРО ДПМНЕ заедно со ДУИ направија еден сериозен договор. ВМРО ДПМНЕ не може да прифати некоја друга политичка партија која не е со неа, поднесе и одредени закони, предлози до ова Собрание макар да тоа се работи од суштинско значење за граѓаните. Ќе направам една мала дигресија. Така беше и со Законот за стечајците кога и покрај тоа во изминатите две години пратениците на опозицијата поднесуваа закони за решавање на нивното прашање, сепак требаше да дојде предизборието за премиерот да потпише договор со стечајците од страна на токму на ВМРО ДПМНЕ истиот закон да се стави на точка на дневен ред и да се изгласа но на штета на самите стечајци. Денес го поставувам следното прашање. Зошто кога веќе слушнавме дека ВМРО ДПМНЕ има став околу оваа Резолуција, зошто го немаме премиерот зошто го немаме министерот за надворешни работи, исто така и министерот за внатрешни работи или воопшто немаме претставник на Владата, тој став согласно Уставот кој го имаат јасно и гласно да ни го пренесат. Зошто постојано премиерот за сите клучни прашања и ВМРО ДПМНЕ се кријат позади некој друг. Во овој случај се кријат позади Собранието. Зошто премиерот не излезе и да го соопшти својот став, зошто тоа го прават пратениците од ВМРО ДПМНЕ како да тој не е претседател на ВМРО ДПМНЕ.

Пред неколку дена или во понеделникот потпретседателот или вицепремиерот на Владата Боцевски изјави: “Република Македонија мошне внимателно сериозно и претпразливо го разгледува развојот на настаните во врска со статусот на Косово и секоја одлука што ќе ја донесе Република Македонија ќе се темели врз нашите национални и државни интереси, како и се разбира димензијата која што ја има Република Македонија во однос на нашите ЕУ и НАТО интеграции така како што и досега нашата политика беше мошне мудра и мошне рационална и од тоа се разликуваше Република

Македонија од другите земји во регионот беше тоа што нашата надворешна политика беше секогаш политка на една мирољубива и една многу рационална држава, а ние никогаш немавме никакви истрчувања, било лични било партиски туку напротив секогаш се работеше за државните интереси на Република Македонија". И сега го поставувам прашањето. Како вчера Република Македонија која не истрчува не ги става во прв план личните интереси, не ги става во прв план партиските интереси, беше воздржана по однос на едно прашање во Обединетите нации, а само преку ноќ или утрово ВМРО ДПМНЕ соопшти дека токму ваквата Резолуција ја подржува. Што тоа се случи во овие неколку часови во однос на ВМРО ДПМНЕ и во однос на релациите со ДУИ. Никој, дефинитивно никој од Владата во текот на денешниот ден не излезе со јасен став да ни каже зошто го смснивме ставот од вчера до денес. Согласно Уставот на Република Македонија член 91 ќе го цитирам: " Владата на Република Македонија воспоставува дипломатски конзуларни односи со други држави како и донесува одлуки за отворање на дипломатско конзуларни претставништа во странство". Зошто, се поставува прашањето, како и во однос на името повеќе од две години не можеме да го слушнеме ставот на Владата, иако е истата надлежна токму по ова прашање или токму по оваа Резолуција. Претставниците на Владата пред нас навистина треба да дадат информации и да ни соопштат дали до сега се преземени сите активности и дали се заштитени националните македонски интереси. Не знаеме дали е завршен или не е завршен процесот на демаркацијата. Слушнавме од координаторот на ВМРО ДПМНЕ дека тој процес ќе заврши, парламентот дури госпоѓата Бонева знае на 200 метри какви столбови се поставуваат , на 20 метри какви, па кои се повлечени, дали се таму, не се таму, дали се од косовската страна или се и од македонска. Ние тие информации дефинитивно ги немаме. Зошто никој од Владата вклучително и министерката за внатрешни работи не дојде да соопшти што се случи во текот на вчерашниот ден дали тоа може да добие некои и посериозни размери или тоа е само еден изолиран случај кој сакаше вчера да го прикаже вклучително и министерот за надворешни работи кој изјави дека се работи, замислете за криминални групи, исто како во 2001 година кога ни тврдеа дека по Шар планина шетаат овчари. Не знаеме дали премиерот и Министерството за надворешни работи имаат некакви информации и контакти со косовските страни за признавање односно за воспоставување на дипломатски односи, дали тие дипломатски односи ќе се воспостават под нашето уставно име. Како тоа не знам почитувани пратеници од ВМРО ДПМНЕ постојано го браните името од некого, а постојано кога се работи за името не се изјаснувате и не го кажувате вашиот став. Затоа, почитувани без мислење на Владата, без вистинска информација навистина е тешко да се донесе издржана објективна одлука бидејќи пред нас очигледно дека ги немаме сите информации. Ако навистина сакаме да се водиме од националните интереси на Република Македонија мора да се затвори прашањето околу демаркацијата на границата како и прашањето за воспоставување на дипломатските односи под уставно име. Благодарам.

**Рафис Алити:** За реплика е пријавен пратеникот Стоиљковиќ Иван, повелете.

**Иван Стоиљковиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

На кратко бев излезен се извинувам на колегата, на претходниот колега пратеник е репликата. Јас не знам што е работава. Значи десетина излагање од пратеници на СДСМ, не знам кој пропушти да го спомне името мое или на мојата партија. Не знам во што се состои работата, затоа што цел ден овде работиме, го слушаме ставот на сите пратенички групи, само не стигнавме да го слушнеме ставот на СДСМ.

Господине Николов, ако сакате да постигнете одредена политичка цел, таа политичка цел ќе можете да ја постигнете само со практични политички чекори, а не со давање било какви паушални изјави. Значи, на гласањето или со ставот во врска со гласањето ќе зависи и се она што сакате да иплицирате во врска со вашето излагање. Затоа ќе ве замолам, не е спорно можете да спомнувате колку сакате, меѓутоа заборавете веќе еднаш за секогаш на србите во Македонија да им подметнувате разни прикаски. Србите во Македонија имаат и своја партија и свој политички интерес и ќе се однесуваат согласно сопствените политички интереси, а не согласно вашите политички интереси.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Контра реплика пратеникот Николов Марјанчо, повелете.

Добро процедурално имате збор.

**Марјанчо Николов**: Значи господине потпретседател, ако репликата на колегата Стоиљковиќ се однесуваше на моето излагање, не требаше да му дадете реплика, бидејќи согласно Деловникот тој може да се пријави за реплика само по завршувањето на мојот говор и не е во ред сега да му дадете предност да се изјасни за она што го зборував, а јас да немам право. И господине Стоиљковиќ вие ако повикувате на непринципиелност на СДСМ и неискажувањето на ставот, сепак не го слушнавме вашиот став. Бидете принципиелен и кажете го ставот, јас јасно поставив прашање на барање на мои пријатели од српската заедница. Дали вашата партија ќе ја напушти коалицијата ако Владата го признае Косово. Многу јасно. Ако сакате став на СДСМ кажете го прво вашиот став.

**Рафис Алити:** Марјанчо, јас не можам однапред да знам на кому ќе му реплицира пратеникот така што ова не е процедурално.

Господин Стоиљковиќ бара процедурално.

**Иван Стоиљковиќ:** Кога веќе се надмудруваме, процедурално и јас барам.

Пред 6-7 месеци поднесов Декларација за почитување на меѓународниот правен поредок во Собранието на Република Македонија. Должен сум значи објаснување..

**Рафис Алити:** Благодарам господине Стоиљковиќ. И вие немате право како што немаше господин Марјанчо.

**Иван Стоиљковиќ:** Процедурално господине потпретседател, ја исполнивте сега желбата на господинот Николов, па оставете да се доискажам . Ако еден минут јас спорев работата на Собранието на Република Македонија,..

**Рафис Алити:** За збор е пријавен пратеникот Оровчанец Ѓорѓи и имате збор господине Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господние потпретседателе.

Пред да дојдам на говорница воопшто од синоќа кога беше соопштено дека ќе имаме ваква седница со Резолуција за односите на Република Македонија со Косово, се обидов да го идентификувам кој е ставот на Владата, меѓутоа ја гледав и старата програма, ја гледав и новата програма надградена и доградена од 100 чекори и на ниедна страница не најдов ни еден збор околу признавањето односно односите на Република Македонија со Косово. Така, очекувава во најмала рака по што нема во програмата никаков елемент по ова прашање, се изнадевав барем ќе сретнеме некој од Владата овде кој што ќе го објасно ова или ќе каже каков скриен сегмент во програмата се наоѓа, па ние не сме можеле да го идентификуваме како што беше прашањето на референдумот на страна 146. И сега, се доведовме во една позиција денес да имаме седница на која практично работите се изместетни односно ова е седница во која Владата го контролира Собранието, наместо ова Собрание да ја контролира Владата. Ова е повторно една таква инверзија на демократијата во Република Македонија, а се благодарение на неспособноста, неодлучноста и несфаќањето на националните државни интерси на Република Македонија на оваа Влада која што сега ја имаме. Што да се каже, имаме Резолуција за односите на Република Македонија со Косово. Оваа Резолуција не е нова, ДПА ја даде повеќе од еден месец. Амбинентот пред еден месец беше сосема друг. Поставувањето на тоа прашање пред еден месец имаше сосема други карактеристики и основи. Меѓутоа, некои очигледно не ги сфатил работите во Владата и она што беше интерес на Република Македонија, а тоа е Косово како стабилен ентитет од северната граница кој треба да воведе демократски норми и принципи рамни на демократските земји и заедници, кој треба да биде извор на стабилност во регионот , меѓу другото и во Македонија, наеднаш го поставуваме денеска во една сосема друга категорија или поинаку гледаме, благодарение само на залутаната дипломатија на оваа Влада. Најверојатно, Косово требаше Република Македонија да го признае во првиот бран заедно со Хрватска и Бугарија и на тој начин да ја заврши работата. Денеска на овој денешен ден е најнепродуктивниот дена за признавање на Косово и јас лично сметам дека ќе биде најголема грешка која Република Македонија може да ја направи. Зошто ова го зборувам, затоа што беа испуштени еден број на можности и ситуации во кои што Република Македонија ова прашање можеше да го Резолуцијаши и да го затвори, не само како притисок на одредена етничка заедница во Република Македонија за признавањето на Косово, туку како државен приоритет на Република Македонија. И тогаш тоа би било онака како што треба, а не сега да се повикуваме на влошување на меѓуетнички односи во однос на решавањето на прашањето на Косово односно признавањето или нерпризнавањето. Реков дека беа испуштени многу шанси и можности и мислам дека последната можност добра беше до моментот со настаните во Грузија. Од моментот она што се случи во Грузија наваму, имаме влошување на тие меѓународни состојби и кулминација на се стигнува со она што вчера се случи во Обединетите нации односно со Резолуција во која што постоењето и признавањето на државата косово или Република Косово е ставерно под знак прашање односно испитување на неговата законитост во судот во Хаг.

Сега, ќе прашам каква е оваа држава, каква е оваа дипломатија и каква е оваа Влада. Вчера потпаролите преку разни платени новинари во електронското новинарство и друго, викаат Македонија и прави услуга на Србија, со тоа што ќе се воздржи од гласањето во Обединетите нации за Резолуцијата. Што промовира? Промовира нешто просрпски, овде што го кажува Стоиљковиќ, промовира нешто анти косовски и промовира нешто сосема трето. По мене промовира трето , тоа трето е промовира не национален однос спрема Република Македонија. Република Македонија на тоа Собрание требаше да гласа за. Зошто? Не затоа што би било против Косово. Косово по Хаг може да се дефинира дали е легитимно или не е, што е во наш интерес и ние да го дознаеме. Меѓутоа, интересот на Република Македонија е друг и сега ќе ви го кажамандман кој е по мое мислење. Тој е она што се случува во решавањето на проблемот меѓу Република Македонија и Грција со неможноста кон нашето интегрирање во структурите на НАТО и Европската унија, може да заврши до овој суд во Хаг односно проблемот ние не можеме да го решаваме уште 100 години. Ситуацијата може да дојде во Обединетите нации да се одлучува процесот на наше барање да го ставиме пред судот во Хаг и таму да биде затворено дали има некој право нам да ни го менува името или да ни го менува идентитетот. Тоа прашање може да одговори судот во Хаг, Суд на Обединетите нации. Ние практично со

нашето воздржано гласање дадовме сигнал дека ние не ги прифашаме ставовите на овој суд, овој суд може да биде меродавен за решавање на македонското прашање . Тоа значи дека нема врска со никакви национални идентитети. Значи, прашањето во Обединетите нации е една работа и тука требаше да гласамеза, а прашањето за признавање на Косово требаше да се реши поодамна. Сега во овој момент мислам дека ова прашање е доведено во една многу лоша или апсурдна ситуација. Имаме ситуација, мислам дека е погрешно сега воопшто било каква одлука да се донесе во овој момент, затоа што имаме Резолуција на Обединетите нации која треба да дефинира некои работи. Второ, мислам дека жескиот компир околу прашањето на нашето има сега е премногу јак за да можеме ова прашање да го занемариме и да се посветиме на признавањето или регулирањето на односите со Косово на друг начин. Во овој ниту границите се завршени и дефинирани, јас се надевам дека ќе бидат и сигурен сум дека ќе бидат меѓутоа бремето на проблемот на прашањето на името е толку голем што ниту Македонија може ова да го прескокне, ниту пак Косово како субјект може адекватно да одговори на потребите и капацитетот на Република Македонија. Тежината на Република Македонија и тежината на Грција во очите на Косово очигледно не е иста.

Мислам дека во овој момент Косово нема адекватно да реагира. Моментот кога требаше тоа да се направи се пропушти, сега треба да се сочека прав момент да се сочуваат и националните интереси во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници, веднаш на почетокот на моето излагање сакам да потсетам дека Либерално демократската партија беше прва партија што имаше јасен недвосмислен став со конкретни предлози уште во времето кога целата оваа приказна започна пред прогласувањето на независноста на Косово во февруари оваа 2008 година.

Имено, при крајот на јануари ЛДП излезе со конкретен предлог со кој што бараше од Владата на Република Македонија кон ова прашање да не пристапува паушално, импровизаторски, туку системски со приоѓање кон изготвување на договор за меѓусебна соработка, пријателство и добрososедство кој што ќе ги содржи основите на сите клучни параметри во односите меѓе Македонија и Косово. Која е предноста на ваквиот пристап. Предноста на ваквиот пристап е тоа што со таков пристап ќе се адресираат, ќе се опфатат сите интереси на двете страни, сите можно грижи кои што постојат околу одредени прашања и ќе се постави основа за долгорочна соработка и за доверба. Тоа е вистинскиот пристап и ова го побаравме пред цели девет месеци. Нашата Влада во овие 10 месеци ништо не работи во однос на ова прашање и сега денеска како резултат на тоа имаме еден паушален пристап, една импровизација која што не го решава проблемот како што треба, не го поставува на долгорочни стабилни односи туку повторно нуди дневна доза седативи за да било еден или друг партнер во Владата биде задоволен. Тоа го објаснува и фактот што денес немаме никој тука присутен од Владата што од пратеничката група која што брои 63 пратеници само еден се јави за збор со излагање спремено како оние времиња од седниците на Централниот комитет на комунизмот кој што јас не ги паметам премлад сум за тие времиња, меѓутоа токму ми ја долови таа атмосфера, прецизно напишано во Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ и треба да се прочита тука без никаква грешка.

Значи вистинскиот пристап е системски, не паушален. Да ја потсетам јавноста и вас како пратеници што треба да опфаќа тој договор.

Прво треба да го опфаќа прашањето на границата, меѓутоа не од технички аспект, туку од аспект на тоа што бидејќи планот на Ахтисари не е усвоен како резолуција, тој нема никаков нормативен статус, значи тоа е само политичка волја и затоа оној дел на планот на Ахтисари што се однесува на границата треба да биде експлицитно пренесен можеби и доразработен во тој договор. Тоа е во однос на најактуелното прашање. Меѓутоа она што е многу побитно во однос на градењето доверба и заедничка иднина е заедничките проекти меѓу Македонија и Косово за во иднина. Да ве потсетам на факт што сите добро го знаете. Европската унија поранешната европска заедница токму така започна со еден најизглед скромен договор за соработка во однос на заедничката експлоатација и користење на рудните богатства чиличната индустрија и потоа атомската енергија. Тоа е вистинскиот пристап во решавањето на овие проблеми. И затоа тој договор мора да ги има основите на енергетската соработка, да дефинира продолжување на кракот на нафтоводот од Скопје до Приштина, да дефинира како и каде со кои средства гасоводот ќе се изгради до Приштина, да дефинира привилегиран пристап на Македонија во р езервите на јаглен што ги има Косово. Значи решавање на енергетските проблеми што и Македонија и Косово ги имаат и во моментов а ќе ги имаат уште повеќе во иднина. Треба да го адресира прашањето на патната инфраструктура зошто Македонија според планот на Владата да го издава под концесија тој пат или да го гради со средства од Буџетот. Затоа се тука фондовите од Европската унија. Цела Полска се гради, стадиони се градат фудбалски за европското првенство од европските фондови, зошто не би можел автопатот да се изгради меѓу Скопје и Приштина со тие средства. Ама некој треба да го осмисли ова и да го даде како предлог. Не нашата мрзлива неспособна Влада чиј што министер за надворешни работи наместо да биде

тука иде по мариовските небиднини и држи трибини за надворешната политика пред 20 граѓани на Витолиште, пред 10 граѓани на Чаниште итн. и им ја објаснува нашата надворешна политика. И тоа е нашата трагедија што не се мисли долгорочно, стратешки.

Затоа, си дозволив да бидам малку подолг. Значи ова е вистинскиот пристап, ова што го имаме денес, неспорејќи ги добрите намери и желби што ги има предлагачот, не ги решава проблемите, напротив е, така да кажам една крпеница. За некој месец ќе се соочиме со нов проблем, повторно медиумите ќе ги трујат односите и довербата меѓу двете земји и двата народи и повторно имаме ситуација кога Владата и политичарите ќе се најдат како заробеници на таквата ситуација. Значи имаме отсуство на обмислена политика, имаме политика од денес за утре, што би рекол нашиот народ купи ден, продај.

Во овие девет месеци откако ЛДП го даде овој предлог Владата не се потруди ниту најелементарен папир да произведе, да продуцира и да каже барем се обидовме ова да го направиме. Во отсуство на таква системска политика се сведуваме повторно на импровизации. Ги виде Груевски Црногорците дека донесоа Декларација и му падна прекрасна идеја како тој да се извлече од оваа ситуација и ќе го натовари Парламентот со ваква одлука. Немам ништо против, напротив, Парламентот треба да си ја заземе својата улога во водењето на надворешната политика, меѓутоа, Груевски треба да знае кога ги копира идеите барем до крај да ги копира. Оваа декларација пред Црногорскиот парламент ја образложи лично црногорскиот премиер, кој за разлика од нашиот премиер не се крие кога е густо. Ништо не се работеше девет месеци за да се продуцира ваков папир, ваков договор, меѓутоа, вчера сабајле државниот секретар Гејтс ги построи и вечерта стигна резолуцијата ваква каква што е. Драги пријатели, тоа не е државна политика, тоа е аматерски, тоа е некомпетентно, тоа е непрофесионално.

Оттука, барам одговорност и од премиерот и од министерот Милошоски зошто девет месеци не се обидоа да продуцираат било каков папир во оваа насока во создавање основи за договор за долгорочна соработка. Како што реков, ова што денес го имаме на дневен ред е за жал импровизација и по процедура и содржински. Наместо импровизација ни треба систем, решение на парче како што имаме денес не и одговара ниту на Република Македонија, убеден сум ниту на Косово. На Република Македонија и одговара пристап така наречен пристап на пакет решенија, каде што дел од овие прашања што ги посочив ќе бидат адресирани. Владата како што кажав имаше доволно време, за жал ништо од тоа не направи.

Исто така, сакам да укажам и на фактот дека не е добро што ова прашање добива исклучиво етнички призвук во Собранието, што сите потписници на резолуцијата се од албанската етничка заедница и што генерално перцепцијата е дека ова барање е дел од така наречената етничка агенда. Убеден сум дека најлоша услуга на добрите и долгорочни односи меѓу Македонија и Косово се прави со ваков пристап. Косово и признавањето на Косово не е етничко прашање, не може да има надворешна етничка политика една на албанската заедница во Македонија и друга на Македонскиот народ, мора да има една државна надворешна политика која нема да биде етнички заснована. Самото Косово како прашање не е етнички проект. Тоа можеби започна историски како проект на Албанците, како албански етнички проект, меѓутоа, ова што го имаме денес не е етнички проект, туку е дел од новата регионална прераспределба на силите, добро-лошо тоа ќе покажат историските анализи, ние сме премали и пресовременици за да судиме, меѓутоа, тоа е фактот, тоа е реалноста и ние треба на тоа да се прилагодиме. За жал, Владата не направи исчекор, не ги искористивме можностите што ни се нудат, исто како што 1999 година кога ништо Македонија не доби за возврат со тоа што овозможи операцијата на НАТО да биде успешна, така и сега повторно не успеваме ништо да не добиеме за возврат за интересите на сите граѓани во Македонија. Не сакам само вината ВМРО-ДПМНЕ да ја сноси затоа што и 1999 година ВМРО беше на власт, туку и претседателот Глигоров беше одговорен, шампионот на една опортунистичка политика која не направи никаков исчекор во ниедна сфера. И оттаму не треба да ги правиме тие грешки почитувани колеги. Благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Андонов Миле, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес целата македонска јавност и пошироко ја следи со внимание оваа седница на Собранието не само поради фактот на кој начин и како ќе биде изгласана резолуцијата, туку и поради тоа што владеачката гарнитура добро го режира и добро го најави уште во текот на вчерашниот ден нејзиното одржување под придавката “итна седница”. Дали со тоа “итна седница” го погоди моментот за решавање по резолуцијата или не ќе се произнесе во натамошниот тек на настаните. Но јавноста за жал не е запознаена во целина со децидниот текст на резолуцијата, таа само слуша од дебатата и врз база на тоа ќе констатира.

Ние пратениците во очи на самата седница ја добивме резолуцијата и не бевме удостоени паралелно со тоа да го имаме во прилог и ставот на Владата, мислењето на Владата. Како што видовте, ние цел ден ги повикуваме да бидат присутни на седницата, да ни образложат, меѓутоа не бевме удостоени.

Со голема почит и разбирање спрема пратениците од албанските партии за нивните чувства и намери да се реши признавањето на

Косово од страна на нашата држава, меѓутоа, не треба да се импровизираат и не смее да се оставаат отворени прашања, прашањата како: демаркацијата и вчерашниот инцидент на границата со Косово, како и прашањето за употребата на уставното име од страна на Косово.

Ваква резолуција не можеше да се донесе без присуство на Владата, без став на премиерот, без објаснување од министерот за надворешни работи. Тие прво треба да достават до нас информација и да ни соопштат дали преземале се за да ги заштитат македонските национални интереси. Без мислењето на Владата денес тешко може да се донесе издржана и објективна одлука, бидејќи пред нас немаме потребни информации.

Во досегашната работа на Собранието за се што работеше и донесуваше Собранието, закони, резолуции, декларации и друго, прво се доставување предлог мислење од страна на Владата. Но во овој случај очигледно работите се поставени обратно, по обратен редослед, Собранието да донесе резолуција и препорача на Владата на Република Македонија да ги преземе сите неопходни активности за признавање на Косово. И тоа е можно, во Владата мора пред пратениците, пак ќе повторам, да достави свое мислење и да соопшти дали и како е завршена демаркацијата. По вчерашниот инцидент на границата станува јасно дека постои проблем и тоа политички, а не изолиран од криминални дејанија. Сигурно за министерката Гордана Јанкуловска тоа е изолиран инцидент, но од снимките и од целата инсцинирана и режирана акција кај нас предизвикува сериозна загриженост дека тоа не е од криминални дејанија туку од политички.

И второ, дали Владата односно премиерот воопшто разговарале со косовската страна за признавање на уставното име, дали има гаранција дека при евентуалното признавање Косово ќе го употребува нашето уставно име. Тоа е и обврска на Владата согласно Уставот и законот за надворешни работи.

За крај би истакнал дека оваа резолуција ќе има тежина и  целосен легитимитет доколку Владата го даде своето мислење па и не мора да присуствува во самата сала. Во спротивно истата ќе биде секогаш оспорувана и нејзиниот легитимитет ќе биде нецелосен. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е пријавен господинот Џафери Арбен, повелете господине Џафери.

**Арбен Џафери:** Ви благодарам господине претседател.

Почитувани пратеници, уште од почетокот на оваа седница се создаде една непотребна конфузија во врска со надлежностите на Парламентот за да преземе иницијативи за да донесе резолуција, за да ја стави во движење Владата на Република Македонија. Посебно опозицијата има потреба Парламентот да биде што помалку под влијание на Владата, додека денес овде опозицијата бара Владата да го даде своето мислење, да го упати Парламентот како треба да се развива политичкиот процес во иднина. Во парламентарната пракса постои институцијата “предлог”. Ние денес ја ставаме во движење оваа институција “предлог” за да се донесе резолуција што ќе ги забрза процесите во врска со признавањето на независноста на Косово. Јас сум сосема убеден дека секој од вас има свои емоции, чувства, но овие емоции не можат да бидат гаранции во нашите политички одлуки дека можат да бидат точни.

Затоа, ќе се заложам да ви дадан неколку аргументи не само на пратениците кои се присутни, туку и на пошироката македонска јавност, дека одлуката за признавањето на независноста на Косово во прв ред е државен интерес на Македонија. Државен интерес на Македонија од причина што Македонија ќе се ослободи од еден кошмар или една тенденција да ги добие загубените стратешки битки на Србија. Македонија не може да ги добие овие битки од причина што нема интерес и нема капацитет да ја заштити Србија во овој даден момент.  Треба да се има предвид дека еден голем процент од жителите на Македонија, граѓани на Република Македонија не само Албанци туку и други со голема одлучност ја поддржуваат идејата за независност на Косово. Мислам дека патот на признавањето на независноста на Косово е еден пат кој Македонија ја води во глобалните безбедносни системи и ова е државен интерес на Македонија.

Од друга страна, дозволете ми да направам една споредба. Со политичките албански и српски опции, Србите имаат многу лабилни политички опции кои се менуваат во зависност од политичките конјуктури кои доаѓаат на власт. Ако направиме една анализа во последните 100 години, Србите го менувале повеќе од 10 пати името на нивната држава. Значи се говори за една опција која нема стабилност додека албанската опција е стабилна.

Албанската опција е од интерес на Македонија од причина што се заснова врз легалистички начела, врз правото за само одлучување го добиваат конститутивните единици на поранешна Југославија. И начелото на Албанците не беше етнички како што беше српскиот принцип. Етничкиот принцип не го спроведоа ниту во 2001 година и токму од Косово дојде голема помош за да се прекине војната и за да се воспостави мирот во Македонија.

Природно дека Македонија има економски големи интереси од Косово бидејќи на Косово извезува а од Србија увезува. На крајот на краиштата независноста на Косово е крајот на еден историски процес кој траеше 100 години. Овој историски процес е приближен и сличен со настаните кои се одиграа и во Македонија. Во првата фаза со основањето на првата Југославија се воспостави радикална српска хегемонија и во Македонија. Македонија и Косово

беа Јужна Србија. Значи немаше државен ентитет или административен туку Македонија и Косово се третираа како Јужна Србија.

Во вторатаа фаза се направија заложби да се изнајдат некои решенија за статусот на Косово. Сите овие решенија беа палијативни, кои завршија во 1989 година. Милошевиќ го отстрани ова палијативно решение. Албанците во целиот процес понудија разни опции кои со една апсурдност се одбија од српската страна. Во 1989 година косовските интелектуалци испратија петиција до Милошевиќ за да ја сочуваат тогашната автономија на Косово. Оваа понуда се одби со арогантност и отпочна процесот на распаѓањето на Југославија. Ние денес треба да ја дадеме довербата за рационално завршување на процесот на распаѓањето на Југославија.

Ако ги анализирате ставовите на пратениците Албанци денес на оваа пленарна седница, ќе видите дека кај нас недостасува чувството на триумфализам. Ние не сакаме да дадеме триумфалистички пораки, туку настојуваме да дадеме логични и рационални аргументи. Значи, прашањето на Косово е прашање на распаѓање на поранешна Југославија и ова распаѓање е од наш интерес и на македонскиот народ да се развива врз легални основи.

Мислам дека денес на оваа пленарна седница се направија неколку грешки од непознавањето на меѓународното право. Се вели дека Србија ќе го добие спорот на Меѓународниот хашки суд. Ова е една мисла која е презункција на вината. Јас го мислам спротивното. Во Меѓународниот хашки суд ќе се создаде можноста Србија да се повлече од екстремните позиции кои ги има и да го сочува достоинството. Јас сум повеќе од убеден доколку сакаа САД, Европската унија и другите држави да не се стави на дневен ред прашањето на декларацијата на Меѓународниот суд, тоа прашање немаше да се стави на дневен ред. Значи е ставено од причина што во Хашкиот суд ќе се одлучи за независноста на Косово од причина што ваквите прашања не се правни прашања, туку се длабоки прашања во однос на правата и слободите на народите за самоопределување. Во целост, во меѓународното право имаме соочувања со две начела.

Првото начело го брани интегритетот на државите. Второто начело ја штити слободата на народите за да се ослободат од странската окупација. Затоа, Косово и припаѓа на второто начело. Ова начело нуди права, кои не можат да се отуѓат, додека првото начело е техничко начело од причина што укажува на начините како не може еден народ да ја стекне својата држава. Затоа, мислам дека треба да се признае толкувањето дека улогата на ООН не е улога која ги конзервира состојбите во Обединетите Нации, туку во Обединетите нации се контролира процесот на стопанисувањето, на формирање на нови држави. Во 1945 година во ООН беа зачленети 50 држави, додека денес имаме 198 држави членки. Затоа, овој процес не може да се прекине на ниту еден начин, дури ниту со шармантната политика на српскиот претседател Тадиќ. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Внимателно го слушав господинот Џафери, кој не само што филозофира на темата независност, туку говори врз основа на своето лично искуство како завршува досолуцијата на Југославија. Имам едно реторичко прашање. Се додека ние се викаме Бивша Југословенска Република Македонија за меѓународните организации, завршува ли досолуцијата на Југославија. Со ваков жар и ваков елан ќе ги поддржите прогресивните и проевропските сили во Македонија да најдеме решение за нашата иднина, затоа што внимателно слушајќи го и единствениот говор од говорникот од ВМРО ДПМНЕ, вели дека стратешкиот интерес на Република Македонија е да ја соедини стратегијата на САД. Ако тоа не го направиме во наредните две недели дали истите предлагачи, бидејќи ваша беше идеата ќе пристапат кон алтернативата, а тоа е повторно во иста резолуција да поднесете за 199 -та и 200-та држава во ООН, а тоа се Јужна Осетија и Апхазија, затоа што јас не гледам што е другата алтернатива на Република Македонија. Значи, ако говориме сега доследно добро до крај, да правиме од еден случај, вие знаете дека и ние кога го браневме кои ја поддржуваа, независноста на Косово, велевме дека овој случај е суигенерис. Мора да признаете дека од еуфоријата за масовно признавање до ден денеска има 48 држави што го признаа Косово, што не значи дека денеска нема да бидат 50, утре 60, или 70. Но, ова отворање на ова прашање мора да бидете свесни дека отвори една нова етапа во меѓународната политика. И Јужна Осетија и Апхазија се директна последица на косовската независност. За тоа треба да бидеме свесни. И за тоа некои држави кои се членки на Европската унија, дали се плаши Романија за дел од својата територија, дали се плаши Шпанија, за Баскија или Каталонија, или се плашат Кипар дека на овој начин ќе се реши конечно прашањето исто на едно големо малцинство таму. Ќе се реши прашањето на турскиот дел на Кипар. Значи, легитимни се барањата секогаш. Дали ова ќе го отвори решавањето на курдското прашање, никој не знае. Затоа, кога се користат аргументите зошто ние треба да гласаме, треба да се погледне и другата страна на медалјата. Овој е специфичен случај кој реално Република Македонија треба да го гледа низ друга диоптрија, затоа што од другите 48 држави што го признаа, единствено Албанија е соседот, а во Албанија живеат 100%, така барем вели статистиката Албанци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Арбен Џафери, повелете.

**Арбен Џафери:** Господине Бучковски проблемот на распаѓање на Југославија не го создадоа Албанците, туку српските елаборати. Србите вие знаете дека имаат перманентно елаборати уште од времето на Грачанин до времето на Шешељ. Во сите овие елаборати се предвидуваа можности како да се исчисти етнички Косово. Српскиот аргумент во тој период беше религиозен велеа дека Косово е дел од душата, или свето место за историјата или српското битие. Затоа, тие настојуваа да лобираат една политика на егзодус за да ги исклучат Албанците од Косово, но овој процес заврши, затоа што Албанците имаа порационална политика.

**Трајко Вељаноски:** Во меѓувреме пратенците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски Менде Диневски, Цветанка Иванова Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева и Никола Ќуркчиев, поднесоа амандмани на точка 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за додавање нова точка 4 по точката 3, по кои претставникот на предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски Менде Диневски, Цветанка Иванова Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господинот Хани Тахир, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Предложените амандмани од страна на СДСМ со кои се бара по изразот признавање на Косово да има запирка и се бара ова да се гарантира со завршување на техничката демаркација на северната граница не се признава, од причина што се знае дека двете држави во процесот на завршување на демаркацијата на границата се во завршна фаза и нема ниту еден проблем во оваа насока, туку напротив има изјави дека ова ќе заврши за кратко време.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа дека овој амандман не се прифаќа, ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор по амандманот се пријавија господинот Јани Макрадули, госпоѓа Иванова Цветанка, господинот Андреј Петров, госпоѓата Весна Бендевска, господинот Николов Марјанчо и господинот Горан Минчев.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас се уште се надевам дека можеме да излеземе од ова заложништво на Парламентот кое е против уставно и кое е надвор од законите во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам да го сослушаме колегата. Ве молам, за тишина.

**Јани Макрадули:** Барем да се стопираше времето.

**Трајко Вељаноски:** Повелете.

**Јани Макрадули:** Нека ја извршат координацијата на друго место.

**Трајко Вељаноски:** Повелете, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам, ќе се обидам во оваа галама да повикам на разум и да повикам на Уставот и законитоста да се почитуваат во ова Собрание, како пратеник и како потпретседател на Собранието на Република Македонија. Не гледам причина апсолутна, никаква, ниту некој политички ќар од ова криење на Владата и неспроведување на законите во Република Македонија. Нема апсолутно никаква потреба премиерот Никола Груевски да избегнува да се појави овде во Собранието.

**Трајко Вељаноски:** Колега по амандманот разговарајте.

**Јани Макрадули:** Апсолутно по амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Вие треба да разговарате по амандманот, да ги убедите пратениците и предлагачот по амандманот. Нема потреба цело време за Владата да зборувате. Продолжете.

**Јани Макрадули:** И те како имам потреба претседателе, затоа што пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ изгради став и изрази дека ќе гласа за. Притоа, на координација на која што бил и премиерот. Бидејќи тој веше го изградил тој став, а колешката од ВМРО ДПМНЕ зборуваше дека за демаркацијата има некои камења што биле на 200 метра. Некои камења биле на 20 метра. Тоа се информации што сте ги добиле вчера на вашата координација. Мислам дека ако има минимум почит кон институцијата Собрание на Република Македонија е да дојде овде и да го објасни истото што ви го објаснувал вас синојка, за да можеме да ја изградиме нашата одлука во делот на гласањето.

Имено, во сите цитати од премиерот Груевски и господинот Милошоски и господинот Боцевски стои дека одлуката за признавање на Косово, на независноста на Косово, ќе се темели исклучително на националните и државните интереси. И господинот Груевски и господинот Милошоски и господинот Боцевски тоа го зборуваат и во време на кампањата, а и околу 20 септември.

Колешката Бонева кажа дека се воделе во одлуката за македонските државни интереси. Затоа, очекуваме да биде поддржан овој амандман од пратеничката група на СДСМ, каде се вели дека охрабрувањето или препораката до Владата во рамките на своите уставни надлежности, согласно државните и национални интереси, да ги преземе сите неопходни активности за воспоставување на дипломатски односи со Косово по целосно завршување на

процесот на техничка демаркација на северната граница со Косово. Тоа можеби е завршена работа. Тоа можеби синоќа, министерот за надворешни работи и премиерот им го соопштил на нашите колеги од ВМРО ДПМНЕ. Таа информација и нам ни треба овде, за да дојдеме до моментот на одлуката.

Јас за тоа се согласувам дека водејќи се од македонските државни интереси, демаркацијата на границата е тема која што треба по фази да се случи како прв почетен услов, за да може Владата согласно своите ингеренции да влезе во процесот на воспоставување на дипломатски односи со Косово и признавање на Косово.

Амандманот се однесува, или ги операционализира заложбите на Владата, што ги слушавме во претходните 10 месеци за штитење на државните интереси и за штитење на интересите на граѓаните кои што живеат околу тој појас. Ако согласно изјавите нема потреба, или може да се одложи, или нема рок за признавање, и ако посакуваме согласно државните интереси, сметам дека Владата која што го чека и која што како алиби чека и глуми дека во овој момент има седница на Влада, да ја чека одлуката на Собранието, мислам дека е полесно и ќе се скрати целата дискусија, ќе се скрати целата дебата, ќе се скрати маката на пратениците на ВМРО ДПМНЕ и ќе дојде тука премиерот, ќе го каже мислењето, макар и да го прати писмено мислењето од Владата, дека Владата се решава за таков чекор и седницата ќе заврши во истиот момент.

Но не можеме да зборуваме во јавност дека ќе ги штитиме државните интереси, да се криеме зад пратеничката група во овој случај на ВМРО-ДПМНЕ и потоа во јавноста да си бараме алиби само за да го зачуваме сопствениот рејтинг. Мислам дека во овој момент, што се согласувам дека е историски и дека ќе промени многу работи на позитивно во Република Македонија нема приоритет поголем од завршување на техничката демаркација на северната граница со Косово. И затоа мислам дека е коректно за сето тоа што им нив зборувано, на колегите на ВМРО-ДПМНЕ синоќа на координација, да ја добиеме таа информација овде, па макар и од предлагачот, господинот Тахир Хани, може и тој знае тие дваесет метра, двеста метра камењата ние не ги знаеме. Ако е завршена таа работа да пристапиме навистина во еден процес во кој што Владата немајќи храброст еве Собранието ќе ја охрабри.

На овој начин без информациите што ги имаме, без штитење на државните интереси кои пароксаланс се во сите претходни девет месеци, во сите изјави зборуваат за демаркацијата на границата, најдете ја било која изјава на Груевски, Милошоски и Боцески, а се спомне признавањето на Косово се вели државни национални интереси и демаркација на границата. Не можеме сега да избегнеме од тој факт задскривајќи се зад пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, не може премиерот тоа да го направи задскривајќи се зад пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, или задскривајќи се зад предлагачите. Оваа резолуција за жал не ги исполни ниту препораките од Европската унија и американскиот амбасадор. Таа одлука да биде плод на еден заеднички договор. За тоа зборуваше господиниот Бучковски, многу полесно ќе беше синојќа наместо полиција да доаѓа во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во 18,30 часот да се понудеше резолуцијата за потпис или за заеднички договор, да изградиме во однос на резолуцијата. На тој начин ќе градиме и доверба, на тој начин ќе градиме и политички дијалог. Вака кога Владата чека формална одлука на Собранието, која нема ни да ја чека да се објави во Службен весник, туку вечер после гласањето алиби како ќе одржи Владата, па ќе ја изгласа или ќе го признае Косово, ние сега тука глумиме или незаконски, или неуставно го измачуваме Собранието и непотребно губиме од остварувањето на активностите кои што се задача на Собранието. За жал, очигледно паднаа во вода сите заложби за зачувување на државните интереси после игнорирањето на процесот на завршување на техничка демаркација на северната граница во делот со Косово. За жал, ако сакате и со планот на Актисари, и тој дел без разлика што го цитирате во резолуцијата нема да се оствари, бидејќи демаркацијата не е завршена и секако политичката одговорност и на министерот за надворешние работи и на портпаролот за внатрешни работи Јанкуловска, а пред се на премиерот за игноранскиот однос и за влегувањето на една импровизација која што се сложувам дека е реалност ќе мора да биде понесена.

Ваквото алиби да се чека Собранието, а Владата еден час после Собранието да носи одлука ќе биде смешна и ќе биде пораз на една кукавичка политика на Никола Груевски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Бидејќи очигледно е дека тешко ќе можеме да ги убедиме пратениците на парламентарното мнозинство, меѓутоа, за јавноста да биде запознаена зошто денеска дебатиравме толку и што бараме да се допрецизира со оваа резолуцаја поднесовме и амандман.

Со овој амандман треба да знае јавноста што бараме, а за да знае што бараме со овој амандман треба да знае јавноста што со точка 1 Собранието доколку, а секако ќе се усвои оваа резолуција, бидејќи го кажа ставот парламентарното мнозинство, што со точка 1 му препорачува Собранието на Република Македонија на Владата.

Точка 1 "се препорачува на Владата на Република Македонија во рамките на своите уставни надлежности и согласно државните и национални интереси на Република Македонија

да ги преземе сите неопходни активности за воспоставување на дипломатски односи со Косово и признавање на Косово".

Ние со овој амандман додаваме признавање на Косово по целосно завршување на процесот на техничката демаркација на северната граница со Косово.

Почитувани колеги пратеници и секако почитувана јавност.

Јас би се запрашала кои се најголеми или најважни национални и државни интереси на една држава, вклучително и на Република Македонија. Тоа секако се нејзиниот суверенитет, нејзината територија и нејзините неповредливости на границите.

Почитувани колеги,

И во образложението на резолуцијата, текстот, тоа е точка 4 сами признавате дека се водите од фактот дека демаркацијата на северната граница на Република Македонија е во процес на заокружување согласно планот на Марти Актисари.

Исто така тоа го тврдите сами во образложението. Ние бараме да се отпочне, на некого му е многу смешно, се повикува многу на патриотизам, а овде не води сметка за најголемите национални интереси на државата, а тоа е граница, суверенитет и неповредливост на територијата на Република Македонија.

Ние бараме да се задолжи Владата, или да и се препорача на Владата да ги преземе неопходните активности за воспоставување на дипломатски односи со Косово по целосна демаркација на границата со Косово.

Почитувани колеги, ако навистина денеска цел ден бараме овде претставник прво од Влада премиерот, го баравме министерот за надворешни работи, го баравме министерот за внатрешни работи никој не ни удостои да ни одговори барем на македонската јавност и должите објаснување.

Прво, дали е заокружен процесот со демаркација на границата со Косово.

Второ, дали има сериозни инциденти во делот кој што, од медиумите разбравме.

Трето, ако навистина е завршен процесот на демаркација, мислам дека не е проблем да се прифати овој амандман како што тврдите, затоа што прифаќањето на амандманот е само формален, бидејќи тврдите дека процесот на демаркација е завршен, инцидентот не е инцидент, инцидентот или тргнување на столбот од границата не е на нашата граница, туку е на границата со Косово и не делува дека ова е изолиран случај, ова не делува на повредливост на границите на Република Македонија, ова нема да доведе до сериозни последици итн.

Мислам дека како најповикани "патриоти" пратничката група на ВМРО-ДПМНЕ не треба да и претставува проблем да гласа за овој амандман.

Ние ништо не бараме повеќе, туку бараме чисти односи. Бараме заокружена граница, целосно демаркирана граница. Бараме полн суверенитет на државата, бараме неповредливост и на границата и на територијата на Република Македонија.

Јас не знам, јас очекувам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа за, затоа што ова како што кажа и координаторката на пратеничката група дека се раководат од државните интереси, поголем државен интерес од ова за Република Македонија нема. Затоа барам пратениците да гласаат за и доколку не гласаат ќе го сносат политичкиот товар и политичката одговорност за сите случувања евентуално кои што би настанале од ваките нивни постапувања. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам накратко да не повторам некои од работите кои претходните говорници ги кажаа.

Многу ми е жал што не успеавме да изградиме еден консесуален став по вака значајно прашање, затоа што за суштински работи потребно е да се направи напор да се обезбеди барем минимален консензус помеѓу политичките партии без разлика дали се позиција или опозиција, иако и од официјланите претставници на македонската влада низ медиумите, ни она што денеска на седницата имавме можност да го чуеме особено од еден од предлагачите, господинот Хани како едно добро предвидување или убава желба за крајот на демаркацијата и дека тоа е едно техничко прашање кое што само што не завршило, но дозволете како претставник на граѓаните да ја изкажам сепак својата загриженост бидејќи тие граѓани гледаат она што се прикажува на медиумите, загрижени се за безбедноста своја и својата земја и мислам дека еден одговорен Парламент донесува одлуки врз база на максимум внимателност и пресретнување на сите потенцијални опасносити, а не врз база на убавите желби, бидејќи некогаш убавите желби не се остваруваат.

Затоа се залагам демаркацијата на границата да биде кондицио синен кванам за воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу Република Македонија и помеѓу Косово и мислам дека тоа им го должиме на граѓаните како гаранција за безбедноста на земјата, меѓутоа исто така без гаранција од страна на Владата дека тоа ќе се случи. Мислам дека Парламетот не е во можност да се произнесе по ова прашање во овој момент.

Затоа би сакал само заради јавноста, тоа е она што ние го бараме во целост, го повикуваме Собранието на Република Македонија да и препорача на Владата на Република Македонија во рамките на своите уставни надлежности и согласно државните и националните интереси на Република Македонија да ги преземе сите неопходни активности за воспоставување на

дипломатски односи со Косово и признавање на Косово по завршување на демаркацијата на границата со Косово. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

По однос на овој амандман продолжува конфузијата која што денес во дискусијата ја создава пратеничката група на СДСМ. Имено, некажувајќи го својот став односно кажувајќи конфузни ставови од тоа дека, дел срамежливо кажа дека треба да сме воздржани, дел дека не е сега времето, дел дека треба да ја задржиме неутралноста итн. итн, ама се уште не можеме да дознаеме дали ќе гласаат за или против.

Во амандманот во точката 1 велат: по зборовите “признавање на Косово”, се става запирка и се додаваат зборовите “по целосно завршување на процесот за техничка демаркација на северната граница со Косово”.

Имам едно прашање и една забелешка.

Прашањето е дали доколку амандманот биде усвоен опозицијата конечно ќе го каже ставот и ќе гласа за предлогот за резолуцијата за односите на Република Македонија  со Косово, заради тоа што го поднеле амандманот логично е ако амандманот се прифати ќе гласаат.

Втора работа која што би сакал да ја кажам е дека ние согласно планот на поранешниот претседател Марти Актисари практично успеавме да завршиме односно во финална фаза е завршувањето на една работа која што во нормални процедури трае многу, многу подолго.

Имено, делог од границата со Србија се обележуваше преку 4 години, а успеавме дел од границата со Косово да го одбележиме само за неколку месеци. Со тоа што главните точки се поставени, главните камења се поставени и тие на тримегниците и тие на два километри.

Понатаму, ние се уште имаме на пример во делот на Охридското езеро немаме обележано граница со Албанија. Што значи тоа, дека треба да го повлечеме признавањето со Албанија?

Така што обидот да се опонира, ама да не се опонира до крај е навистина смешно од страна на опозицијата. Се за признавање на Косово, ама не се. Не се, ама се. Би ги замолил да престанат со играта која што ја играат и јасно да им кажат на луѓето што не гледаат дека ќе гласаат, заради тоа што ако не им кажат сега ќе има кажат за еден час отприлика кога ќе гласаме и не гледам потреба цел ден да се скриваат, цел ден даваат образложенија, па не вака онака, не сега туку по целосно завршување на процесот на техничка демаркација итн. итн. Значи да не бараат изговори и да ни кажат за или против, заради тоа што ќе видиме секако за еден час, не ја сфаќам нивната игра. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Јас би сакал на почитуваниот колега само кратко да му дадам уште една аргументација, не полимизирајќи со неговата теза, а дали ние имаме став или не ќе се види на гласањето. Нашиот став ќе биде изразен.

Да потенцирам  дека 55% од граѓаните во последната анкета се изјаснуваат дека како услов за признавањето на Косово е целосното завршување на демаркацијата на границата, така да како човек што верува во анкетите, добрите и лошите мислам дека тоа е факт кој треба да се земе предвид.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Младиот колега Николовски во теснец не може да ги одбрани ставовите што требаше да ги бранат министерот за надворешни работи, премиерот и министерката за внатрашни работи. Потполно ја разбирам неговата нервоза, ама да се вратиме и да го изработиме она за што не избрале граѓаните. Овде да дебатираме, а треба да дебатираме. Што е во овој момент - државен и национален интерес, а не како по теркот на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи госпоѓата Бонева јасно кажа дека ВМРО-ДПМНЕ ќе ја подржи резолуцијата за признавање на Косово. Тоа го темели врз национални и државни интереси ама не е така. Национален и државен интерес е завршена демаркација, јас не знам госпоѓата Бонева дали била па мерела 200 метри, 2 километри, столбови, камења граничници, ама фактот еве го во текстот. Во текстот на резолуцијата пишува дека демаркацијата на северната граница е во процес на заокружување, не е завршен. Тоа го кажа и предлагачот, господинот Хани. Не е завршен, ќе трае. Сакаме да прашаме уште колку ли можни инциденти можат да се случат. Господинот Николовски нормално и на ова нема одговор и мора да замине.

Почитувани колеги, и Македонија и Косово се во еден мошне чуствителен политички момент секој од своја страна. Сеуште ги чуствуваме рефлексиите од незавршениот процес на демаркацијата. И  сеуште тактизираме тие дали ќе не признаат со нашето уставно име, ние во кој момент ќе им ја признаеме нивната државност и сега објаснете ми зошто брзаме, каде е итноста. Зошто денес треба оваа резолуција да ја донесеме ние, а кутрите министри душа им вади таму Груевски, претпоставувам сега, еве ги поздравуваме од Собранието, чекаат ние да го дадеме аминот, а тие тоа да го сторат. Да го сторат она што им е по опис и попис на работна задача. Да признаваат и да стапуваат во признавање на други држави. Влада на Република Македонија, а не Собрание на Република Македонија. Што е проблемот оваа резолуција да ја донесеме во моментот кога ќе биде завршена комплетно демаркацијата на

северната граница со Косово. Каде ви е тука вас проблемот. Ама вие значи не се водите ни од државните, ниту од националните интереси. Вие се водите од коалициските интереси и вам ви е крофка внатре коалициската ситуација во Владата.

И тоа го видовме и со Хашките предмети, тоа денес го гледаме и со Косово, ама тоа вие го гласате почитувани припадници на ВМРО-ДПМНЕ. Синоќа и упорно ќе бараме, ќе инсистирам на одговорот, денес Бонева јасен и гласен став ВМРО-ДПМНЕ е за признавање на Косово. Но, нека каже зошто пред само 24,00 часа претставникот, амбасадорот на Македонија во Обединетите нации доби налог од Милошоски да гласа воздржано. Е, пак што се случи овие последни 24,00 часа. Треба да знае секој од нас, бидејќи е биран да ги штити и да ги претставува интересите на граѓаните што го бирале. И каде е тука господинот Николовски ја гледа нашата неконструктивност. Каде го гледа нашето избегнување на став. Ајде прво да си ги изработиме нашите македонски национални и државни интереси, а тоа е демаркација завршена, ставена ад акта, неповредлива и тогаш нормално и логично е да градиме добрососедски односи. Ама ние не можеме да мижиме дека во овој момент не можеме да замижиме дека сеуште постојат блиските српско-грчки интереси, што дополнително ја усложнуваат регионалната ситуација. Ако и на тоа имате поголем интерес, дајте дефинирајте го. Зошто Република Македонија треба денес на 9 октомври по итна постапка како да ни гори под нозе да го признае Косово. Дали има одговор? Го нема Груевски, го нема Милошоски, сега Силвана Бонева нема да ми реплицира, нема да ми одговори бидејќи е зафатена и изгледа не ме ни слуша, а ме слуша добро, ама нема одговор.

Почитувани колеги, ајде да бидеме помудри од она што се вика некомпетентна, неодговорна Влада која во тешки, жешки и густи моменти бега. Бега од своите обврски, сака нас да ни ги натовари, сака тежината ние да ја понесеме. Ајде да не го сфаќаме тоа како тежина, ајде да го изработиме. Од секогаш сме биле за добрососетски односи. Ние не можеме да замижиме пред фактот дека на Балканот сме опколени со географски соседи, ама ајде тоа да го направиме во наш интерес. Не во туѓ интерес, во наш, во интерес на Република Македонија. И кога тоа го правиме, да го правиме со чиста, мирна совест не дека сме избоксувале, издејствувале она што ни припаѓа, тоа е нашето нерешено прашање со демаркација на северната граница. Затоа, инсистирам, госпоѓо Бонева, барем аман препишете го текстот, јавете се, избришете го делот дека сте се базирале врз националните и државните интереси. Не, синоќа Груевски дојде и ви соопшти дека денес ќе има итна седница, вие ќе ја подржите оваа Резолуција врз база на интересот на ВМРО-ДПМНЕ за зачувување на внатре коалициските односи со ДУИ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Колешке Бендевска, јас ќе се обидам да споделам или да спротивставам со вас неколку аргументи, иако тоа по дефиниција е тешко да се прави со вас, затоа што многу ретко говорите со аргументи.

Би сакал да кажамнеколку работи и да ви поставам едно прашање. Тоа што би сакал да ви гокажам е дека никогаш ВМРО-ДПМНЕ, а верувам и македонскиот народ не го гледал Косово ниту како соперник, ниту како непријател, така што ова прифаќање на оваа Резолуција после која што се надевам дека ќе следи признавање е само еден логички слет на добрите односи кои што ги имаме со Косово. Да ве потсетам дека кога беше обидот на поранешниот претседател на Србија Слободан Милошевиќ да направи практично етничко чистење во Косово, бевме тука, ги отворивме вратите за стотици илјади бегалци кои што во одреден период беа наши гости и тоа го правевме поемѓу другото и за да помогнеме на тие луѓе кои во тоа време во исклучително лоша позиција. Борбата која што тие ја имаа доведе до еден логички слет кој што на крајот завршува како што завршува со држава и тука Република Македонија мора да ја препознае реалноста. Уште повеќе не гледам причина во вашиот говор да бидете порадикална дури и од некои српски претставници на парламентот кој што денес зборуваа. За жал, тоа го гледам во вашиот став и за жал во моментов има повеќе свесни луѓе во српскиот парламент, отколку во нашата опозиција. Имено, да речеме еве Чедо Јовановиќ, неговата ЛДП вели дека тоа е реалност и дека нема потреба од заострување на односите помеѓу Македонија и Србија поради признавањето на Косово.

Понатаму, она што би сакал да ве прашам е кој е ставот на СДСМ. Дел од вашите пратеници говореа дека требало час поскоро да гопризнаеме Косово, а јас се согласувам со тоа. Вие сега говорите зошто брзаме вечерва. Дел велеа дека треба да сме неутрални, дел велеа дека требало да ја оставиме статус кво ситуацијата. Дали пратеничката група на СДСМ ќе гласа секој според сопствено убедување има или нема став. Мислиме дека тоа е фер да го кажете, за да немаме потреба да ја чекаме цела вечер. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавена госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Не да се измачивте колега Николовски, душа ви излезе низ нос, ама превртувавте тези, ама и радикал ме направивте, а јас само едно барам, да гласаме, оваа Резолуција да ја одложиме до оној момент кога ќе бидат заокружени нашите државни интереси. Демаркација завршена и комплетно кога ќе

имаме гаранција дека Косово ќе не признае под нашето уставно име во сите нивоа. И тоа е македонски национален државен интерес. Никој не вети, да ве потсетам, токму СДСМ е конзистентен во ставот. Ние први излеговме и кажавме дека планот на Марти Ахтисари е прифатлив, до колку тоа и двете страни во присуство на меѓународниот фактор го прифатат и ние не го менуваме ставот. Ние денес се обидуваме да ги заштитиме националните државни интереси на Република Македонија, кои вие се обидувате во пет минути да ги замижете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Очигледно дека младиот коелга Николоски бил одбран од владеачкото мнозинство да прави нешто што е тешко објасниво и за самиот него, а не да убеди некој друг во она што го зборуваше. При тоа почна да меша и други држави кои лично за мене не треба да бидат предмет на дебата, бидејки Македонија си има свои национални интереси и свои проблеми, кои ние како претставници на граѓаните треба да ги браниме.

Една од првите лекции што ја учевме во училиште мислам дека беше во четврто одделение по Природа и општество, а тоа е дека секоја држава си има свој суверенитет и интегритет. И тогаш уште не учеа дека суверенитетот и интегритетот го сочинуваат знамето, химната, грбот и границата. Значи една држава за да биде целосна треба да има свое знаме, своја химна, свој грб и да има своја граница. Тоа го учевме уште во четврто одделение. И сега не ми е јасна реакцијата и на предлагачите на Резолуцијата и на владеачкото мнозинство ова прашање да не се вметне во Резолуцијата околу одбележувањето на границата. Ако е завршена работа, што пречи да стои во Резолуцијата, ќе смени нешто? Нека излезе премиерот или Владата и нека каже завршена е демаркацијата, согласно Резолуцијата може Владата да пристапи кон признавање. Ако треба уште малку време, повторно не пречи да стои во Резолуцијата.

Навистина колеги, вакво однесување кога партиските или коалиционите интереси ги ставате пред државните и националните интереси на Република Македонија не е за оправдување и тоа не може да го одбраните со префрлање на топката СДСМ да го каже ставот. Ние цел ден чекаме да ни каже Владата не став, туку кои се интересите на Република Македонија од признавањето на Косово во смисла кои се позитивните, кои се негативните импликации од таквото признавање, ништо повеќе, а тие се извршна власт. А сега вие се обидувате тука да ги решите прашањата за кои Владата треба да дава одговори, немате прво доволно информации веројатно, а второ, и немаме мандат на тие прашања да одговараме. Наше е да поставиме рамка како законодавен дом каде треба да се движи Владата во случајот по однос на Резолуцијата и тоа е наше легитимно право.

Затоа предлагаме ако веќе се изјасни државниот врв дека го прифаќа планот на Ахтисари, а еден од условите беше да се има демаркација на границата меѓу Македонија и Косово, што пречи тоа да стои во Резолуцијата ако велите дека е завршена работа. Ништо не пречи, апсолутно ништо не може да смени. Затоа, бидете храбри кога дававме заклетва дека ќе ги браниме националните интереси на Република Македонија и ќе ги почитуваме законите и Уставот, се мислеше на вакви состојби. Значи не е само декларативно, треба сега и суштински да браниме одредени интереси на Република Македонија.

Затоа, ве повикувам да го пдоржите амандманот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев**: Благодарам претседателе.

Многу накратко ќе кажам. Еве, дебатираме веќе 8 часа и сеуште не можам да го разберам стравот кај премиерот и кај членовите на Владата да не удостојат со присуството на денешната собраниска седница.

Мислам дека работата е малку пресериозна со донесувањето на оваа Предлог резолуција или декларација, како сакате наречете ја, со оглед на тоа дека вчера имавме една несреќна или пак смешна изјава на министерката за внатрешни работи каде што велеше дека демаркацијата на границата и оној инцидент кој се случуваше, нормалнокако политичка порака, не е на наша страна, односно не е на македонска територија. Меѓутоа, сведоци бевме дека навистина на тоа место иамше и голем број наоружени лица кои се плашам, ако не се прифати овој амандман предложен од пратеничката група на СДСМ, можат да прераснат во нешто посериозно и од безбедносен аспект. Не би сакал да верувам дека ќе биде така.

Исто така, го слушнавме и ставот на ВМРО-ДПМНЕ , иако неколку само, другите пратеници се мирни и партиски послушници, кажаа на координаторката госпоѓа Бонева, која го кажа ставот на ВМРО-ДПМНЕ дека ќе гласаат за оваа Предлог резолуција, иако не сум сигурен дека лично верува во тоа и навистина се плашам како ќе го објасни тоа во својот матичен град во Струмица. Меѓутоа, ВМРО-ДПМНЕ така делува, дојде наредбата од партискиот шеф и веднаш се пристапува кон реализација.

Ќе се повикам на зборовите и на премиерот и на министерот за надворешни работи и на вице премиерот, кој што некој пат е вице премиер, некој пат е портпарол господинот Боцевски, да ги искористиме нивните зборови дека признавањето на Косово ќе се случи во тој момент кога ќе процени Владата, односно дека суверенитетот и националниот интерес на Република Македонија ќе преовлада. Па јавно ги прашувам дали

демаркацијата на границата, која што е факт дека не е завршена, е национален интерес на Република Македонија.

Затоа, предлагам, замолувам до парламентарното мнозинство, овој предлог амандман да го прифатат. Многу е јасен, многу е краток. Вели во точка 1 по зборовите “признавање на Косово” се става запирка и се додаваат зборовите “по целосно завршување на процесот на техничка демаркација на северната граница со Косово”.

Јас се надевам дека ќе биде прифатен од страна на пратениците. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 87 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 17 пратеници, воздржани нема, против гласаа 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на точка 1, поднесен од пратениците Станка Атанасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Менде Динески, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугарески, Маринела Тушева и Никола Ќуркчиев.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Станка Атанасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Менде Динески, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугарески, Маринела Тушева и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господинот Хани Тахир, повелете.

**Хани Тахир:** Ви благодарам почитуван претседателе.

И овој амандман предложен од страна на СДСМ не се прифаќа од причина што неколку пати е пофторено од наша страна, и ќе истакнеме повторно дека од Албанците било и од Република Косово нема спорење во однос на прашањето на името и ова е проблем што ние во ниту еден момент не сме го спореле, значи уставното име на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки амандманот не е прифатен, ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор по амандманот се јавија: господинот Станковиќ Емилијан, господинот Ивановски Игор, господинот Бучковски Владо и господинот Бајрам Амди.

Има збор господинот Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам претседателе.

Бидејки предлагачот не го прифати усвојувањето на овој наш амандман кој што оди во насока дека пред воспоставување или признавање на Косово од страна на Република Македонија треба да имаме цврсти гаранции и дека косовските власти ќе го користат уставното име на Република Македонија, господинот Тахир Хани во својство на предлагач кажа дек аова никогаш не било спорно. Сакам пред пратениците во ова Собрание уште еднаш да ве потсетам дека на 16 септември или пред само 25 дена косовскиот премиер Хашим Тачи во интервјуто за еден наш медиум соопшти, цитирам: “Косово ќе го следи ставот на меѓународната заедница за уставното име на Република Македонија”.

Уште еднаш прашувам дали пратениците на ВМРО-ДПМНЕ знаат на кој став мислеше Хашим Тачи. ВМРО-ДПМНЕ кое упорно цитира некоја страница од својата Портокалова програма во која прашува меѓу другото дека без референдум нема да прифаќа било каков предлог за решавањето на спорот со името, од кое што,како што вели македонскиот премиер зависат ЕУ и НАТО интеграциите на Република Македонија, денес, вечерва, молчи.

Јавно ве прашуваме зошто не распишете референдум за признавање на Косово, зошто за ова денес молчите. Претпоставувам дека затоа што во Портокаловата преродба никаде не стои дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе го признае Косово, тоа им го премолчивте на граѓаните. И сега видете апсурд, ВМРО-ДПМНЕ владеачката партија на која секој втор збор, односно од секој втор збор извира патриотизам, која вели или двојна формула како решение за спорот со името или ништо, и тоа во еден клучен момент од преговарачкиот процес, денес за уставното име на Република Македонија не кажа ниту еден збор. Каде сте сега почитувани пратеници на ВМРО-ДПМНЕ да се борите за уставното име на Република Македонија. Зарем за вас не е заштита на државните интереси да добиеме гаранции дека косовските власти ќе го користат уставното име на Република Македонија. Кој ќе ми даде одговор на ова прашање вечерва? Веројатно вчера Никола Груевски ви дал гаранции или можеби ви дал гаранции дека Косово ќе го употребува уставното име на Република Македонија кога ќе гласате за усвојувањето на оваа резолуција. Ако Груевски и Милошоски се кријат цел ден и не го соопштуваат, односно не даваат одговор на прашањето дали имаат гаранции од страна на косовските власти за ова прашање, дали тоа значи дека вие како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ ќе ја преземете одговорноста, ако утре не дај

Боже косовските власти ќе ја користат референцата БЈРМ, или после ќе се вадите дека Груевски вчера викажал дека има гаранции, арно ама некој друг се вмешал, можеби јужниот сосед и тој ќе биде виновен ако тоа се случи, не дај Боже. Мислам дека ви е јасно или треба да бидете свесни дека вечерва ја преземате улогата на глинени гулаби само за да вашиот ценет шеф не му падне високиот рејтинг ни малку. Или ќе се вади исто како што сега се удирате во гради за двојната формула, иако сите знаат дека таа веќе не е реалност бидејќи македонскиот премиер Никола Груевски се откажа од неа уште пред Самиот на НАТО во Букурешт кога прифати Република Македонија (Скопје).

Затоа, уште еднаш апелирам, сакам да ве убедам дека најдобро ќе ги заштитиме државните и национални интереси на Република Македонија ако гласате за усвојување на овој амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

За жал, оваа седница која што требаше да биде обид или поточно кажано воопшто не требаше да случи, а во денешниов ден Владата да излезе со став кој што верувам дека ќе беше поздравен од сите, ние денес цел ден заклучно со оваа вечер добивме една фарса каде што, замислете, за прв пат во овие двеипол години на Портокалова преродба слушнавме став на една телевизија, веројатно соопштен од бриферите на Владата, дека Владата очекува Собранието да ја донесе одлуката, па да го признае Косово. Прв пат се случува некој владин брифер да каже дека Валдата го чека Собранието, бидејќи ова Собрание благодарејќи на ВМРО-ДПМНЕ стана обична шупа и комплетно маргинализирано од политичкиот систем во Република Македонија.

Никола Груевски веројатно цел ден седи и ги гледа дискусиите и си вика, аман заман, дај побрзо да помине, за да можам утре да имам резервно алиби во следните месеци и години и да рече јас за ништо не сум повикан, овие во Собранието и тоа замислете не од ДУИ и ДПА, туку така една иницијатива, па уз пат нашите ја предложија, јас заради нив морав да го признаам Косово, е очајнички и стравен потез. Апропо принципиелноста господа, бидејќи полна ви е устата со Портокаловата програма, кога е во прашање вашата губитничка позиција на Македонија ви за ви прашањето на името, никаде не прочитав дека вие ќе го признаете Косово.

Колешке Силвана Бонева, вие и вашите колеги вечерва ја прекршувате Портокаловата програма. Толку околу вашата принципиелност. Ние околу тоа немаме проблем.

Но она во што имаме сериозен проблем е што не можеме да сватиме дека квази наречените и самопрогласените македонски патриоти кои со пари на граѓаните си организираат прослави на државни празници и водат митинзи со 40 минути говори дека ќе го спасуваат името и дека тие ќе го заштитуваат од целиот свет, денес воопшто не се ни обидуваат да дадат подршка на многу коректен и сериозен амандман, со кој Македонија веројатно ќе добие многу, Косово нема да изгуби ништо, бидејќи се поставува прашањето вечерва вие ќе ја подржите оваа резолуција, Груевски веројатно вечерва ќе даде свој став и Владата ќе рече затоа што Собранието ја донесе Резолуцијата, ќе го признаеме Косово. Во ред, под кое име, во билатералните размени на ноти Никола Груевски ќе се потпише кога ќе ги размени веројатно со Хашим Тачи од другата страна. Знам дека од нивната страна ќе пишува Република Косово, не знам што ќе пишува на нашата страна. Еве ви можност, ако конечно Владата го чека Собранието, Собранието да рече бараме од Владата ништо повеќе, ништо помалку, да го запази она што е приоритет, интерес, обврска број еден, да го заштитува своето уставно име, едно и единствено, Република Македонија. Бидејќи за жал и на оваа ситуација во делот со Косово, замислете, се потврди позицијата, Груевски е најсилниот патриот ама дома, кога ќе отиде надвор молчи, па ќе се шета низ Њујорската берза со беџ на кој што пишува ФИРОМ, а овде ќе става во заложништво илјадници генерации, удирајќи се во гради дека тој ќе го штити името од Македонците, замислете. Ќе го штити името на тој начин што ќе го прати Антонио Милошоски со неговата омилена фраза во четири очи да разговара со Дора Бакојани и при тоа да не ми кажат што разговарале. Денес имаме ситуација ако некој идентично, не можам да речам повеќе бидејќи не сум сигурен, сака да пропаднат преговорите од Грците, тоа е Никола Груевски и ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи ако се успешни преговорите вие ќе немате приказна, за што ќе зборите дека сте патриоти? За ништо освен со портокаловите балони и лавчињата на нив и миризливите елки во вашите службени коли, ништо повеќе. Ќе ви падне темата, ќе ви падне тезата, ќе ви падне постоењето. И по прашањето на името се криете, молчите, никаде нема став на најекспонираните почнувајќи од Груевски завршувајќи со вас политичари од ВМРО-ДПМНЕ да го соопштите ставот. Кога треба да го пратиме нашиот преговарач на Република Македонија и неговиот придружник во Њујорк за да му ги соопшти македонските позиции на Нимиц, тогаш се минираат средбите и се бара присуствотона колегата Амди Бајрам за да може да допринесе на таа средба и на сите останати. Ама тогаш кога имате шанса не да удирате на маса, туку само да покажете дека се грижите за тоа уставно име, вие таа шанса ја немате.

Господине Павле Трајанов, многу зборувавте на лидерската средба, вечерва молчите. Госпоѓата Лилјана Поповска многу зборуваше, вечерва ја нема. Господата претседатели на сателитите многу зборуваа, вечерва ги нема и господинот Ѕинго. Кога требаше да се минираат средбите и обидите да се има заедничка цврста позиција за да се добие подобар предлог од медијаторот

Нимиц ја манипулиравте јавноста дека 10 дена ќе оделе наводно поштарски преговарачите за да го земат предлогот, се вратија без официјален предлог. Ќе се извини Груевски и Милошоски и компанија што лажеа 10 дена? Ќе се извините вие дека говорот што го државте по повод Денот на Републиката на градскиот плоштад е обична фарса, бидејќи сега се срамите во резолуција на македонски парламент за односи со Косово да ставите одредба каде што не се бара ништо повеќе, почитување на Уставното име. Јас верувам дека и на косовската страна нема да има проблем. Се надевам, како што сум убеден, да нема дилеми, дека Албанците во Република Македонија почнувајќи од ДУИ, ДПА или најмногу од се граѓаните етнички Албанци во Република Македонија никогаш, барем јас сум сведок на тоа и верувам до крај во тоа, не направиле проблем со уставното име на Република Македонија. Убеден сум дека поавтентично и ДУИ и ДПА даваат подршка на реалното и вистинското зачувување на македонскиот национален ентитет отколку што тоа го прави лажно и популистички ВМРО-ДПМНЕ и Груевски. Тие се секираат повеќе заради оваа држава во целина за тоа дали Македонија ќе влезе во Европската унија, НАТО, но не под цена на македонскиот идентитет, јазик, култура и традиција. За тоа им честитам. Во ниту еден момент не се проблем Албанците во Република Македонија. Напротив, станува збор само како да ги заштитиме, зачуваме и добиеме гаранција во нашите идни релации, веќе извесни, веројатно вечерва доцна, со Косово.

Колеги пратеници, ако не го прифатите овој амандман и ако Владата не инсистира на доследно почитување на употребата на уставното име, тоа ќе се види многу брзо, а ако има ситуации за кои не сакам да се надевам да може Хашим Тачи, Сејдиу или некој друг носител на јавна функција и институција во Косово на одредено место и повод ја употреби референцата БЈРМ, тоа ќе биде директна одговорност на Никола Груевски и него ќе го прозивам. Ако дел од косовските институции во идниот период не го користат уставното име на Република Македонија, ќе ве прозивам вас. Вие на кои ви е полна устата со лажниот македонски патриотизам почнувајќи од Хунзите, десет илјади километри од тука.

Сето ова можеше да помине многу елегантно, унисоно и во интерес на Македонија. Денеска, наместо за оваа резолуција да расправавме за некој економски закон, а дојдеше абер преку бројните прес-конференции на Никола Груевски и останатите дека Република Македонија го призна Косово. Ама не, храброста е мислена именка за оние кои се квази македонските патриоти или, се извинувам, храбри се зад камерите кога снимаат спотови, кога ќе дојдат на ТВ дуели - ги нема, кога ќе дојдете до ситуација да стиснете зелено копче за македонската позиција, идентитет, име и заштита на нацијата, пак ве нема. Јас се чудам зошто воопшто седите и велите зошто ви го малтретираме времето.

Затоа колеги, не станува збор за амандман на СДСМ или за одбивање на амандманот од ДУИ. Станува збор за позиција на државата за која, ако не ја направите вечерва, дефакто, и практично ќе потврдите дека вие сте за откажување на влезот на Република Македонија во Европската унија и НАТО. Зачувување на уставното име на Република Македонија и воспоставување на здрави и фер односи.

Ако вие однапред во оваа фаза се плашите на Косово да му соопштите дека сакате да го почитува уставното име, можам да замислам што пазари ќе правите понатаму. Впрочем, опции и разно разни пазари и зделки и ред други работи од овој тип ви се добро познати.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Еве само накусо, бидејќи на два пати на еден или на друг начин бев повикан да се изјаснам околу овие прашања. Еднаш господинот Бучковски го спомна Демократскиот сојуз, сега и господинот Игор Ивановски.

Прво, мислам дека околу тоа кој се грижи да биде заштитено нашето уставно име, најмалку право имаат за тоа да зборуваат пратениците од СДСМ, бидејќи претседателот Киро Глигоров, Претседателот Бранко Црвенковски како претседател на Влада и претседател на СДСМ тие предложија да влеземе во ОН да биде примена Република Македонија со привремената референца БЈРМ.

Значи, тогаш започна рушењето на нашето уставно, историско име кое е поврзано со нашиот идентитет. Тоа е јасно и околу тоа не треба да спориме. Не треба ни да се враќаме, тоа е сосема јасно, го знаат граѓаните на Република Македонија тоа прашање.

Втора работа, мислам дека е голема хипокризија од страна на СДСМ, која што континуирано кога беа во коалиција со ДУИ се залагаа за что можно побрзо признавање на Косово како самостојна независна држава. Не формално правна како сега тоа што го правиме по прогласување на независноста, дури господинот Владо Бучковски се залагал за условна независност, прифаќање на планот Ахтисари итн. Значи сега, неможамандман да разберам во што е спорот околу целокупната оваа расправа.

На крај, ако СДСМ само пред неколку дена објави, ако со тоа се сложи претседателот на државата Бранко Црвенковски дека се тие за прифаќање на име на Република Македонија со географска одредница што е тоа сега што ние овде слушаме дека многу било битно Косово нас да не признае или да не условува под уставното име. Затоа што многу добро знае и Бучковски и Игор Ивановски дека и нивната Влада и оваа Влада имаат изградено став, принцип дека нема да потпишуваат никакви договори, никакви

диполматски односи нема да се воспоставуваат со држава која шт о не го признава нашето уставно име. Работите се многу јасни. Прашање е сега дали ние или дали сега ДПА и ДУИ не дадоа можност овде да се отвори расправа, со тоа што да се расправа или можност целокупната онаа претседателот политика што ја водеа сега да ја отфрлат и да се презентираат како заштитници на нашите национални државни интереси.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски**: На ВМРО ДПМНЕ да е Павле Трајанов, отиде работата, тоа е потврда. Господине Павле Трајанов, вие бевте во мнгу Влади и пред 1998 година и по 1998 година и не ве видов дека како министер за внатрешни работи предложивте да се смени и да се обидете за референцата ФИРОМ. Господинот Груевски беше министер 4 години во таа Влада, на чело со вашиот идеолог Љубчо Георгиевски, не видов со мал прст да се смени ФИРОМ. Сега кога имаме шанса да го решиме проблемот, реплицирам со Павле Трајанов кој најдобро знае како функционираат грчките врски. Па , немојте господине Павле Трајанов, најтешко е хипокризија. Хипокризија е да се откажете од двојна формула во Букурешт и како што Груевски прифати Република Македонија(Скопје), а два месеци после Букурешт кога имаме шанса вели, е сега јас застапувам со двојната формула. Тоа е хипокризија и националн о велепредавство. Знаете, ама за тоа веројатно ако ни дозволи претседателот ќе дискутираме на посебна седница и се надевам дека ќе можеме подобро да разговараме. Јавноста веќе знае.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Бучковски Владо.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Најпрво сум непријатно изненаден од прадлагачот што не го прифати овој амандман. Значи, тоа е недостатокот на политичко искуство и немањето усет како треба на дело демонстрира дека сакате да респектирате и поинакво мислење. Ако ВМРО ДПМНЕ функционира така како што функционира, се договарате 17 дена да не ви го бараат пратеникот, па се пазарите за нешто друго, па вие викате во ред, ајде сега после ова може да ви го дадеме пратеникот и ќе направиме нешто трето, тоа може да функционира со ВМРО ДПМНЕ. И , таму ќе зборува само еден, како во парламентот да членуваат колективитети, а не пратеници 120. Секој мисли со своја глава и ќе каже свои аргументи. Нема ниту еден добар во овој момент аргумент од ваша страна зошто не го прифаќате овој амандман. Затоа што и вчера вечер да не повикаше некој од вас да побара од СДСМ подршка, ние ќе ги ставевме на маса овие три амандмани. Ви не мораше да прифатите се, но требаше да ни дадете аргументи зошто не прифаќате. Ајде за првиот амандман велите ова е демаркацијата и да веруваме дека ќе биде готова, иако ме убедуваа некои ваши колеги господине Хани дека на 21 ќе биде готова демаркација, на 22 јас давав изјави за РТК, за Радио телевизија Косово кога дојдоа сите пред Владата и чекаа Владата да го признае Косово. Тогаш не ви требаше парламентот. Во меѓувреме беа хашките случаи, ноќната седница, се спаси Шпати, го нема Џемаили.

Нешто во меѓувреме се случи. Вие и должите на македонската јавност одговор дали е ова дел од ова сценарио. Многу нешто сте мистични. Многу сте мистични. Да се вратам на проблемот.

Тврдите дека ќе не признаваат онака како што очекуваме. Го слушнав сега во 17,35 портпаролот на Косовската влада Красничи некој, не рече така. Добро, по грешка свртиле кај некој од советниците, за што пет пати го слушав што кажа Хашим Тачи и тројца негови советници, велам, нема што да додадеме на тоа што кажа премиерот. А премиерот јас го слушнав. За разлика од вас, сеуште добро слушам. Вели, ние ќе ја почитуваме волјата на меѓународната заедница и така ќе ја ословуваме Република Македонија. Значи БЈРМ, така како што вие не сакате да биде компромисот. Така рече Ермира Мехмети после последната средба.

Значи, за ДУИ не може да биде компромисот само Бивша југословенска република, Словенска Република Македонија и СлавоМакедонија. А сега овде не прифаќате амандман кој ќе ги засили нашите позиции во битката која биратерално е со Грција. Јас не знам дали беа оправдани обвинувањата за време на кампањата, за некои грчки врски, некои банки во Пиреа, кого се Грците од албанските политички партии финансирале. Но, сега не ми е јасно кога Грција го нема признаено Косово, зошто вие со овој амандман, што не го прифаќате ги застапувате грчките позиции. Што вам ви вети Грција да не го прифатите овој амандман? Што директно ќе ги засили нашите позиции, зашто битката веројатно гледате се отвори пакетот. Или цел ден седите во Парламентот и се договарате со ВМРО-ДПМНЕ, гледате што е пакетот. Грците ќе притискаат за дејството ергаомнес на меѓународното име кон сите, ние ќе ги притискаме тие 124 држави, ако бите идна членка на Обединетите нации и Косово 125, да го користи нашето уставно име. И ќе биде битката околу идентитетот. Дали ќе го употребуваме терминот македонска нација, или некој ќе се повикува на меѓународни стандарди и ќе рече нема такви термини во графите, туку имаат сите дижи, државјанство. Тука битката ако ни помогнете, ќе ја добиеме. Со вакви ситни удари, со ситни поени, за што овие не разбираат, ви реков, ви кажа ВМРО-ДПМНЕ што прави овде, што стартира. Сега со вас разговарам и вие сте предлагачи. Хани и Џафери да речеме, зашто господинот Тачи не сака да се согласи со некои мои ставови, вам ви дадоа за право, вие сте сега предлагачот. Ние со нив ќе се договоревме, за разлика од вас се поискусни. Немаше потреба

нас да не иритирате со прифаќањето на овој амандман. Ако сте сигурни дека е така зошто не речете еве правиме компромис вака треба во иднина да се прави. Ние се сомневаме затоа што на првата изјава што ја даде претседателот Црвенковски, Фатмир Сејдиу не одговори позитивно. На втората изјава што ја прочитавме во некои од медиумите на директно прашање на новинар од Канал 5 кој беше таму на гости како што вечерва го слушав новинарот од Алфа телевизија е таму во Приштина, во Владата вика сите со насмеано лице чекаат признавањето на Република Македонија.

И второто прашање, а дали вие ќе испратите сигнал за градење на добрососедски односи и градење на доверба со тоа што ќе ја ословувате Република Македонија со уставното име, молк. Така не и помагате на Република Македонија. Значи во овој момент иако изгледа навидум дека е маргинално прашањето дали ќе прифатите амандман на опозицијата добро размислете. Нема причина да не го прифатите амандманот кој условно речено ви го кажува нашиот став про, но вели дај ако одиме кон признавање потпишувањето ќе биде за два дена као што вели колегата Ивановски. Зошто да не бидеме во позиција каде што ќе го заштитиме нашиот дигнитет. Тука е вашата грешка за која говореше господинот Манасијевски. Направивте уште во стартот погрешен потез. Не е признавањето на Косово проект на албанските политички партии во Македонија. Не е ваше ексклузивно право. Зошто ја барате тогаш нашата поддршка. Зошто барате консензус. Зошто некој вчера не се јави на телефон да рече сакате ли да го разгледаме нашиот предлог. Или така научивте да функционирате со ВМРО-ДПМНЕ. Значи ВМРО-ДПМНЕ не знае ништо, а четири часа овде сте се договарале дошла целата Влада, дошол веројатно и Груевски, сте правеле некоја ситна закуска, не знам што сте правеле, предвреме сте славеле и сега сакате ние овде да дојдеме и да бидеме кооперативни. Според младиот колега Николовски кооперативно би било опозицијата ако каже опозицијата што е нивниот став. А ние имаме став уште во 2005. Проблемот е што ВМРО-ДПМНЕ се затскрива те зад Парламентот, де утре зад граѓаните. Јас уште еднаш јавно прашувам што е вашата интенција. Дали сакате да ги зацврстите нашите позиции со тоа што ќе донесеме препорака, предлог како што рече Џафери, Владата вечерва да го признае Косово зашто знаете вчера сте се договориле дека во Парламентот нема многу да зборуваат, тие можеби се незгодни ако им е денот, ќе ве држат многу, но ќе имаме добра координација, ќе збоува само по еден од пратеничките групи, свикајте ја седницата на Владата во 14,00 часот. Од 14,00 часот окапаа сите камери таму. Еве сега се враќаат една по една, но новинарите не се тука. Од 14,00 часот седат министрите во Владата и чекаат да го признаат Косово, но да ја чуеле препораката, види, препораката да ја чуеле на Парламентот. И што мислите, овој народ ќе го лажете, денеска, утре, задутре. Па не пие нафта, иако нафта може да најдеме во Овчеполието, ама таа нема да ја пиеме. Не можам да ве сватам, значи очекував дека ќе бидете крајно коректни и да кажете што очекувате од нас пратениците кои мислат со своја глава и кои го градат стратешкото партнерство со Албанците, а не пред 2001 да порачуваат што треба да направиме за Албанците со паролите за гасни комори, а не денеска да ни говорат дека тие секојпат биле за независно Косово. Па убаво ве прашав, што не напишавте во вашата изборна програма, туку пукна тиквата во коалицијата меѓу ДПА и ВМРО-ДПМНЕ прво околу ова прашање, затоа што Манасијевски добро памети и тогаш опозицијата беше похрабра од вас. Имаше предлог. Имаше предлог. Ајде изборите беа изговор не го признаваме Косово, така ве пренесе жеден преку вода Груевски, ама сега дојде клучниот момент. И Црна Гора пред нас замислете го призна Косово. Црногорската влада ја донесе одлуката. Вие не можете тоа да го обезбедите во една сериозна демократска расправа затоа што најбенигниот амандман го отфрлате. Затоа уште еднаш ќе побарам од вас малку поголема кооперативност и почит кон опозицијата. Овој амандман мора да се прифати. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе, господине Бучковски би сакал да реплицирам на еден дел од вашето излагање, иако ги слушав и претходните дикутанти, но сметајќи дека се млади и неискусни, како господинот Емилијан Станковиќ и некои други, па се решив вам да ви реплицирам, затоа што сметам дека сте еден од поискусните и дека сте добар политички аналитичар. До пред неколку месеци кажувавте дека ќе седиме на другата страна, дека вие ќе седите во средина. Не се исполни вашето предвидување. Ќе ве потсетам само дека лажењето на народот е својствено само за СДСМ, господине Бучковски. Ќе ве наведам само на датумите 13.10.1995 година, ако нешто ви значи, ќе ве наведам на датумот 15.10.2002 година, ако исто нешто ви значи.

Господине Бучковски можеби ви беа потребни 12 години и 360 дена за нешто национално кај вас да се разбуди. Можеби ви беа потребни 12 години и 360 дена, за да се свестите дека го продадовте името на Република Македонија. Можеби знамето, а можеби допрва, после 15 години и грбот на Република Македонија. Затоа, немојте да ја замајувате јавноста дека сте толку добри, национално ориентирани, дека сте грижодушници и дека и сакате добро на Република Македонија, сметајќи дека на 13.10.1995 година го продадовте името на Република Македонија.

Кога сте кај лажењето, ќе напомнам дека 15 септември веќе е прогласен за ден на лагата, а

за тоа ако не се сеќавате, тоа е вашиот иден претседател кој што чека да седне на столицата, дека на 15 септември народот ќе ја земе судбината во свои раце и дека ќе има по еден вработен од секое семејство. Ништо не исполнивте. Сега после 12 години и 360 дена увидовте дека сте направиле некоја грешка. Ако во тој временски период се определивте за некоја географска одредница, можеби денеска ќе го имавме и нашето уставно име. Немаше да се бориме, да преговараме зад некои комбинаторики во кои што сеуште немате изградено точен став и сеуште одите во меѓународната јавност и лоборате како вие сте оние кои што сте повлексибилни, како вие би го промениле името, само како би се вратиле на власт. Тоа народот веќе го знае господине Бучковски, и мислам дека таквите работи се веќе излитени и не држат. Народот на изборите го кажа своето, а можеби после 15 години и вие ќе увидете дека овој потег кој што го влече сега Владата на Република Македонија и ова Собрание е мошне исправно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Господине Цветко прифаќам да дадам скромен придонес во вашата кампања за локалните избори. Но да разговараме на сериозни теми со вас не прифаќам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Најдобро намерно господине Бучковски мислам дека ме замарате и не ви функционираат тезите како што треба. Мислам дека треба малку посвесни да бидете дека можеби зборувате течно, но отворате многу опасни теми и опасни работи. Со тоа давате неточни квалификации и преткvалификации. Значи, не обвинивте како Албанци и дека не сакаме да го прифатиме вашиот предлог под уставното име. Свесни сте и вие, и целата јавност дека по ова деликатно прашање партиите на Албанците беа воздржани, конструктивни до крај, иако исто другиот процес исто така е многу важен. Значи, интеграцијата на државата во меѓународни структури, како што е НАТО и Европската унија. Морам уште еднаш да ви повторам дека не смееме оваа тема да ја искористуваме за можни внатрешни нетрпенија или да отвораме теми кои не постојат. Уште еднаш, ви повторувам дека проблемот со името, уставното име, сите сме свесни дека не се решава во Приштина, туку тој проблем сите знаеме каде треба да се реши. Не коректно е ваквото условување. Мислам дека и за вас е добро и како партија и како личност, потполно се согласувам со вас дека ова не е тесно албанскио проект. Ова не го рекол прво Манасијевски, туку некој друг. Туку е многу поголемо. Тој проект значи дека се работи за НАТО, за Европската унија, за САД и би било добро и вие без условно да гласате за оваа резолуција.

Името, идентитетот и црквата ги оспоруваат Грците и Србите. Апсолутно досега нема ниеден јавен документ, сега јавна изјава не знам дали има точно или не, ниту од Албанија, ниту од Косово, ниту внатре од Македонија, барем од најсериозните, да не кажам најјаките политички партии. Сакајќи можеби да придонесете оваа резолуција би се согласил да биде со поширок консензус, можеби ќе направите грешка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Бучковски Владо.

**Владо Бучковски:** Господине Тачи вие мислите дека ние правиме грешка. Јас можам да набројам многу грешки што сте ги правеле вие во изминатиот период. Но тоа нема да не довете до целта. Целта е да изградиме консензус. Прашањето за името не се решава во Приштина, но се брани во Приштина. Ако се браниме од еден од предлозите дека ќе имаме проблем, дали ќе имаме можност уставното име да го користиме на билатералните релации. Си ја пробуваме сега силата, кога знаеме дека го следиме патот што трасираше НАТО како стратешки сојузник. Тука не гледам дека има било каква грешка во потезите што ги влече опозицијата во овој момент СДСМ, ЛДП и НСДП. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, само накусо. Господинот Владо Бучковски како доктор на правните науки, сосема добро знае кој е одговорен околу одлуките што треба да се носат. Владата на Република Македонија согласно Уставот и законот, посебно Законот за надворешни работи, е таа која што ќе донесе одлука и за признавање и за воспоставување на дипломатски односи со Косово. И целокупната одговорност, или пак тоа што ќе биде позитивно, ќе падне на Владата. Тука мислам дека нема дилеми. Денешната расправа, со тоа што ќе се донесе денеска резолуција, вие многу добро знаете дека не ја обврзува Владата. Владата може да донесе одлука во позитивна смисла, може и да не донесе, може и да го одложи тоа прашање. Сосема е јасно. Но одговорноста паѓа на сите нас и на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ, на двете најголеми политички партии, доколку поддржат таква одлука, таква резолуција. Значи, не можеме да ја префрламе одговорноста на некој друг. Сите ние одговараме. Ако СДСМ изгради свој став да не гласа за резолуција, тогаш нема да сноси никаква одговорност. Меѓутоа, со поднесување на два или три амандмана да се затскрива целокупната нивна политика да речеме, ако тргнат работите на лошо, дека ние да сме ги прифатиле амандманите би било добро. Ништо. Повторно исто ќе биде. Иста ќе биде позицијата. Верувајте, дека ништо нема да смениме. Еве и трите, да бев јас на местото на предлагачите ќе ги прифатев

трите амандмани и ништо немаше да се промени. Тоа е сосема јасно.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Само да констатирам дека очекувам господинот Трајанов да гласа за амандманот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа што господинот Амди Бајрам не е тука, го губи правото за збор по амандманот.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 90 пратеници. За амандманот гласаа 19 пратеници, воздржани нема, против гласаа 71 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на точка 1 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Менде Динески, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева и Никола Ќуркчиев.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова точка 4 по точката 3, поднесен од пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Менде Динески, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Хани Тахир, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван претседателе, исто така и овој предложен амандман од СДСМ не се прифаќа од причина што се знае дека Уставот на Република Косово произлегува од планот на Марти Ахтисари, со кој Устав правата на малцинствата и сите граѓани во таа држава се гарантирани на највисоко можно ниво и стандардите на правата на граѓаните и на етничките малцинства во таа држава се на повисоко ниво и се пример за Балканот и пошироко. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи не е прифатен амандманот, ги повикувам пратениците кои сакаат да се произнесат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријавија господинот Јован Манасиевски, господинот Јани Макрадули, господинот Андреј Петров и госпоѓата Весна Бендевска.

Збор има господинот Јован Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Навистина сум многу непријатно изненаден што ниту еден амандман од овие бенингни амандмани на опозицијата не беше прифатен. Во општата дискусија мислам дека констатиравме сите оваа хартија, оваа резолуција пати од многу слабости и процедурално и суштински и дека не претставува комплетно решение, туку едно паушално решение. Меѓутоа и такво какво што е и најмалиот обид да се поправи и да се постигне консензус за жал од предлагачите е одбиен.

Запрепастен сум од Одлуката на пратениците на ВМРО ДПМНЕ, ниту еден од овие амандмани да не поддржат. Сакам да ги прашам и да ми го протолкуваат, каква што навистина не ми е јасно, ниту стои фактот дека со ваквото неприфаќање на овие амандмани гласаат директно против фамозната страница 146 од програмата, исто така и против страницата 147 од нивната програма.

Навистина овој однос да не се прифати процесот на демаркација да биде заокружен, да не се прифати во комуникацијата да се користи уставното име на Република Македонија е скандалозен и од овој момент вие ја преземате одговорноста за било каква некоректност или испад во идните меѓусебни односи на оваа тема. Мислам дека си преземате преголема одговорност и мислам дека вашиот претседател овде ве жртвува како топовско месо, затоа што во спроведувањето на својата одлука ќе се повика токму на оваа резолуција.

Можам да констатирам со жалење дека ни после 9 години ништо не е научено. Говорев пред малку во своето излагање дека во 1999 година истата оваа владеачка гарнитура предводена од ВМРО ДПМНЕ дозволи со комплетна логистичка поддршка на Македонија да биде успешно изведена НАТО операцијата без притоа Македонија да добие ништо.

Неколку години после 1999-та во неколку разговори што ги имав со клучни личности од меѓународната сцена што учествувале во тој проес, се разбира приватни разговори, ми беше јасно соопштено дека тие биле впрочем изненадени како ништо од страна на Република Македонија не се бара за возврат. И политичарите и генералите што доаѓаа во кабинетот на претседателот Глигоров тогашен, во кабинетот на премиерот Ѓеорѓиевски тогашен беа соочени со една ситуација да апсолутно ништо не бараат нашите државни раководители за возврат за својата држава, за своите граѓани. И не само изненадени, во многу од овие разговори почувствував и отворено сожалување. Овие меѓународни претставници не сожалуваат затоа што нашите раководители не биле, немале капацитет, не биле способни да формулираат елементарно барање во интерес на државата.

Девет години после тоа истото ни се случува. Затоа говорев за тој пакет на кој што требаше да

се работи девет години, а не изминатите 9 месеци.

Владата требаше да направи сет на прашања на кои што во овие изминати месеци требаше да се дојде до заеднички договор и како резултат на решавање на тие прашања, воспоставувањето на тие дипломатски односи да биде круна на тој процес. Сега, повторно, за жал влегуваме во една авантура, авантура од типот што за некој месец ќе се појави некој периферен проблем кој што повторно ќе создаде недоразбирања во меѓусебните односи.

Значи, ништо не е научено во овие девет години, ништо не знаеме да побараме за возврат затоа што учествуваме во регионалната стабилност, учествуваме во пацификацијата на регионот, учествуваме во спроведувањето на политиката на меѓународната заедница. Апсолутно ништо не знаеме да побараме и да добиеме за државните интереси на Република Македонија.

Реков и пред малку колку што е вината, колку што била на Владата на ВМРО ДПМНЕ, во која што да ве потсетам министер за трговија беше Никола Груевски. Никаков план не продуцира Никола Груевски во 1999 година по акцијата на НАТО да се воспостави систем на трговија со Косово кој што ќе биде прифатлив и корисен за Македонија. Што се случи вие добро знаете. Настана еден хаотичен извоз на се што беше во резервите во складовите на Република Македонија, што исправно, што неисправно, што добра што лоша роба се заврши одеднаш во Косово. Меѓутоа, имаше отсуство на било каков проект за подолгорочна трговска политика. Нешто што ќе добие Македонија за тоа што дозволи во тој период да биде логистика за успешно изведување на оваа операција.

После тоа, посебно во 1999 година беше министер за финансии господинот Груевски во таа Влада. Повторно ништо не побара. Да ве потсетам, никаква помош врзана за нашето учество во операцијата на НАТО, финансиска не е добиена . . .

**Трајко Вељаноски:** Колега Манасиевски не знам што има врска со амандманот.

**Јован Манасиевски:** Има врска затоа што не знаеме да си ги формулираме . . .

**Трајко Вељаноски:** Ве молам зборувајте по амандманот.

**Јован Манасиевски:** Господине претседателе треба да ме следите повнимателно.

Во овие амандмани се бара дефинирање и борба за елементарните државни интереси. Јас правам споредба како ниту 1999 година оваа гарнитура не знаеше да се бори за државните интереси, ниту сега исто така знае да се бори за државните интереси. Се разбира, мислев дека во овој период нешто научиле, но за жал сум се излажал.

Оттаму ве молам барем со симболичкото прифаќање на овој трет амандман да се покаже елементарно чувство за градење заедничка политика. Ако не се прифати овој амандман значи дека апсолутно под дифол се одбива било каков обид за градење на заедничка политика, а потоа кога ќе стигнат последиците дај боже да нема никакви последици тогаш едноставно нема да можете да се повикате на никого освен на вашата кратковидост и на вашата неспособност да формулирате поширок пакет на идеи во кои што сите ќе бидат добитници. За секого ќе има бенефит. За граѓаните на Република Македонија, за граѓаните на Косово, за стабилноста на регионот, за спроведување на плановите на меѓународната заедница за целосна и дефинитивна пасификација на овој регион.

Оттаму, почитувани колеги, знам дека Владата е нестрплива и гледам дека им ѕвонат на многу пратеници телефоните затоа што министрите кои што се сега во Владата всушност чекаат да завршиме. Сите се покрај телевизорот, ја користам оваа прилика да ги поздравам, да им кажам дека многу ми е жал, не мора да се мачат таму во тоа тесно фоаје пред салата на Владата, можат да дојдат тука во овие покомотни фотелји и директно да ја слушаат и да учествуваат во оваа дебата.

Ќе остане забележано дека Владата и премиерот се однесуваат кукавички. Не беа спремни тука да дојдат и да се борат за тој став и ќе остане забележана дека исто како 1999 година Владата на ВМРО ДПМНЕ не е способна кога Република Македонија дава придонес кон регионалната стабилност, кога учествува во проекти од пошироко значење да добие нешто за себе, за своите државни интереси, за интересите на своите граѓани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, господо од Владата покрај ТВ екраните, колешки и колеги пратеници,

И јас ќе изразам длабоко разочарување од одлуката на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ да гласа за резолуцијата за признавање на Косово пред да се заврши техничката демаркација на границата и да се откаже од уставното име, од Република Македонија во комуникацијата со и по признавањето на Косово од страна на премиерот Груевски.

Дека работите не одат онака како што сакаат тука да ни прикажат е и последната одлука, не знам на кого Собранието на Република Македонија да биде опколено со припадниците на безбедносните сили, специјалната единица, кој што во голем број се околу Собранието.

Ние ја бараме претседателе на Собрание и колешки и колеги на ВМРО ДПМНЕ министерката да дојде, а место министерката 200 полицајци во специјална униформа се околу Собранието. Се плашите ли од нешто? Страв ви е за одлуката што ќе ја донесете, или вчера на координација беше доволен бројот на полицајци што ви е присутен внатре во координацијата, па мораше уште 200 луѓе надвор околу Собранието да

имате? Од кого се плашите? Од политиката на ВМРО ДПМНЕ, со години . . .

**Трајко Вељаноски:** Господине Макрадули зборуваме за амандманот, не зборуваме за ВМРО ДПМНЕ. За амандманот зборувајте ве молам.

**Јани Макрадули:** Зборуваме за амандманот, а кога не ги прифаќате амандманите и на секој наш амандман трупате нова полициска сила околу Собранието се плашам кога ќе завршам со третиот амандман што ќе се случи.

Амандманот број 3 се однесува на барање во резолуцијата, не знам дали го прочитале пратениците од ВМРО ДПМНЕ, со кој што предлагаме Владата на Република Македонија во соработка со косовските меѓународни институции да се обврза да преземе континуирани активности за заштита на посебните национални, образовни, културни права на Гораните кои живеат на територијата на Косово. Што е тука страшно. Што е тука спорно? Како Собрание донесовме резолуција за правата на Егејците, мислам дека имаме обврска како Собрание да пројавиме грижа и да ја задолжиме Владата, бидејќи тоа ни е уставна должност да ја задолжуваме Владата да се грижи и за другите заедници, малцинства кои живеат во соседните земји. Во овој случај зборуваме за Гораните кои што живеат во Косово и секако ќе ја имаме поддршката. Се надевам, ама избега некаде, се сокри, на колешката Лилјана Поповска, која што е голем поборник на тие работи. Ама, како оди времето обратно пропорционално, како се зголемува бројот на специјалци околу Собрание некои пратеници го напуштаат Собранието.

Или, амандманот сосема нормално е да бараме да се грижи, бидејќиј тоа не го бараат Амди Бајрам и другите претставници на Ромите во Македонија, да го поставиме прашањето кога Ромите кои после 1999 година останаа во Република Македонија ќе им обезбедат услови да се вратат назад. За тоа како одговорен Парламент имаме задача и не гледам зошто тоа да не стои во резолуцијата. Зошто таа грижа што ја пројавивме за другите заедници да не ја пројавиме за Гораните на Косово.

Мислам дека треба да добиеме информација, ама за жал не доаѓа никој. Седат во Владата, можеби вчера беше кажано, кој е планот, кој е договорот меѓу македонската страна и косовската страна за правата на Гораните. Која е таа политика што ја потпишал, или ја договорил министерот. Или, тој акт што ќе го потпише за половина час премиерот Груевски со одлуката да го признае Косово, кои се тие, популарен е терминот “сет на заклучоци”, кои што ќе стојат во одлуката за признавање.

Мислам дека тие прашања за жал останаа да лебдат во јавноста, пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ се откажа и од демаркацијата на границата, се откажа и од уставното име во комуникацијата со Косово, зошто да очекуваме дека ќе се грижи и за Гораните.

Јас уште еднаш да изразазм жалење што повеќе ВМРО ДПМНЕ се грижи за 3-4 луѓе Хунзи отколку за Гораните во Косово. Каков пречек им направивте на Хунзите, ама за жал кога треба да зборуваме за правата на заедниците во правата на сите наши соседни земји, а во овој случај за Гораните за жал тука сме неми, тука само аминуваме нешто наместо да го прифатиме амандманот кој што е предложен од пратеничката група на СДСМ.

Јас сум уверен дека Косово ја гради својата држава и Уставот согласно препораките на планот на Мартис Ахтисари. Заз жал тој не доби своја потврда како резолуција во Обединетите нации па да има обврзувачко дејство, но мислам дека ние имаме обврска како Собрание да пројавиме интерес и грижа за Гораните кои што живеат во Косово.

Затоа нема потреба не прифаќајки ги амандманите од СДСМ, или гласајќи за оваа препорака, или кураж што треба да му усе даде на Груевски, бидејќи очигледно го нема денеска цел ден да се трупаат за жал и да ги одвојувате од семејствата специјалците кои што апсолутно не се потребни околу Собранието.

Јас ви реков дека СДСМ не е ВМРО ДПМНЕ. Ниту ќе ве маваме со камења околу куќите каде што живеете, ниту ќе ве вадиме во униформа во затворенички ликови, ќе ве ставаме како што тоа го правевме кога беше Законот за територијална организација на Република Македонија.

Не се секирајте, различни партии сме. Останува дилемата кај вас и повеќе кај вашите гласачи. Зошто толку брзо ги менувате ставовите? Зошто во април зборувавте едно, не мора и април да одиме, од 22 септември да прочитаме што се зборуваа Милошоски, Груевски - државните македонски национални интереси ќе ги сочуваме и потоа ќе го признаеме Косово.

Се откажавте од демаркацијата целосна, на техничка демаркација на границата, се откажавте од името, ајде да се обидеме, па прифатете го овој амандман, кој што и предлага на Владата да соработува. Значи, нема да го мачиме многу премиерот, куражот што ќе му го дадеме за да го признае Косово со оваа резолуција тогаш не му е некој додатен напор и додатна мака што ќе треба да соработува со нашите соседи од Косово за да се грижи за правата на Гораните, национална образовна и културна во секој поглед како што сме изразиле загриженост во ситуацијата на нашите малцинства во соседните земји.

ВМРО ДПМНЕ не знам дали со овој амандман ќе ги надомести изгубената демаркација и откажувањето од уставното име, но има една шанса да покаже доблест да ја промени оваа резолуција во подобро за граѓаните на Република Македонија и нашите кои живеат во соседните земји. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Амди Бајрам, повелете.

**Амди Бајрам:** Бидејќи бев спомнат морав да се јавам.

Бидејќи се работи за Ромите, ги споменувате Ромите јас мислам дека во Република Македонија благодарение што Амди Бајрам е повторо во Парламентот на косовските роми кои се наоѓаат во Република Македонија, од тоа колку што беа тие се 80 до 90% сите вратени, се наоѓаат во Косово, сите на своите места. Остатокот што е останат тука, сите знаете дека минатиот пат седеа на сред граница, ни во Македонија ни во Косово, туку мојата оставка која ја дадов ги примија на привремен престој во Република Македонија. Затоа јас сум сега пратеник во парламентот, пак во Република Македонија Сојузот на Ромите во соработка со албанските партии и со сите вас во Собранието посебно ќе седнеме и ние тоа ќе го договориме, сите ќе се вратат назад. Мислам дека нема никаков проблем и не би требало да ги споменуваме Ромите од Косово затоа што тие си имаат свој претставник. Јас сум сега тука петставникот во Парламентот, има од Албанските партии претставници овде и ќе седнеме, ќе се договориме, и со ова признавање на Косово нормално ќе си дојде самото по себе, тие ќе си се вратат во своите родни и нема да има проблем.

Не би требало да ги ставаме во такви теми Ромите од Косово затоа што сега би требало сите заеднички да имаме добар соживот, да живееме нормално, гледате дека денеска на дневен ред е резолуцијата, сите заеднички ќе гласаме, сето тоа е во ред, нема потреба од провокации. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема контра реплика, за реплика се јави господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, сакам не реплика затоа што сакам со господиниот Јани Макрадули да се согласам околку неговото образложение зошто треба да го прифатиме амандманот за Република Македонија да води грижа за Горанците во Косово и ги повикувам сите пратеници да го изгласаме овој амандман.

Меѓутоа, воедно сакам да го потсетам дека 1992 година овој Парламент, парламентарното мнозинство на СКМ ПДП или подоцна СДСМ гласаше и усвои два амандмани на Уставот на Република Македонија со кои нашата држава со уставните промени се откажа од грижата за нашите национални малцинства во соседните држави. Тоа треба да се знае дека некој со уставни амандмани се откажал од грижата. Затоа треба да бидеме консеквентни секогаш да поаѓаме од тоа дали нашите ставови ги прилагодуваме спрема тоа во која позиција сме на власт или сме опозиција, дали сме во коалиција со ДУИ или не сме, така што нивните ставови околу нашето национално прашање се растегливи, околу името, па потоа имаше промена на името, на знамето, па имаше усвојување на двојна формула, па имаше усвојување на какви не предлози од Нимиц околу тоа со географска одредница Република Македонија - Скопје, па сега нешто друго итн.

Значи, треба да имаме изграден став, да ги штитиме нашите национални државни интереси и ако малцинствата се наш државен национален интерес, тоа треба да го правиме, а не со уставни амандмани да се откажеме од грижата.

Мислам дека треба да бидеме многу јасни, инаку навистина сакам да апелирам до пратениците да го прифатиме овој амандман за кој зборуваше господинот Јани Макрадули. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господиниот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Си замислувам Парламент кога човек пратеник ќе каже погрешна информација од Уставот, некако столчето да пропадне или некоја кофа вода да му падне врз глава.

Членот 49 вели дека Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на Македонскиот народ во соседните земји за иселенците од Македонија. Го помага нивниот културен развој, ги унапредува врските со нив. Тој амандман не е избришан можеби вие мислите дека е, тој е дополнет со амандманот дека Републиката при тоа нема да се меша во суверените права на други држави и во нивните внатрешни работи. Тоа ви овозможило вам да бидете во Влада која е држава со сите нишани што сме ја направиле, но тука не бегаме, прочитајте го Уставот, знам дека Деловникот го нема никој прочитано, па да бидете подготвени за дебата овде во Собранието. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господиниот Иван Стоиљковиќ, повелете.

**Иван Стоиљковиќ:** Благодарам.

Мојот дел од излагањето нема врска со дискусијата на господинот Макрадули, само еден параван за кој треба да ви соопштам две три работи.

Имено, кога станува збор за грижата за малцинствата треба да ве известам дека овде првенствена грижа Собранието на Република Македонија треба да покаже во однос на македонците кои живеат во Србија и на србите кои живеат во Македонија од аспект и во светло на најновата Одлука на Српската Влада да му откаже гостопримство на амбасадорот на Црна Гора односно да го протера од Србија.

Во светло на такви новонастанати односи грижата за малцинствата добива една сосема нова димензија, а носењето на оваа Одлука, можеби во овој момент не сакате да видите, меѓутоа времето ќе покаже трајни последици во односите помеѓу двете држави, двата народа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Многу кратко сакам да кажам, внимателно го слушав предлагачот господинот Тахир Хани и првиот дел од неговото образложение ми е многу блиско и го прифаќам во делот како треба да биде уредено Република Косово и јас посакувам сите земји во регионот да имаат демократско уредување, да имаат стандарди за заштита на правата на националните малцинства кои се пропишани во европските земји.

Меѓутоа, мислам како земја, како Парламент имаме право да се грижиме за правата на националните малцинства и тоа треба да го правиме консеквентно насекаде во сите земји, а не од дневно политички потреби да го активираме таму каде ни е потребно. Затоа првото е легитимно и уште еднаш ги повикувам пратениците, посебно од позицијата, да размислат да го прифатат овој амандман затоа што со овој амандман се покажува еден избалансиран однос, една вистинска грижа, искрен пристап кон националните малцинства кои ги имаме во сите соседни земји. Мислам дека на тоа ни даваат право сите оние дописи, сите оние барања што ги имаме од здруженијата на Гораните на Косово до овој Парламент, до македонскиот Парламент и тоа не е лицемерие, тоа е една желба навистина да покажеме дека како земја се грижиме за националните малцинства насекаде не имплицирајќи дека со тоа сметаме дека стандардите, Уставот и сето она што постои во Република Косово и се гради не соодвествуваат на европските норми. Напротив, длабоко верувам дека тие ќе одат уште понапред во тие стандарди, меѓутоа, мислиме дека е легитимно правото на македонскиот Парламент во една ваква декларација да се стави одредба која сакам да ја прочитам за да не биде таму тема и пред пратениците, меѓутоа и пред јавноста, се предлага на Владата на Република Македонија во соработка со косовските и меѓународните институции да се обврзе да преземе континуирани активности за заштита на посебните национални, образовни и културни права на Гораните кои живеат на територијата на Косово.

Мислам дека и минимална доблест во демократијата е нешто што мислам дека со консензус можеме сите да го прифатиме, да се предомисли владеачкото мнозинство и овој амандман од опозицијата да се прифати, бидејќи мислам дека само ќе биде прилог и во духот на единството што сакаме да го градиме и заедничките ставови во овој Парламент. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Излегов на говорница да ја видам можноста колку припадници од владеачкото мнозинство се заинтересирани во една сериозно конструктивна дебата ги убедиме дека токму овој амандман кој го нудиме да стане составен дел на резолуцијата што Собранието ќе му ја препорача на Владата на Република Македонија за градење на дипломатски односи со Косово.

Гледам многу малку луѓе. Не само заинтересирани за дебата, многу малку луѓе особено припадниците на ВМРО-ДПМНЕ се подготвени овде да изразат една конзистентност и една принципиелност кога се однесува на еден вака значаен документ. Ама, ќе го гласаат без око да им трепне.

Сериозно сакам самата себеси дас се убедам дека имате некој проблем зошто не го прифаќате амандманот со кој нудиме и им даваме одврзани раце на Владата на Република Македонија во соработка со косовските и меѓународните институции се обврзат, согласно Уставот, ни повеќе ни помалку, да преземаат континуирани активности за заштита на нашиот ексклузивен ентитет - Гораните што во одреден историски момент останале вон маркираните граници на Република Македонија.

Ајде колеги покажете ја вашата принципиелност како што ја покажавте на 23 август кога изгласавме резолуција за правата на македонците од Егејскиот дел на Македонија. И тогаш се потпиравте на Уставот, ама заборавивте тогаш да кажете и сега токму од позицијата како наследник на местото претседател на постојаната Анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот токму госпоѓата Мери Младеновска Ѓорѓиевска апсолутно ја иницираше ја изработи и ја поднесе пред Собранието Резолуцијата за заштита на Македонците од Егејска Македонија. Вам ви требаше неколку месеци да ја ставите, бидејќи го чекавте прагматичниот момент кога ќе можете апсолутно популистички да ја прифатите и да се чукате дека вие сте за заштита на нашите граѓани што живеат во Република Грција. Е па, дајте покажете и сега конзистентност, а бидејќи денеска говориме за резолуција за односи со Косово, ќе го прифатиме овој дел, овој наш амандман и ќе се обврземе такви резолуции да донесеме и за малцинствата кои живеат во другите наши соседни земји и во Бугарија и во Мала Преспа - Албанија и во Република Србија. Уставот не обврзува на тоа. Тука не гледам не провокација, туку гледам, за жал, хипокризија. Кога вие ќе почнете да разговарате за правата на Гораните? Кога ќе оцените дека е моментот, дека може ситно да профитирате. Тогаш? Така стана и со бившата Резолуцаја оти не дознавме зошто кога постојаната Анкетна комисија ја донесе на седница на работно тело Резолуцијата во февруари и ја поднесе до тогашниот претседател Љубиша Георгиевски, која беше причината што до август не дојде како тема на дневен ред. Собранието на 12 април се распушти, месец и нешто седеше во кабинетот на тогашниот претседател на Собранието Георievски. Можам да замислам колку бевте горди кога говоревте дека принципиелно согласно, повторно ќе кажам, Уставот вие како божем ВМРО-ДПМНЕ тогаш

откри дека постојат малцинства кои живеат надвор од границите на Република Македонија. Немавте ниту еден аргумент да не го прифатите овој амандман. Ако на Груевски му е жешка темата уставно име, ако му е жешка темата демаркација со каква температура ќе го наречете овој амандман. Бараме заштита на националните и граѓанските права на Гораните што живеат на територија на Република Косово.

Не гледам пријавени за реплика, гледам и ги почитувам колегите од владеачкото мнозинство кои ќе се срамат кога ќе притиснат против овој амандман.

Верувам колеги дека сте притиснати да не гласате согласно вашата совест инаку нема проблем бенинген е овој амандман, ама не е бенинген, туку е неопходен за да бидеме принципиелни и конзистентни и да кажеме да, ние како институција претставници на граѓаните, согласно членот 69 се грижиме за положбата и правата на припадниците на Македонскиот народ и иселениците кои живеат вон територијата на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 16 пратеници, воздржани нема, против гласаа 60 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нова точка 4 по точката 3, поднесен од пратенците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева и Никола Ќуркчиев.

Со ова заврши расправата по веќе пристигнатите, до овој момент, амандмани.

Со оглед на тоа дека претходно беше исцрпена листата на пријавени за збор по претресот по текстот на Предлогот на резолуцијата, сакам да констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на резолуцијата е завршен, пред да гласаме за процедурално се јавија госпоѓа Цветанка Иванова, господин Горан Мисовски, веројатно и Иван Стоиљковиќ само на погрешно копче притиснал, а и тој е пријавен за процедурално.

Има процедурално госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Од името на пратеничката група на СДСМ пред да побарам пауза сакам да изразам жалење што денешнава дебата во Собранието на Република Македонија наместо да ја убеди министерката за внатрешни работи да дојде овде и да ни даде одговор на многу прашања, ја предизвикавме да ја покачи подготвеноста на полицајците и да им нареди овде Собранието да биде брането, не знам од кого, од посебни полициски сили. Излезете надвор, па видете.

Мислам дека е ова удар на демократијата затоа што не знам зошто со полиција да се браните од дебата. Никого не закачуваме, никого не напаѓаме, никого не каменуваме.

Жалиме исто така што после повеќе часовна аргументирата дебата не успеавме владеачкото мнозинство да го убедиме или да ги препознае државните интереси кои се во моментот на Република Македонија и не успеавме да го убедиме да гласа барем за трите поднесени амандмани кои навистина претставуваат врвен државен интерес, а тоа е, уште еднаш да повторам демаркација на границата, гаранција од Косово за признавање на Република Македонија под уставното име и грижа за Гораните кои живеат на територијата на Косово.

Почитувни колеги пратеници, почитуван господин претседателе,

Во името на пратеничката група на СДСМ пред гласање барам пауза од половина час. Воедно очекувам дека оваа пауза од половина час ќе го предизвика премиерот да дојде овде и да го каже ставот на Владата по ова прашање, по оваа резолуција. Или ако нема храброст да дојде нека го испрати писмениот став или веќе готовата одлука која се чека да се објави по објавувањето на резултатот од гласањето на ова Собрание по резолуцијата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, но сепак би сакал да ве потсетам на еден член 81 став 2 од Деловникот каде вели: “претседателот на Собранието ја прикинува седницата по барање на координаторот на пратеничката група”. Координатор на пратеничка група во текот на денот само еднаш може да побара прекин на седница во траење од 1 час. Но, без оглед на тоа вие го искористивте еднаш барањето (галама во салата). Еднаш може да побара во траење од 1 час. Вие го искористивте тоа еднаш во траење од половина час, но сепак бидејќи ви треба за консултации, од моја страна ќе биде дадено половина час, но јас би замолил пред да дадам половина час пауза да ги сослушаме првин процедуралните забелешки од господинот Горан Мисовски и господинот Иван Стоиљковиќ и ќе биде дадена пауза од мене како претседател на Собрание, а не по барање на координатор затоа што еднаш го искористи правото на пауза.

Процедурално има господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Сакам да ја информирам јавноста, да ве потсетам вас господине претседателе, за следното.

Во текот на вчерашниот ден во 18,45 часот пратеничката група на ДУИ поднесе Предлог

резолуција за односите на Република Македонија со Косово.

**Трајко Вељаноски:** Само да ве информирам не е само пратеничката група на ДУИ, туку и од пратеничката група на ДПА е поднесена таа резолуција.

**Горан Мисовски:** Се извинувам, и од пратеничката група на ДПА, во ред.

Денес во 18 часот и 50 минути група пратеници поднесоа Предлог резолуција за решавање на спорот за името на Република Македонија. Од вас барам претседателе, како што тоа вчера го направивте во 20,11 часот и закажавте итна седница со единствена точка на дневен ред Предлог резолуција за односите на Република Македонија со Косово, да го направите истото тоа во текот на утрешниот ден, со тоа што сакам да ве потсетам на препораката која што ја дадовте на мојата процедурална забелешка. Ќе ве цитирам од стенограмот: "Во конкретниот случај предлагачите имаат барање за свикување на итна седница согласно член 68 став 2" и препораката: "И вие побарајте така согласност, јас ќе постапам согласно тоа барање". Значи очекувам дека после гласањето, во текот на тој еден час ќе ја добиеме пораката по СМС дека за утрешниот ден сме закажале седница итна со единствена точка на дневен ред Предлог на резолуција за решавање на спорот за името на Република Македонија и можеби премиерот ќе почувствува доблест да дојде на таа седница и ќе не информира или ќе ни даде информација во врска со оваа резолуција. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Нема ништо процедурално со денешнава седница.

(Пратеникот Мисовски реагира со зборовите: "Има врска").

Стенограмот не го читате до крај. Без оглед на тоа, кога ќе добијам Предлог резолуција ќе постапам соодветно.

Процедурално има збор господинот Стоиљковиќ Иван, повелете.

**Иван Стоиљковиќ:** Само накратко да се потсетиме, пред да преминеме на фазата на гласање. Се извинувам што ќе го злоупотребам времето и ваше и на другите. Иамам само една забелешка која мислам дека е мошне сериозна. Имено, прв пат го користам ова право пред гласњето да кажам неколку зборови за начинот на поднесувањето и за она што значи ова гласање.

Прва работа, ве повикувам со полна свест и совест кога ќе пристапите кон гласањето да знаете дека гласате против меѓународниот правен поредок, а меѓународниот правен поредок и организацијата на Обединетите нации и Меѓународниот суд на правдата ни се потребни затоа што спорот со иемто најверојатно таму ќе се реши.

Исто така, сакам да ве информирам дека со гласањето или со начинот на кој ќе гласате, гласате против уставното име на Република Македонија од аспект што една меѓународно призната држава ќе го повлече своето признавање кон Република Македонија под нејзиното уставно име, односно ќе предизвика сериозни последици во преговарачкиот процес во однос на уставното име на Република Македонија.

Трета работа, ве повикувам да размислите пред да пристапите кон гласање, дека со начинот на кој ќе гласате го загрозувате македонскиот бизнис интерес во Србија кој не е мал, тој е некаде околу 700 милиони долари. Ве повикувам да размислите кога ќе гласате, затоа што гласате против Македонците кои живеат во Србија.

И на крајот, морам да ви соопштам дека со начинот на кој ќе гласате во суштина ако гласате за, гласате за прекин на дипломатските односи со Србија.

Се надевам дека сите овие забелешки најдобронамерно ќе ги разгледате.

**Трајко Вељаноски:** Со оглед на тоа дека завршија процедуралните забелешки, тука ја прекинувам седницата, објавувам пауза, а ќе продолжиме со работа во 21,30 часот.

(Пауза од 20,58 до 21,37 часот)

Продолжуваме со работа.

Предлогот на резолуцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 102 пратеника. Од нив за Предлогот на резолуцијата гласаа 85 пратеници, од гласањето се воздржаа 16 пратеници, против гласаше 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Резолуцијата за односите на Република Македонија со Косово.

Дозволете ми од мое и од ваше име на граѓаните на Република Македонија да им го честитам престојниот државен празник 11 Октомври - ден на Народното востание.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 26-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

Продолжуваме со работа во понеделник во 11,00 часот со 24-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 21,39 часот)